**УНИВЕРЗИТЕТ СВ.КИРИЛ И МЕТОДИЈ - СКОПЈЕ**

**ФИЛОЗОФСКИ ФАКУЛТЕТ**

**Програма: Меѓународни односи разрешување на конфликти, дипломатија и човекови права**

**Магистерски труд на тема:**

**Улогата на жените во постконфликтно градење на мирот:**

**примерот на Република Северна Македонија**

**Изработила: Линдита Реџепи**

**Ментор: проф.д-р. Лидија Георгиева**

**септември, 2020**

*Овој труд го посветувам на татко ми Шенаси, кој за време на пишувањето на трудот беше најголемата поддршка и инспирација за да јас се посветам на работата за градење на мир. Неговата визија и воспитување беше да живееме во мир и толеранција и прифаќање на другиот без разлика на етничката, расната или религиозната припадност.*

# СОДРЖИНА


**Abstract** ........ 6

**Листа на скратеници** ........ 7

**1. Вовед** ........ 8

**2. Теоретска рамка на истражувањето** ........ 10

**2.1 Дефинирање на градењето на мир** ........ 10

Либералниот мир и одржливиот пристап кон пост конфликтното градење на мир ........ 12

Развоен пристап за градењето на мирот ........ 16

Теоретски пристапи и школи за градење на мир ........ 19

**2.2 Граѓанско општество** ........ 22

Историјат на граѓанскиот сектор ........ 23

За потребите на оваа истражување се користи следната дефиниција: ........ 26

Улогата на граѓанското општество во рамки на теориите за градењето на мир ........ 27

Пристапи при анализа на граѓанското општество и градењето на мирот ........ 28

Функционална рамка на Thania Paffenholz & Spurk ........ 29

**2.3 Жените и градењето на мир** ........ 39

Феминистички перспективи за жените и градењето на мир ........ 39

Вклучување на жените во мировните процеси ........ 42

Агенда за жените, мирот и безбедноста ........ 44

**3. Дизајн на истражувањето** ........ 48

Цели и задачи ........ 48

Хипотетичка рамка ........ 48

Методологија ........ 49

Категории за анализа ........ 52

Временска рамка ........ 52

Анализа на податоците ........ 53

Операционализација  на поими ........ 53

**4. Студија на случај Република Северна Македонија** ........ 56

**4.1 Националниот контекст и градењето на мир 2001 - 2008 година** ........ 56

**4.2 Студија на случај општина Куманово** ........ 67

Анализа на функциите на женските здруженија во Куманово период 2001 до 2008. ........ 68

Мотивација за работа кај женските организации ........ 79

Женските перспективи за имплементацијата на Охридски Рамковен Договор ........ 80

Оценување на квалитетот на мир во локалната средина ........ 80

Заклучок за Куманово ........ 80

**4.2 Студија на случај општина Тетово** ........ 84

Анализа на функциите на граѓанското општество во Тетово ........ 86

Мотивација за работа кај женските организации ........ 89

Женските перспективи за имплементацијата на Охридски Рамковен Договор ........ 89

Оценување на квалитетот на мир во локалната средина ........ 89

Заклучок за Тетово ........ 90

**5. Дискусија** ........ 91

**6. Заклучок и препораки** ........ 96

**Лични искуства и перспективи од авторот** ........ 103

**Користена Литература** ........ 106

**Прилози** ........ 109

# Abstract

The recent history demonstrate that reaching long term sustainable peace is the "goal" that many post conflict societies fails to achieve. Many peacebuilding scholars highlight the importance of inclusion of the civil society in building peace, providing space to act and contribute to the sustainable peace. Resolution 1325 of the Security Council of UN, adopted in 2000 calls for inclusion of women in the peace processes. The research has confirmed a positive relationship between inclusion of women in peace building processes and the duration of peace in the post conflict societies.

The Republic of North Macedonia engaged in a peace building process after the end of the conflict in 2001 with signing of so called Ohrid Framework Agreement. Many civil society organizations including women's organization were engaged in local communities to build trust and intercultural dialogue among local community members.

This thesis analyze the role and efficiency of women organizations at the local communities with focus on Tetovo and Kumanovo using the Analytical Functional Framework of Thania Paffenholz and Spurk. The framework describes seven roles of civil society in post conflict peace building: protection, monitoring, advocacy, facilitation, socialization, social cohesion and service delivery.

The main question this paper raises is the inclusion of women in peace process and explores the different barriers they face for post conflict peace building.

The findings suggest that women's organizations in North Macedonia during 2001-2008 were highly efficient in following functions: service delivering, socialization and building social cohesion. They were less efficient in performing monitoring, advocacy, protection and facilitation function. The country failed to connect non formal and formal peace building processes which were happening during this period.



**Key words: sustainable peace, peacebuilding, civil society, women, Analytical Functional Framework**

# Листа на скратеници

| | |
|---|---|
| **ООН** | Организација на Обединетите Нации |
| **ГО** | Граѓанско општество |
| **ОРД** | Охридски Рамковен Договор |
| **РСМ** | Република Северна Македонија |
| **СОЖМ** | Сојуз – Национален совет за родова рамноправност |
| **ОБСЕ** | Организација за безбедност и сигурност на Европа |
| **ЕУ** | Европска Унија |
| **УНХЦР** | Канцеларијата на високиот комесаријат за бегалци на Обединетите нации |
| **ОЦЕД** | Организација за економска соработка и развој |
| **УСАИД** | Американска агенција за равој, USAID |
| **КОМЗ** | Комисија за односи меѓу заедиците |
| **ФОСИМ** | Фондација за отворено општество Македонија |
| **НВО** | Невладина организација |
| **МЦМС** | Македонски центар за меѓународна соработка |
| **ОНА** | Ослободителна Народна Армија |
| | |

# 1. Вовед

Во денешно време се сведоци на модерните војни каде што најголем дел од жртвите се граѓаните, особено жените и децата. Историјата ни покажува дека не сите случени мировни договори гарантираат долготраен мир, односно процесот за изградба доверба и заедничка иднина помеѓу зафатените страни на конфликтот е долг и потребно е долгорочна визија. Жените и децата се нај погодени во конфликтите и најчесто се жртви на различно насилство, најчесто се жртви а не рамноправни партнери во процесот на градењето на мирот.

Резолуцијата 1325 на Советот на Европа ја препозна важната улога на жените во процесот на градењето на мирот, но сепак иако 20 години поминаа од нејзиното усвојување процентот на жените вклучени во мировни преговарања е многу низок. Истражувањата потврдуваат дека вклучувањето на жените во процесите на градење на мир има позитивна корелација со одржливоста на мирот и тоа со 68% веројатност (Council of Foreign Relations, 2020). Како одличен пример кој што вреди да се спомне се женските здруженија во Северна Ирска кои се соединија од двете завојувани страни со цел да ги застапуваат женските интереси на преговарачката маса тие формираа и политичка партија, лобираа за условување на мировниот договор помеѓу така наречениот Добриот Петок усвоен во 1998 година, понатаму организираа кампања со поширокото население истиот да се прифати. Нивното учество на масата за преговарање беше особено значајно бидејќи благодарение на нив како одредба на договорот беше вклучен процесот на помирување (Hancock, February 2011).

За вклучувањето на граѓанскиот сектор како партнер во процесот на градење на мир посебно ја истакнува трансформативниот пристап на конфликтите Џон Пол Ледерак кој ја истакнува улогата на локалните чинители за градење на долготраен мир. Понатаму Питер Валенстин го вклучува граѓанскиот сектор како еден од столбовите за мерењето на квалитетот и долготрајноста на мир.

Сепак многу малку е истражувано за улогата и функцијата на граѓанскиот сектор во процесот на градењето на мирот Танија Пафенхолз ја развива сеопфатната функционална рамка за анализа на функциите на граѓанскиот сектор во која дефинираат 7 главни функции на граѓанскиот сектор во процесите за градењето на мир, пред, за време и по завршување на војната/конфликтот. Граѓанскиот сектор во пост конфликтното градење на мир ги има следните функции: заштита, мониторинг, застапување, социјализација, социјална кохезија, фацилитација и испорака на услуги.

По конфликтот во 2001 во нашата земја се родија голем број на здруженија и организации особено многубројни беа тие кои работеа со жени во локално и национално ниво за подобрување на положбата на жената во општеството. И покрај тоа што граѓанскиот сектор особено женските организации не беа консултирани односно присутни на преговарачката маса тие активно и без резерва се вклучија во промоцијата на Договорот и проекти за градење на мир и доверба помеѓу граѓаните особено во местата опфатени со конфликтот. Активно работеа на градење на довербата и меѓуетничкиот дијалог во местата кои беа опфатени со конфликт особено во општина Куманово и Тетово.

Овој труд ќе ги анализира улогите и функциите на женските организации преку функционалната рамка на функции на граѓанското општество развиено од страна на Пафенхолз и Спрук. (Paffenholz, 2010). Фокус на истражувањето се здруженијата, женските лидери во Тетово и во Куманово. Главното прашање кое оваа истражување ќе го одговори е која е ефикасноста и придонесот на жените и женските организации во процесот на градењето на мир во локалната средина.

Трудот е организиран во три делови, првиот дел разгледува теоретската рамка на теориите и пристапите за градењето на мирот, улогата на граѓанскиот сектор и жените во процесите за градење на мир. Вториот дел ги разработува податоците кои се пронајдени во истражувањето и третиот дел опфаќа дискусија и препораките од авторот.

## 2. Теоретска рамка на истражувањето

Во овој дел на трудот ќе се разгледа дефинирањето и различните теоретски пристапи за следните три концепции градењето на мирот, улогата на граѓанскиот сектор и жените во градењето на мирот. На крај ќе се направи осврт на функционалната рамка за анализа на влијанието на граѓанските здруженија во локалната средина, преку која ќе се анализира улогата а женските организации и нивната ефикасност во процесот на градење на мир.

### 2.1 Дефинирање на градењето на мир

Пред да го дефинираме процесот на градење потребно е да го дефинираме конфликтот. Во литературата постојат различни дефиниции за вооружените конфликти, нивните вообичаени карактеристики се дека вооружените судири вклучуваат организирани вооружени групи, во повеќето случаи со владата како странка на конфликтот.
Вооружениот конфликт е оспорена некомпатибилност, која се однесува на владата и/или територијата каде што се применува вооружена сила меѓу две страни, од кои најмалку една е владата на државата, а резултира со најмалку 25 загинати годишно (Uppsala Conflict Data Program, n.d.).

Валенстен конфликтот го дефинира како е социјална ситуација во која има минимум два актери односно страни кои настојуваат да се здобијат во исто време со збир на лимитирани ресурси. Кога се разрешува на конструктивен начин, конфликтот може да носи позитивни резултати за индивидуите и општеството. Но сепак многу почесто конфликтот води кон насилство и деструктивност (Wallensteen, 2019).
Во теоријата постојат три фази на развој на конфликтите: пред појавување на насилството, вооружен конфликт и пост конфликтна фаза (види слика број 1).

Сепак, вооружените конфликти и војни не секогаш следат овој уреден пат, туку евлулуираат во периодични циклуси на мир и насилство.
Според фазите на развој на конфликтите постојат исто така и три фази на градењето на мир: *превентивна фаза* која има за цел превенција на конфликтот, *менаџирање на конфликтот* кој има за цел да се постигне мировен договор како и *пост конфликтната фаза* на градење на мир. Фокус на овој труд е разгледувањето на третата фаза односно градењето на мир во пост конфликтниот период откако е потпишан официјален договор за мир.




*Слика број 1. Крива на конфликт*

***Пост конфликтното градење на мир*** најчесто во литературата се објаснува како есенцијален процес во постигнувањето на долготраен мир. Зависно од која перспектива се гледа на мирот, пристапите на градењето на мир се разликуваат во однос нивните активности и временската рамка кога истите се реализираат. Терминот на градењето на мир и сличните концепти се употребуваат во истражување и во пракса преку различните разбирања и дефиниции. Дебатата за градењето на мир доби поголемо внимание со основањето на мировното истражување во 1959 како интердисциплинарна област на истражување (Wikipedia, n.d.).

Терминот за *градење на мирот* прв пат беше воведен од страна на Јохан Галтунг во 1957 година. Тој дефинираше три пристапи кон градењето на мир: миротворење (peacemaking), зачувување на мирот (peacekeeping) и пост конфликтно градење на мирот (peacebuilding). Во неговата концепција прави разлика помеѓу негативниот мир односно отсуството на насилство и позитивниот мир присуство на мир во сите нивоа на општеството. Галтунг оваа концепција ја разви врз основа на анализа на насилството (Grewal, 2003). Понатаму тој вели дека негативниот мир може да се постигне преку отстранување на физичкото насилството само преку присилно наметнување на мирот, додека позитивниот мир може да се воспостави само преку останување на структурното насилство преку пост конфликтно градење на мир и преку зачувување на мирот. Понатаму пост конфликтното градење на мир може да постигне позитивен мир преку креирање на структури и институции за мир базирани на правда,

еднаквост и соработка. Најголем дел од дефинициите и разбирањата за пост конфликтот градење на мир се базираат на овие две концепции на позитивниот и негативниот мир кои се воведени од старана на Јохан Галтунг.

Употребата на терминот пост конфликтното градење на мир се најде во Извештајот на Генералниот Секретар на ООН во 1992 со наслов *Агенда за Мир* (UN Secretary General, 1992). Предложената агенда постави нова рамка за менаџирање на меѓународните конфликти и имаше за цел да се зголеми улогата на ООН и да се зголеми бројот на операциите на ООН за присилно одржување на мирот и стабилизирање на државите по војна.
Извештајот на ООН се фокусира на стабилизирање на негативниот мир и претставува една по тесна дефиниција на пост конфликтното градење на мир, односно превенција на повторното појавување на насилството веднаш после војниот конфликт и помош на државите да воспостават параметри за започнување на патот кон градење на позитивен мир Активностите за постигнување на оваа цел се: разоружување, уништување на оружје, реинтеграција на иселениците, обука на безбедносните сили, мониторирање на избори и унапредување на заштитата на човековите права (Paffenholz, 2010).

**Либералниот мир и одржливиот пристап кон пост конфликтното градење на мир**

*Либералниот пристап кон пост конфликтното градење на мир* започна во средината на 90тите години. Концептот на градењето на мир се изедначува со концептот за градењето на државата, односно фокусот е пост конфликтното воспоставување на безбедност, демократски политички структури и економски реформи. Либералниот пристап за градење на мир вклучува и низа на практики и вредности како што е градење на капацитетите, институциите за правда и централната власт. Според овој пристап по завршување на конфликтот меѓународната заедница потребно е да овозможи минимална безбедност на граѓаните исто така и да овозможи работење на демократските структури преку легитимирање на национална власт преку одржување на избори кои се опсервирано од страна на меѓународната заедница.
Критиката на либералниот пристап дека ефикасноста за воспоставување на долготраен мир, постигнувањето на мировниот договори и нивната имплементација и постигнување на индивидуална безбедност. Њуман истакнуваа дека немањето на локален онершип и недоволните консултации со локалните актери доведуваат до прашање за легитимноста на мировните операции (Newman, Ronald, & Oliver Richmond , 2009). Најчесто сме сведоци дека најголем фокус се става на топ даун (top down) пристапот кој се фокусира на градењето на

државните институции, за разлика на ботом ап (bottom up) пристапот  кој е предводен од страна на локаната заедница, што ја проблематизира одржливоста на проектите за градење на мир.  Понатаму авторите истакнуваат дека вниманието е насочено кон реконструкција и стабилност и ги занемарува изворите за настанувањето на конфликтот што доведува и до не инклузивен процес на градење на мир или не доволно сензитивен кон контекстот.

Њуман ја предлага следната дефиниција за градењето на мирот (Newman, Ronald, & Oliver Richmond , 2009).

- Превенција на повторното појавување на насилен конфликт во општествата кои се склони на конфликти и основање на траен и само одржлив мир
- Адресирање на сите извори на конфликт
- Градење или изградување на мировни социјални институции и вредности вклучувајќи и почитување на човековите права
- Градење на институциите за владеење и воспоставување на владеење на законот

Стратегијата за градење на мирот што ја предлага Роналд Парис  ја нарекува е *Институционализација пред либерализацијата* (IBL) затоа што главната препорака е градителите за мир треба да се концентрира на градење рамка на ефективни институции пред промовирање на политичка и економска конкуренција (Paris, 2004). Според  авторот  во пост конфликтниот период потребна е политичка стабилност и воспоставување на ефективна администрација над територијата пред одржување на избори.

Според некои од овие елементи се имплементирани во меѓународните мисии започнати по 1998 година, но, како што ќе видиме подоцна, овие понови операции продолжија и понатаму ја потенцираат брзата либерализација на штета на институционализацијата и имаат последователно многу слабости.  Процесот на демократизацијата мора да вклучува, мерки насочени кон стимулирање и раст на активностите на граѓанското општество, вклучително и либерализација на печатот, промоција на слобода на здружување и правна и финансиска помош за локалните невладини организации.  Важен дел од процесот на мирот е инклузијата на жените и овозможување на услови за нивното учество во општеството (Paris, 2004).

Петер Валенстен го елаборира подетално концептот за *квалитетен мир* односно,  мирот го дефинира како основа за тоа дали се постигнати целите на мировниот процес.

Понатаму мировните процеси ги дефинира како процеси кои носат социјални, политички и економски промени во пост-конфликтото општество и го прават мирот потраен (Wallensteen

& Joshi, Understanding Quality Peace after Civil War , 2015). Понатаму вели дека истиот не само што систематски се осврнува на основните причини за вооружениот конфликт, туку исто така, решавање на проблемите предизвикани од вооружените конфликти, како што се безбедносните теми и прашањата поврзани со владеењето.

За скоро сите општества кои произлегуваат од вооружен конфликт, постигнувањето квалитетен мир може да биде многу тешка задача, бидејќи многу атрибути што претставуваат квалитетен мир е тешко да се постигнат на разумно ниво дури и по неколкугодишно решавање. Всушност, димензиите и критериумите што ги наведовме да го оцениме квалитетот на мирот можат да бидат многу тешки, дури и во општества кои не доживеале смртоносни вооружени судири. Сепак, повисокиот стандард за квалитетен мир е крајната цел, и затоа патувањето е најважно за општествата што преминуваат од војна во мир .

"Квалитетот на мир во пост конфликтните општества се базира врз тоа колку мировните договори се имплементирани, врз база на договорените механизми за ненасилно решавање на конфликтот и дозволениот простор за вршење влијание од страна на граѓанските и политичките актери". (Wallensteen & Joshi, 2015)

Петер Њаленстен воведува аналитичка рамка за разбирање на концептот на квалитетниот мир кој може да служи за евалуација на процесот на градење на мир во пост конфликтните општества. Тој ги дефинира димензии и критериуми за оценување на квалитетен мир, и вели: *Градење на мирот преку договори не само што има за цел да го избегне враќањето на војната, туку исто така се обидува:*

- Да обезбедат сигурност и безбедност
- Да развијат механизми за решавање на спорови
- Да овозможат економска реконструкција и создавање на економски можности за маргинализираните групи во општеството
- Да промовираат помирување и транзициска правда
- Да генерираат на простор за делување на граѓанскиот сектор

Граѓанскиот сектор најчесто се намалува за време на конфликтот и неговата разбота за промоција на социјална кохезија е отежната. Тој нагласува дека етничките конфликти може да придонесат кон мобилизирање на граѓански сектор. Вклучување на граѓанскиот сектор во мировните процеси донесува легимитет на локалните актери да не се чуствиваат исклучено

од процесот на мир. На локалните актери и граѓанскиот сектор потребно им е екстерна подршка во реализацијата на нивната улога, но сепак активностите и програмте на граѓанскиот сектор не треба да бидат насочени кон донаторските приоритети туку од локалните потреби. Авторот понатаму сугерира дека за успешен мировен процес потребно е да се земат во предвид двете страни на граѓанскиот сектор од една страна деструктивната страна но и да се земат во предвид и последниците на исклучување на граѓанскиот сектород мировните процеси.

Петер Валенстен ја истакнува и негативната страна на граѓанскиот сектор и вели дека доколку не се создадат услови за неговото позитивно делување може да има и негативно делување врз развојот на мирот.

Луиз Олсон 2009, надополнува дека за квалитетен мир потребно е и „безбедносна еднаквост“. Во својата суштина значи дека различните групи треба да бидат еднакво заштитени од заканите што влијаат врз нивната безбедност. (Wallensteen & Joshi, 2015, стр. 200)

Од родова перспектива, безбедносната еднаквост е особено важна затоа што, историски, жените биле систематски помалку заштитени од мажите кога некои форми на насилство беа конзистентно запоставени во разбирањето на она што претставува „мирно“ општество. Според авторот главниот проблем е дека мажите и жените искусуваат различни степени на „квалитет“ на истиот „мир“. Во суштина, аргументот е дека квалитетен мир треба да опфати поим за еднаква заштита на мажите и жените од безбедносните закани што влијаат врз нив.

***Одржливиот мир*** е атрибут на Џон Пол Ледерацх кој разви рамка базирана на разбирање на градењето на мир кој се фокусира на помирување во општествата (Lederach, 1998). Според Ледеарак градењето на мир може да се постигне преку воспоставување на структури, процеси и обука на граѓаните за долготраен мир. Повеќе детали за овој пристап е образложено под трансформативниот пристап.

Во 2015 концепцијата за градење на мир на ООН се прошири односно концептот на градењето на мир воведувајќи го концептот за *одржлив мир*, поголем фокус им се придаде на превенцијата на конфликтите а не само на пост конфликтот градење на мир.

*Одржливиот мир е пресликан и во планот за имплементација на Одржливите развојни цели Агенда 2030 на ООН* , каде што посебна една цел е посветена на промовирање на мировни и инклузивни општества (The 2030 Agenda, 2015).

Според (UN Sustainable Development Group, 2017) одржливиот мир го вклучува следното:
1. *Политички процеси* вклучително и избори; инклузивен дијалог; помирување; и креирање на капацитети за управување со конфликти на национално и локално ниво;
2. *Сигурност и безбедност* разоружување, демобилизација и реинтеграција; и реформи на безбедносниот сектор;
3. *Владеење на правото и заштита на човековите права* транзициска правда, родова еднаквост; заштита на цивилите и бегалците, почитување на меѓународното хуманитарно право и волонтери, обезбедување на трајни решенија за внатрешно раселените лица и бегалците;
4. Обезбедување на социјални услуги, здравство и образование, вклучително и за ранливите групи, како што се жртви на насилство, внатрешно раселени лица и бегалци;
5. Транспарентно владење на национално, регионално и локално ниво, вклучително и одговорност и антикорупција; и
6. Економска ревитализација и вработување.

Според ООН Примарната улога за одржлив мир е на националните влади и авторитети, локалните и регионалните власти на државата. Многу важен аспект е процесот да биде инклузивен односно да се вклучат сите сегменти на општеството, особено значајни се жените, младите и граѓанскиот сектор. Ова се однесува на сите аспекти на одржување на мирот, нејзините различни фази и за различни групи, спротивставени страни, раселени лица и маргинализирани групи. Самите луѓе треба да бидат препознаени како агенти на мирот и потребно е зајакнување на нивните капацитети за делување на локално ниво.

**Развоен пристап за градењето на мирот**

*Развојниот пристап* започна во текот на 90тите години по трагичните настани и војните во Руанда, Босна и Херцеговина и др. Според Пафенхолз вклучувањето на агенциите за развој во дискурсот на градењето на мир направи неколку импликации и тоа: пристапите и алатките за градење на мир како на пример рамките за анализа на конфликтите беа пренесени во оваа област (Paffenholz, 2010). Актерите од развојните агенции нивните фондови ги фокусираа директно на градењето на мир, што продонесе и вклучување на нови актери како што е

невладиниот сектор кој ја професионализираше и комерцијализираше мировната работа. И третната импликација проширување н а разбирањето на концптот на градење на мир и временската рамка.

Дискусија која што се води помеѓу теоретирачите особено во денешно време е колку процесот на градење на мир треба да биде предводен од страна на меѓународната организација или сили или потребно е само тие да го фацилитираат процесот и остават на локалните актери сами да пронајдат решеније и работат кон градењето на мир. Конинг градењето на мирот го објаснува преку таканаречената теорија на комплексот, вели дека процесот не е линеарен и е потребно е холистичен пристап. Меѓународните организации кои се вклучени во градење на мир нивните напори потребно е да ги фокусираат на стимулирање, фацилитација и креирање на простор општестото да развие своите капацитети и само да се организира во процесот на градење на одржлив мир (Coning, 2016).

Според авторот најдобро е да се зајакнат локалните капацитети за долготрајно и взаемно да се решат конфликтите, односно и враќање на некои традиционални пристапи кои на популацијата им се познати како локални медијатори, религионзи лидери, неформални лидери од локалната средина кои учествуваат како медијатори за разрешување на конфликтите.

ОЦЕД процесот на градење на мир го дефинира како следно: градењето на мир вклучува активности кои имаат за цел социо економски развој, добро владеење, реформи во безбедност и институциите за правда и процесите за помирување. (Sara Batmanglich, 2018)

ООН и Светска Банка Патеки за мир, инклузивни пристапи за превенција на конфликтите е најновото истражување спроведено од страна на ООН и Светска Банка во период од 2016 до 2017. Клучните препораки кои беа извлечени во оваа истражување насочуваат кон важната улога на локалните власти и нивна улога во градењето на мирот, сите актери вклучувајќи и меѓународните потребно е да ги усогласат инструментите за превенција на конфликтите. Државите потребно е да работат кон креирањето на по инклузивни општества и елиминација на нееднаквоста и сиромаштијата.

Инклузивно донесување на одлуки е основа за одржување на мир во сите ниво а тоа се прави преку усвојување на политики кои ги адресираат економските, социјалните и политичките аспирации. Зајакнување на учество на младите како и на граѓанскиот сектор, движења, мрежи е круцијално. Значајното учество на жените во сите аспекти на мирот и безбедноста се

критични за ефикасност во процесите на градењето на мир како и имаат директен импакт во одржливоста на постигнатите мировни договори. (World Bank & UN, 2018)

Истражувањето ја потврдува важноста за вклучување на жените и младите во процесите за градењето на мир и одржување на истиот. Новиот пристап кон градењето на мир односно одржлив мир бара поголемо вклучување на жените во процесот на градење на мир  во сите фази, а особено значајна улога ја спомнува превенцијата.

Во мерките за градење на доверба ОБСЕ пристапот ја истакнуваат локалната димензија како значајна за градењето на одржлив мир. Во градењето публикацијата Добрите практики и научените лекции во Југо Источна Европа (OSCE, 2016), се надведуваат различни пристапи кои во практиката имале позитивно влијание врз градењето на доверба помеѓу локалните граѓани и институциите.  Според овој извештај програмските активности на ОСБЕ во градењето на мир се фокусирани во следните програмски тематики:

- Градење н институциите
- Безбедни заедници односно  локални форуми
- Образование
- Реформи во избирачкиот процес
- Помирување
- Различност
- Контактите лице в лице помеѓу луѓето

Фондацијата Бергхоф е една од водечките  германски организации за радење на мир во Германија, за градење на мир  потребно е да се  артикулира јасна визија за мир која е базирана врз реалноста и локалните услови на опшеството (Berghof Foundation , 2019).
Градењето на мирот има за цел да одржи позитивен мир, не е таков алатка за брза реакција, но долгорочен процес на тековна работа за сите друштва во следниве три димензии:

- Првата димезија е *отранување на структурните неправди* се смета за суштинско значење за траен мир. Важни елементи се зајакнување на институциите и промоција на демократијата,  реформи на структурите што го репродуцираат конфликт (д. г. образовниот систем), економски и одржлив развој, социјална правда и човекови права, зајакнување на граѓанското општество и слободни медиуми.
- Втора, *подобрувањето на односите меѓу конфликтните страни* е важен дел градењето на мирот за да се намалат ефектите од непријателството поврзано со

војните и ја наруши комуникацијата меѓу конфликтните страни. Програми за помирување, градење доверба и справување со нив минатото има за цел да ги трансформира оштетените односи. Тие се занимаваат со нематеријалните ефекти од насилен конфликт.

- *Промената на индивидуалните ставови и однесување* е трета димензија на градење на мирот. Тоа значи зајакнување на индивидуата мировни капацитети, рушење на стереотипи, зајакнување порано обесправени групи и исцелување траума и психолошки рани на војната. Една често користена мерка за зајакнување индивидуалните мировни капацитети ги обучуваат луѓето во ненасилна акција и решавање на конфликти.

**Теоретски пристапи и школи за градење на мир**

Во теоријата за истражувањето за мирот се разликуваат четири школи, секоја од нив се разликува според терминологијата која ја користи, концептуализацијаа, пристапот и актерите. Секоја од овие школи има различно влијание врз развојот на градењето на мир во пракса.

*Школа за менаџирање на конфликти*

Овој пристап кон разрешување на конфликтите е употребата на дипломатските иницијативи за завршување на војните. Претставува една од нај старите школи и има блиска поврзаност со институционализација на градењето на мирот во меѓународното право. Фокусот на овој пристап е постигнување на договор односно надворешни дипломати од билатерални или мултилатерални организации. Целта е да се соберат лидерите на страните во конфликт на една иста маса. Целта е краткорочна односно краткорочно решавање на конфликтот. Една од критиките од Џон Пол Ледерак кон оваа школа е дека фокусот е само на високото ниво односно работата со лидерите кои најчесто не гарантира одржлив мир. Во последно време овој пристап кон разрешување на конфликти го прошири својот фокус не само за постигнување на договор туку и креирање на услови за неговото успешна имплементација во пост конфликтното градење на мир.

*Школа за разрешување на конфликти*

Пристапот на оваа школа е да се разрешат причините за настанување на конфликтот и да се обноват уништените односи помеѓу страните во конфликтот. Според овој пристап односите не треба да бидат изградени само со лидерите на конфликтните страни туку и во целото

општество. Најчести пристапи од оваа школа се организирање на работилници за разрешување на конфликти во кои конфликтите страни работат заедно и може да влијаат врз нивните лидери. Целта на ваквите работилници се да се обноват односите помеѓу претставниците на различните конфликтни страни и да работат заедно да ги разрешат причините за настанувањето на конфликтот.

Една од најчестите критики за оваа школа е дека подобрувањето на односите помеѓу страните во конфликт не гарантира и постигнување на мировен договор, промените може да настанат само на индивидуално ниво а да нема влијание врз мировниот процес.

*Комплементарна школа*

Оваа школа се фокусира на комплементарноста помеѓу школата за менаџирање на конфликтите и за разрешување на конфликтите. Фокусот на оваа школа е комбинација помеѓу топ даун и ботом уп пристапите. Оваа школа разликува различни пристапи зависно од фазите во развојот на конфликтот. Во фаза на рана ескалација потребно е пристап кон разрешување на конфликтот, додека пак кога веќе ескалирал потребно е да се употреби пристапот за менаџирање на конфликтот.

Критиките за оваа школа назначуваат дека разликува различни видови на интервенции кои се случуваат во исто време, не доволно ги објаснува предизвиците и проблемите кои може да настанат за координација.

*Школа за трансформација на конфликти*

Според овој пристап разрешувањето на конфликтите треба да се замени со трансформација на конфликтите, според школата конфликтите не се решаваат туку се трансформираат. Јон Паул Ледерак развива првиот детален трансформативен пристап за градење на мир (Lederach, 1998). Неговиот пристап се фокусира на градењето на долгорочна инфраструктура за мир преку процесот на помирување и градењето на доверба помеѓу опфатените страни. Најголемиот придонес на оваа школа е промената на фокусот од меѓународните актери кон локалните актери.

Тој ја истакнува потребата за зајакнување на релациите помеѓу страните вклучени во конфликт, дава фокус на помирување и зајакнување на потенцијалот на општеството за градење на мир. Интервенцијата од трета страна треба да се фокусира на поддршка на конфликтните страни и координирање на напорите за градење на мир однадвор. Тој истакнува дека многу е важно да се има сензитивен пристап кон локалната култура и потребно

е да се има долгорочна цел и поставена временска рамка. Во својот пристап Ледерак општеството го дели во три нивоа на актери, високо, средно и ниско, каде што значајна улога во градењето на мирот им ја дава на средното ниво кои ги наречува како медијатори помеѓу двата нивоа.




Слика број 2.

Актери и нивоа на градење на одржлив мир според John Paul Lederach, *Building Peace: Sustainable Reconciliation in Divided Societies* (Washington, D.C: United States Institute of Peace Press, 1997) 39,

Според Ледерак да се утврди кој е соодветниот пристап за градење мир, мора да се разбере нивото на делување на различните актери. Тој разликува три нивоа на актери и тоа: 1) Високо ниво односно врвна елита, 2) средно ниво и 3) основно или грасрут ниво.

- ***Високо ниво*** се однесува на елитното раководство на највисоко ниво ги опфаќа клучните политички, воени и верски водачи во конфликтот, видни и познати лица. Најчесто овие актери поседуваат висока моќ и влијание. Овие актери се најчесто вклучени во мировните процеси како што се преговарање, одлучување на највисоко државно ниво.
- ***Средното ниво*** *на лидери* ги опфаќа национални граѓански организации, академци, лидери од различни сектори, хуманитарни организации и други форми на организирање кои директно не се поврзани со формални владини или големи опозициски движења. Овие актери од среден опсег се далеку побројни од лидерите на највисоко ниво, вклучуваат лидери во области, како што се образованието, бизнисот, земјоделството и здравството и др. Тие служат како клучна врска помеѓу највисокото ниво и нивоата на грасрут (grassroots). На оваа ниво спаѓаат и граѓанските здруженија кои имаат важна улога во процесот на градење на доверба во заедницата.
- ***Ниското ниво*** ги вклучува сите претставници на формални и неформални граѓански групи, челнови на локалната заедница, активисти и дрг. Бидејќи локалните заедници честопати се поделени во непријателски групи, овие претставници најчесто се соочуваат со длабоко вкоренетата омраза и анимозитет поврзани со конфликтот. Оваа група на лидери најчесто се соочува со социјална и економска несигурност, политичка дискриминација и кршење на човековите права предизвикани од настанатиот конфликт.

Според Ледерак градењето на мир потребно е да биде предводено од страна на мнозинството, односно од средното ниво кое што ќе соработува со останатите два нивоа. Во средното ниво спаѓаат граѓанските здруженија кои имаат значајна улога да фацилитираат дијалог, работат со граѓаните и политичарите за процеси за помирување, градење на доверба и мир. Ефикасното делување на граѓанскиот сектор доведува до подолготраен и одржлив мир. Школата за трансформирање на конфликти до сега нема добиено некои конкретни критики, туку напротив стана водечки теоретски пристап во истражувањата.

Во горенаведениот текст направивме едно сумирање на теоретските пристапи за дефинирање на процесот на градење на мир. Либералниот мир е најмногу присутен во теоријата и адаптиран од страна на практичарите на градењето на мирот. Овој пристап истакнува важноста за градење на капацитетите на институциите и законодавството.

## 2.2 Граѓанско општество

*За одржлив мир потребно е градење на институциите, економски развој и развиено граѓанско општество* (Fischer, 2006)

Учеството на граѓаните во процесите за донесување на одлуки најчесто се смета како услов на функционирање на демократијата. Граѓанското општество како посебна институција доби особено значајност со својата улога на посредување на учеството на граѓаните во донесувањето на одлуки кои не се однесуваат само на генералните општи избори. Оттука, граѓанското општество го сметаат многу истражувачи и практичари како основен столб на демократијата, цел на многу пост конфликти држави.

Најчесто граѓанскиот сектор се дефинира како волонтерски, колективна акција за заеднички интереси, цели и вредности кои се насочени за јавното добро.

**Историјат на граѓанскиот сектор**

Концептот за граѓанското општество низ историјата различно е дефинирано. Во XVII век концептот најчесто е по истоветен со државата, во втората половина од истиот век добива друга концепција и се дефинира граѓанското општество е ориентиран кон државата но истовремено дејствува како ограничувач на овластувањата дури и се спротивставува.

Понатаму, Џон Лок истакнува граѓанското општество треба да биде поделен од државата и главната задача е заштита на граѓаните односно на нивните права за сопственост.

Charles Montesquieu (1689-1755) слично на Лок прави разлика помеѓу политичкото општество кој ги регулира граѓаните и државата, и граѓанското општество кој ги регулира односите помеѓу граѓаните, и потребно е да се воспостави баланс помеѓу централната власт и социјалните мрежи, истакнува дека централната власт се регулира со владеење на правото.

G.W. Friedrich Hegel (1770 – 1831) граѓанското општество го гледа како продукт на економската модернизација и предводена од буржоаскита економија, истата ја позиционира помеѓу државата и семејството. Граѓанското општество потребно е да се контролира од страна на јака држава која потребно е да работи кон универзални интереси на популацијата.

Karl Marx (1818-1883) за разлика од Хегел граѓанското општество го дефинира како база за доминирање на капиталистичкиот модел, регулирајќи ја државата и истата потребно е да биде со доминантна класа.

Alexander de Tocqueville (1805-1859) фокусот го става на улогата на независните асоцијации како граѓански организации De la Democratie en Amérique. Тој асоцијациите ги дефинираше како школи за демократија со демократско размислување, ставови и однесувања кои се научени и кои имаат за цел заштита на човековите права против авторитарни режими. Според него тие треба да бидат волонтерски и да ги опфатат сите нивоа локално, регионално и национално.

Antonio Gramsci (1891-1937) граѓанското општество го објаснува преку теоријата на Марксизмот. Според него граѓанското општество е составен од различни организации и идеологии кои заедно го предизвикуваат и поддржуваат постоечкиот ред.
Кеане 1988 ја модернизираше идејата за граѓанското општество и вели дека поделеноста на граѓанското општество од државата првенствено е политички развој а не економски.

Модерното разбирање на граѓанското општество во себе подеднакво ги опфаќа либералната теорија за слобода на организација на поединците во општеството, но и сродните теории, како што се критичката и либерал-егалитарната теорија. Притоа се опфаќаат зоните на преклопување на граѓанското општество со државата, политичката сфера, бизнис заедницата и сл (Стојановски, 2018).

Според Еверст и Левил, прочитано во (Paffenholz, Civil Society and Peacebuilding - a critical assessment, 2010, стр. 100) моделот на општествена организација е составен од три сфери - држава, пазар и локална заедница. Меѓу нив е лоциран граѓанскиот односно не профитниот сектор.




Слика број 3. Дефинирање на граѓанското општество

Граѓанското општеството е посебен сектор на делување составен е од различни волонтерски организации и асоцијации кои имаат различни цели, интереси и идеологии. Најчесто тие се натпреваруваат едни со други. Тие работат за јавното добро и се независни тела.

Оваа изјава Светскиот Економски Форум (World Economic Forum, 2013), ја полемизира и во нивната последна публикација наведуваат дека улогата на граѓанскот сектор се менува.

Потребно е нова парадигма во функционирањето на граѓанското општество, односно поврзаноста и делувањето на граѓанското општество да се зголеми со економската сфера на пример: создавање на бизниси со социјални цели, и граѓанското општество како актери во маркетот. Улогите на граѓанскиот сектор се преплетуваат и заматуваат, потребно е да се признае дека општествените предизвици не можат да се одговорот без колаборативна рамка на граѓанското општество, базниот, владата и меѓународните организации (World Economic Forum, 2013, стр. 9).

Спрук прави едно сумирање на структурата и позицијата на граѓанското општество со следното дефинирање (Paffenholz, 2010):

- Граѓанското општество е посебен сектор, составен е од различни организации и асоцијации кои имаат различни цели, интереси и идеологии, начесто тие се во меѓусебна компетиција. Тие се независни, организирани структури кои се во интеракција со јавната сфера.
- Граѓанските организации се разликуваат и од државата (државните институции, бирократијата, администрацијата и др.) и од политичката сфера (политичките партии и легислативата), базирано на фактите дека граѓанскиот сектор доставува барања до државата. Граѓанското општество е формално и легално независно од државата и политичкото општество, но е во интеракција во државата, политичкиот и економскиот сектор.
- Граѓанското општество се разликува од економскиот и бизнис секторот како и од приватниот односно од семејството. Секторите може да се влијаат меѓусебно, сепак граѓанското општество е меѓу секторски простор помеѓу државата, бизнисот и семејството, прикажано на слика бр.
- Во однос на тоа кој учествува во граѓанското општество, најчесто се само здруженија и социјални движења.

Граѓанското општество најчесто е составен од не државни актери и здруженија кои се автономно организирани имаат граѓански вредности и се во интеракција со јавната сфера.
Светскиот Економски Форум ги дефинира следните категории на актери од граѓанското општество (World Economic Forum, 2013):

- Не профитни организации и граѓански здруженија кои имаат организирана структура и активност, официјално регистрирани како правно тело

- Онлајин групи и активности вклучувајќи групи на социјалните медиуми кои може да се организираат ако е потребно физички или во легални структури
- Социјални движења за колективна акција или идентитет, онлајн или физичко присуство
- Религиозни лидери, заедници, верски здруженија
- Специјални групи на интерес на пример професионални здруженија на наставници, синдикати, земјоделци и новинари, здруженија на ветерани, здруженија на жени и
- Грасрут здруженија и активности на локално ниво

Мајкл Едвардс прочитано во (Стојановски, 2018, стр. 38-40) создаде структура на значењето на граѓанското општество тој елаборира три главни улоги:

1. **Граѓанското општество како асоцијативен живот**. Асоцијативниот карактер на граѓанското општество, како мрежа на организации и здруженија, се врзува со функцијата на артикулирање и канализирање на интересот на граѓаните преку создадените општествени мрежи на волонтерска основа.
2. **Граѓанското општество како етички поредок**. Вредностите на овој посакуван поредок ги вклучуваат: акомодацијата на разликите, толеранцијата, недискриминацијата, ненасилство, доверба и соработка, како и слободата како темелна вредност.
3. **Граѓанското општество како јавна сфера**. Според ова гледиште граѓанското општество е сфера чија функција е да обезбеди амбиент во кој би функционирал концепт на јавност која се грижи за општото добро и има капацитет да разменува мислења во демократски контекст.

Светска Банка прочитано во (World Economic Forum, 2013, стр. 8) граѓанското општество го дефинира како широк распон на не владини и не профитни здруженија кои учествуваат во јасноста претставувајќи ги интересите вредностите на нивните членови, базирани на етички, културни, политички, религиозни или филантропски вредности.

**За потребите на оваа истражување се користи следната дефиниција:**

Граѓанското општество се основа на волонтерска основа, се состои од колективни акции кои се од институционална природа и истите имаат заеднички интереси, цели и вредности и кои се различни од тие на државата, семејството и на пазарот.

Граѓанското општество најчесто е составен од не државни актери и здруженија кои се автономно организирани имаат граѓански вредности и се во интеракција со јавната сфера.

**Улогата на граѓанското општество во рамки на теориите за градењето на мир**

Граѓанскиот сектор игра важна улога во процесите на градење на мир, во пост конфликтните состојби голем акцент на меѓународните развојни агенции ставаат на градењето и зајакнувањето на граѓанскиот сектор. Во таквите средини граѓанскиот сектор најчесто се претпоставува дека игра значајна улога во намалувањето на насилството, создавање на услови за градење на одржлив мир. Сепак во истражувачкото поле постојат многу мал број на истражувања кои ја анализираат улогата на граѓанскиот сектор во градењето на мирот.

Во школите за менаџирање на конфликтите граѓанското општество има ограничена улога и најчесто прашањата кои не се поврзани со државата се игнорирани. Граѓанското општество многу малку е присутен во масите за преговарање, истражувањата покажуваат дека има позитивна корелација со учеството на граѓанските организации со постигнувањето на мировните договори и одржливоста на мировните договор, примерот со мировниот процес во Северна Ирска.

Граѓанските организации се главните протагонисти во школата за трансформација на конфликти. Најчесто се гледаат како главен актер за постигнување на позитивен мир, и се предава важна улога во процесот на градење на доверба и долготраен мир во локалното ниво. Ботом ап пристапите му предаваат особена значајност на граѓанскиот сектор, граѓанскиот сектор го извојува како еден важен елемент за мерење на квалитетниот мир (Wallensteen & Joshi, 2015).

Во пост конфликтните состојби најчесто граѓанскиот сектор е намален, најчесто просторот за делување се намалува, организациите немаат доволно капацитети за самостојно делување. Фокус на меѓународните развојни агенции е развојот граѓанското општество, развој на капацитети ефикасно да се вклучи во реализација на својата функција, што најчесто наведува кон развој на граѓански сектор од надвор насочен кон приоритетите на донаторските организации кои најчесто ги презентираат и националните интереси на државите кои ги претставуваат.

**Пристапи при анализа на граѓанското општество и градењето на мирот**

Во литературата се среќаваат два пристапи за анализа на улогата на граѓанското општество во процесот на градењето на мир, анализа насочена кон актерите и функционална рамка. Пристапите фокусирани кон актерите најчесто се фокусираат на изведбите и карактеристиките на актерите.

За емпириските истражувања нај погоден е функционалниот пристап за анализа на функциите кои граѓанските организации ги имаат во општеството.

*Функционален модел* на Меркел и Лутх прочитано во (Paffenholz, Civil Society and Peacebuilding - a critical assessment, 2010, стр. 210) нудат модел на пет функции кои граѓанското општество ги има во релација со демократијата и нивната улога во различни регионални, култури контексти или социјални услови.

1. **Заштита** граѓанското општество припаѓа на социјалната сфера каде што граѓаните имаат свои права и слобода на здружување вез мешање на државата. Државата треба да ја заштити приватната сфера, задачата на граѓанското општество е да ја потсети државата или пак доколку е потребно да ја обврзи тоа да го направи.
2. **Медијација помеѓу граѓаните и државата** Граѓанското општество треба да осигура еден баланс помеѓу централната власт и социјалните мрежи. Балансот е потребен за како предуслов за зачувување на правото.
3. **Партиципативна социјализација** оваа функција потенцира дека граѓанските организации и здруженија се школи за демократија. Луѓето учат како да ги извршуваат нивните демократски права, да бидат активни граѓани, да учествуваат во јавниот живот, развојот на доверба, солидарност и да влијаат на одбрана доколку слободата е загрозена.
4. **Градење на заедницата и интеграција** учеството на индивидуите со социјални организации помага во креирањето на граѓански вредности, поткинува социјална кохезија и ги задоволува потребите на индивидуите за поврзаност и припадност.
5. **Комуникација**. Јавната комуникација е една од најглавните функции на граѓанското општество во демократија. Ја истакнува потребата за јавен слободен простор кој е оделен од државата и економијата каде што луѓето имаат простор за дебата, партиципација и учество во демократското донесување на одлуки. Граѓанското општество потребно е да има улога на чувар (watchdog).

Актерите на групите, организациите и граѓанските движења потребно е да ги сознаат и артикулираат проблемите и истите да ги пренесат во приватната сфера на политичката агенда.

*Функции од развојна перспектива*

Донаторските агенции најчесто улогата на граѓанските организации ја гледаат во испораката на услуги со цел да се подобрат условите за живот.  Важно е да се напомене дека граѓанското општество  се дека како позитивна струја во дискурсот на развој. Според Светска Банка граѓанските организации имаат улога за мониторирање на државните активности, за одржување на институциите да бидат отчетност и транспарентност. Многу донаторски организации влијаат врз мобилизација и развој на граѓанскиот сектор во локалните средини, диктирајќи ја и нивната улога  и фокус.

**Функционална рамка на Thania Paffenholz & Spurk**

Оваа рамка е поставена врз теориите за демократија, развој и градењето на мир развиена од страна на Thania Paffenholz & Spurk преку нивната емпириска [1].  Разликува  седум функции на граѓанскиот сектор кои имаат различно влијание во различни фази на конфликтот.
Функции на граѓанското општество во градењето на мир.




*Слика број. 3* Седум фунции на граѓанското општество во градењето на мир според Пеффанхолз и Спрук  (Civil Society and Peacebuilding - a critical assessment, 2010 page.150)

[1] Центарот за конфликти, развој и градење на мир спроведе компаративно истражување  со време траење од три години и анализа на 13 студии на случај, под водство на Thania Paffenholz.  Истражувањето разви една детална и сеопфатна рамка за  анализа на релевантноста и на ефективноста на улогата на граѓанскиот сектор во процесот на градењето на мир. Емпириски се идентификувани 7 функции на граѓанскиот сектор.

**Функција 1. Заштитата**

Иако генерално е познато дека основната функција на државата, заштита на популацијата и заедниците од државата е основната функција на граѓанските здруженија. За време и по вооружен конфликт заштитата станува како предуслов за исполнување на другите улоги и функции. Главни активности во рамки на оваа функција се:

- Креирање на мировни зони
- Заштита на населението од било кое насилство од државни или не државни актери
- Заштита на правата за сопственост на раселените лица
- Иницијативи за зачувување на безбедноста на граѓаните промоција на разоружување, интеграција на поранешните борци и др.

Оваа функција е особено значајна за време на конфликтот и по неговото завршување овозможува реализација на другите функции. Најчесто оваа функција се извршува од страна на меѓународните организации во соработка со локалните здруженија и не формални лидери.

**Функција 2. Мониторирање**

Мониторирање е предуслов за заштита и лобирање, исто така мониторинг има клучна улога во демократизацијата односно значи да се одржи отчетна влада. Во рамки на пост конфликтното градење на мир, мониторинг останува тесно поврзано со заштитата, лобирањето и раното предупредување како алатки за акција. Меѓународните и локалните групи ги следат и набљудуваат конфликтните ситуации и даваат препораки за лидерите кои одлучуваат но исто така пренесуваат информации до групите за човекови права и други групи за лобирање.

Главните активности кои се поврзани со функцијата за мониторирање е креирањето на системи за рано предупредување и известување за прекршување на човековите права. Во двете ситуации сведоци сме дека има зголемена соработка помеѓу локалните групи и надворешните страни, не само на националните и меѓународните граѓански здруженија туку и со регионалните организации.

Други видови на активности се однесуваат на мониторирање на имплементацијата на мировните договори.

Улогата на мониторирање може да ја преземат национални и меѓународни организации, но сепак првенствено е за националните граѓански здруженија.

**Функција 3. Застапување**

Застапувањето е главна функција на демократскиот дискурс, често пати се споменува и како комуникација, која вклучува граѓанските здруженија да промовираат релевантни социјални и политики теми во јавната агенда.  Застапувањето се третира како една од главните функции на пост конфликтното градење на мир според (Paffenholz, 2010).

Главните активности во рами на оваа функција се:

- Вклучување на локалните актери во креирањето на агендата за мир
- Лобирање за вклучување на граѓанскиот сектор во процесот на преговарање како и во креирање на јавен притисок на пример масовна мобилизација за започнување на мировни преговори или против започнувањето на војната
- Застапување на интересите на жените, учество на преговарачката маса, за преземање на родово сензитивни одредби на мировните договори и др.
- Застапувањето за одредени проблеми произлезени од конфликтот на пример децата војници, насилството врз жените,  заштита на минирани зони и др.

Авторот разликува два типа на застапување и тоа:

- *Не формално застапување* кога актерите од граѓанскиот сектор комуницираат приватно односно засегнатите проблеми ги донесуваат директно во агендата на преговарање,  преку неформални дијалози, дипломатски канали или пак политички елити.
- *Јавното застапување*, односно кога фокус на застапување е јавноста каде што барањата  се јавни и се доставуваат до засегнатите страни.

Влијанието на иницијативите за застапување се зголемува кога организациите знаат како да организираат  кампањи,  иницијативи  за мониторирање и како да ги вклучат медиумите за поддршка на нивната кауза.

Истражувањата наведуваат дека функцијата за застапување е релевантна во сите фази на конфликтот.  Сепак различни проблеми може да бидат помалку или повеле важни во различните временски периоди. На пример за време на конфликтот граѓанскиот сектор може да лобира за постигнување на мировен договор, против насилството и не почитување на човековите права и др.  Граѓанскиот сектор може да  биде вклучен во официјалните преговори преку организирање на информативни кампањи, истражувања на јавното мислење или друг вид на вклучување. На пример граѓанските организации во Северна Ирска организираа  успешна  кампања YES to peace agreement, Кажи ДА на мировниот договор,  со

цел да се поддржи мировниот договор така наречен Добриот петок постигнат во 1998 година и референдумот за постигнување на мир биде успешен. (Hancock, February 2011)

Во пост конфликтната фаза, граѓанскиот сектор може да лобира за намалување на насилството, за правилна имплементација на мировниот договор, за важни теми во пост конфликтниот период и агенда, за градење на култура за мир во општеството и др.

**Функција 4. Интра групна Социјализација**

Социјализацијата е главна функција на граѓанското општество која подржува демократско однесување и промовира демократски вредности и ставови во едно општество. Една од одликите на демократијата е активното граѓанство, односно учеството или членувањето во здруженија, мрежи или движења. Активното граѓанство е особено важно во контекстот на градењето на мир има за цел градење на култура на мир особено во поделени општества. Крајната цел е да се промовира промени во рамки на самото општество кое што ќе развие мировно разрешување на конфликти и помирување. Оваа функција е особено важна за надминување на стереотипите, предрасудите помеѓу завојуваните страни и воспоставување на здрава основа за процесите за помирување и градење на доверба.

Авторите разликуваат два вида на социјализација:

- *Култура на мир* активностите се насочени кон градење на култура на мир и конструктивно разрешување на конфликти во рамки на една група или во по широкото општество како на пример: едукативна работилница за трансформирање на конфликти со различни етнички групи или пак понудена само на една етничка заедница. Ваквиот тип на активности многу често е финансиран од страна на донаторските организации.
- Социјализација која има за цел градење или консолидирање на интер групниот идентитет кој има за цел да го зајакне идентитетот на одредена заедница која најчесто е маргинализирана група во асиметрични конфликти. Важен дел е да се анализира дали групата работи во зајакнување на идентитетот против другите групи или пак за социјализација на одредени типови на однесување кои не претставуваат закана за другите групи. Друг важен аспект е како овие групи се перципирани од страна на другите групи. Особено значајно е охрабрувањето и работаат со жените опфатени во конфликт, жените

борци, жените жртви на семејно насилство или сексуално насилство од конфликтот.

**Фунцкија 5. Интер групна Социјална кохезија**

Оваа е есенцијална функција на граѓанскиот сектор која што осигурува градење на заедницата. Функцијата за градење на така наречен добар *социјален капитал* најчесто за време на војната се уништува и е потребно да се да се изгради со цел да се реконструира довербата и да се превенира повторната појава на насилство.

Авторите идентификуваат три вида на активности за социјална кохезија:

- Кохезија насочена кон воспоставување на релации за мир. Овие активности имаат за цел да ги соберат заедно претставниците на поранешните конфликтни страни и да формираат релации кои имаат за цел мировно однесување.
- Кохезија насочена на кон постигнување на одреден резултат. Овој вид на активности има за цел да ги собере претставниците од различните конфликтни или поранешни конфликтни страни да се оди подалеку од самото воспоставување на релации, да се поттикнат да постигнат некој заеднички договорен резултат на пример иницијатива за градење на мир.
- Кохезија насочена кон развој на резултати во бизнисот. Овие активности имаат за цел да ги поттикнат различните поранешни конфликтни страни да работат заеднички да имаат други цели освен постигнувањето на мир.

Истражувањата наведуваат дека промената на ставовите е полесна отколку на однесувањето. Според студиите, иницијативите кои промовираат и поттикнуваат заеднички иницијативи се возможни и без да се променат ставовите што укажуваат дека последните две или кохезија која е насочена кон резултат е по ефективна од другите видови.

**Функција 6. Фацилитација**

На граѓанскиот сектор најчесто и се препишува улогата на медијатор помеѓу граѓаните и државата. Активности во рамки на оваа функција вклучуваат фацилитација на иницијативи формални или не формални помеѓу вооружените групи, помеѓу вооружените групи и заедниците, меѓу вооружените групи, заедниците и развојните агенции.

Најчесто локалните граѓански организации најчесто може да фацилитираат:

- Помеѓу граѓанскиот сектор и страните во конфликтот на ниво на село или пак населба. На пример во конфликтните зони преговараат за ослободување на граѓаните кои се заробени од страна на вооружените групи.

- Помеѓу вооружените страни за преговарање на мировна зона, или пак денови без насилство, пример во Ел Савадор за време на војната преговарале со цел да се овозможи вакцинација на децата
- Помеѓу националните и меѓународните развојни агенции и со којувачки страни со цел да се обезбеди испорака на услуги и ресурси до заедниците
- Помеѓу интернационалните или националните развојни агенции и локалните граѓански организации. Невладините организации начесто стануваат главни во испораката на услуги во зоните опфатени со војна и во случаи државата истите не може да ги обезбеди. Бидејќи најчесто невладините организации не го познаваат локалниот контекст на нив им требаат фацилитатори кои ќе преговара со локалното население или пак со вооружените страни.

**Функција 7. Испорака на услуги**

За време на вооружени конфликти, граѓанските организации и актери се вклучуваат во нудење на помош и услуги, односно хуманитарни услуги и други социјални услуги особено кога државните структури се ослабени или пак се уништени. Испораката на услуги може да има импакт во мировните процеси само ако агенциите креираат можност за започнување со другите функции како што се функцијата за заштита и социјална кохезија особено кога вооружениот конфликт ќе заврши. На пример во Сомалија, отсуството на државата за две декади направи да граѓанскиот сектор биде главниот испорачувач на социјални услуги.

Оваа функција е најсето присутна и финансирана од страна на меѓународните развојни агенции кои соработуваат со граѓанските организации за нудење на хуманитарна или друг вид на помош на локалното население вклучително и жените и децата.

Според податоците од истражувањето на (Paffenholz, 2010), извршувањето на функциите зависи од фазата на конфликтот. Релевантноста и ефикасноста на секоја функција зависи во која фаза е изведена. Подолу е се прикажани релевантноста на изведување на секоја од функциите според фазите на конфликтот.

**Фаза: За време на вооружен конфликт**.

За време на вооружени конфликти, граѓанските организации и актери се вклучуваат во нудење на помош и услуги, односно хуманитарни услуги и други социјални услуги особено кога државните структури се ослабени или пак се уништени. Граѓанското општество ги набљудуваат човековите права, лобираат и фацилитираат дијалог за заштита на граѓаните и

заштита на популацијата која е жртва од војната.  Висока релевантни функции во оваа фаза се: заштита, мониторинг, застапување, фацилитација и испорака на услуги која е од висока значајност  за да обезбеди појдовна основа за другите функции.  Средна релевантност имаат активностите за социјализација и социјална кохезија особено иницијативите за помирување и мировно образование.

За време на војна или вооружен конфликт потребно е да се развиваат иницијативи кои имаат за цел да обезбедат заштита, мониторирање на почитувањето на човековите права, застапување и фацилитација на иницијативите за заштита.  Хуманитарните проекти се исто така значен дел од оваа фаза во конфликтот.

**Фаза:  Мировни преговарања**

Функциите остануваат слично како претходно опишани но од висока релевантност во оваа фаза е лобирањето за вклучување во преговарањето или лобирање за вклучување на одредби за инклузија во мировните договори. За време на мировните преговарања мобилизацијата на масата и таргетирани кампањи за лобирање се многу важни за оваа фаза од конфликтот, фацилитацијата исто така е доста важна, додека социјализацијата и социјалната кохезија се ниски.

**Фаза: Завршување на насилството, конфликтот**

Најчесто потребата за заштита се намалува, мониторинг продолжува да биде релевантен заедно со испораката на услуги и фацилитацијата. Повеќе детали околу оваа фаза е опишано во следната табела.  Фокус на оваа истражување е само пост конфликтниот период и функциите на женските организации во тој период.

***АНАТИЛИЧКА РАМКА ЗА АНАЛИЗА НА ФУНКЦИИТЕ НА ГРАЃАНСКОТО ОПШТЕСТВО во пост конфликтен период***

| | | |
|---|---|---|
| | **Релевантност** | **Ниска** |
| ***ЗАШТИТА*** | **Ефикасност** | Се зголемува кога систематски се комбинира со активности за мониторинг и кампањи за лобирање, потребно е соработка со медиуми и меѓународни организации |
| | **Активности** | • **Креирање на мировни зони**<br>• **Придружба на меѓународните организации и соработка со нив** |
| ***МОНИТОРИНГ*** | **Релевантност** | **Средна** |
| | **Ефикасност** | Се зголемува ефикасноста доколку е дизајнирано за потенцирање на заштитата и иницијативите за лобирање. Потребно е оутреач на национално и на меѓународни мрежи за да се постигне ефикасност. Посебна важност е да се мониторирање на имплементацијата на мировните договори |
| | **Активности** | • Мониторирање на конфликтната ситуација и предлагање на препораки<br>• Мониторирање на почитувањето на човековите права<br>• Креирање на системи за рано предупредување<br>• Соработка со меѓународни организации |
| ***ЗАСТАПУВАЊЕ*** | **Релевантност** | **Средна** |
| | **Ефикасност** | Се зголемува со знаењата како се организира кампања со придружба на мониторинг иницијативи во соработка со меѓународната заедница |
| | **Активности** | • Мобилизација на маса<br>• Јавни кампањи за поддршка на мировниот договор<br>• Лобирање за култура на мир во заедницата<br>• Лобирање против повторното појавување на насилството |
| ***СОЦИЈАЛИЗАЦИЈА*** | **Релевантност** | **Висока** |
| | **Ефикасност** | Предуслов за ефективни иницијативи за социјализација е отсуството на насилство. Вклучување на институциите, организациите, училиштата во долго трајни иницијативи кои промовираат демократски вредности. Зајакнување на маргинализираните групи на сензитивен пристап кој не придонесува до радикализација. |
| | **Активности** | • Проекти за дијалог<br>• Иницијативи за помирување<br>• Образование за мир преку различни канали, радио, ТВ, кампањи, училишни учебници, фестивали и drг.<br>• Програми за размена и мировни кампови<br>• Креирање на заедничка визија за мировно општество |

| | | |
|---|---|---|
| ***СОЦИЈАЛНА КОХЕЗИЈА*** | **Релевантност** | **Висока** |
| | **Ефикасност** | Предуслов е ниското ниво на насилство или неговото отсуство. Ефикасноста се зголемува кога инцијативите имаат за цел да ги соберат луѓето за заедничка цел. Ефективните иницијативи имаат за цел да направат промени кои се бихевиорални наместо само промена на ставови. Долгорочните иницијативи се по ефикасни особено кога работат афектираните групи заедно. |
| | **Активности** | • Градење на позитивен социјален капитал во соработка со различните групи опфатени со конфликт<br>• Креирање на заеднички комитети, здруженија кои ќе ги донесат различните страни како на пример родители, наставници, новинари и бизнис заедницата да работат на заеднички културолошки или работни активности |
| ***ФАЦИЛИТАЦИЈА*** | **Релевантност** | **Средна** |
| | **Ефикасност** | Ефикасноста се зголемува кога иницијативите или обуките се таргетирани за групи наместо генерални. Таргет група на обучување на медијатори наместо обука за сите. |
| | **Активности** | • Фацилитација на дијалог во населбата или селото помеѓу војуваните страни<br>• Организирање на мировни зони<br>• Помош на меѓународните развојни агенции за да пристапат кон зоните во конфликт |
| ***ИСПОРАКА НА УСЛУГИ*** | **Релевантност** | **Средна** |
| | **Ефикасност** | Ефикасноста на оваа функција е доколку овозможува појдовна точка за имплементација на другите функции. Нај активна е за време на конфликтот, но по завршување на конфликтот може да биде ефективна доколку се креираат заеднички платформи за соработка и дијалог помеѓу различните групи. |
| | **Активности** | • **Делење на хуманитарна помош**<br>• **Нудење на услуги како на пример правничко советување, психосоцијална помош идр.** |

Во оваа поглавје се дефинираше граѓанското општество, неговата улога во процесите на градење на мир, се престави функционалната рамка за анализа на улогата на граѓанското општество во која се дефинираа седумте улоги на граѓанското општество во процесот на градење на мир врз чија основа ќе се анализираат улогите на женските организации во процесот на градењето на мир во РСМ во периодот 2001 до 2008 година.

Истражувањата на за улогата на граѓанскиот сектор во процесите на градење на мир се на многу мал број и опфаќаат различни пристапи при анализа на пример на актери и др.

Изборот на теоретската рамка за овој труд се основа на следното објаснување кое авторот на трудот го нуди:

- Едноставно се прикажани неколкуте функции кои граѓанскиот сектор ги реализира за време на процесите за градење на мир пред за време и по завршување на конфликтот и се емпириски докажани, слична анализа е спроведена во Балканот за Босна и Херцеговина.
- Нуди можност да аплицирање на локален и национален контекст, лесно се применува за анализа на организациите за жени

## 2.3 Жените и градењето на мир

*"Кога жените учествуваат во економијата, сите придобиваат. Кога жените учествуваат во градењето на мирот и чувањето на мирот, сите се чувствуваме по сигурни и безбедни. Жените кои учествуваат во политиката на нивната држава тие прават промени"* – поранешна секретарка на Америка Хилари Родам Клинтон, Светски самит на жени 2013.

Поминаа повеќе од 100 години откако жените од двете страни од Првата Светска војна се соединија за дизајнирање на мировен план, принципите кои се отсликани во ООН Советот на Безбедност Резолуција 1325 (Tickner, 2019).

Во крајот на 1980тите години, феминистите во меѓународните реалии започнаа за работат за мир и безбедност од перспектива на жените. Феминистичката школа безбедноста ја дефинира како физичка и економска безбедност на индивидуите како и на државите. Феминистите ја истражуваат поврзаноста на жените и мирот и лобираат жените да бидат вклучени во сите аспекти во процесот на градење на мир. Преку женското лобирање и работа на граѓанските здруженија се усвои и Резолуцијата 1325 на Советот на Безбедност на ООН.

**Феминистички перспективи за жените и градењето на мир**

Феминистичката теорија ги анализира, дефинира и помага во изучувањето на структурните несигурности на жените, како и ги анализира и пречките за постигнување на одржлив мир и социјална правда. Феминистичката теорија сугерира нови начини на градење на мир и безбедност, ги вклучува жените како база за градењето на мирот и постигнување на безбедност за сите. Феминистичките теории ја набљудуваат меѓународната безбедност од женски аспект, постојат различни пристапи кои произлегуваат од ова теорија, Сандра Витворт прочитано во (Williams, 2008, стр. 103-115) ги дели во неколку групи.

- Првата група ја сочинуваат *либералните феминистки* кои пред сè, се занимаваат со нивото на учество на жените во јавната сфера и вооружените сили како и препреките кои ги спречуваат жените да постигнат потполна еднаквост во секторот за безбедност.
- Втората група ја сочинуваат *радикални феминистки* кои се занимаваат првенствено со перцепираната разлика која постои меѓу мажите кои се агресивни и конкурентни и жените кои се заштитнички насочени и се помалку склони кон насилно натпреварување. Во однос на учеството на жените во јавната сфера тие се согласуваат со либералните феминистки но причината е само еднаквоста туку бидејќи жените

- имаат различно гледиште на политиката и дека се повеќе фокусирани на соработка и мир.
- *Критичкиот феминизам* претставува трет правец, кој смета дека е потребно да се преиспитаат постоечките родни дискурси и да се реконструираат во правец на еманципација на жената.
- Четвртата група на феминистички пристапи ја сочинуваат *феминистите постмодернисти*, чиј академски дневен ред се состои од реконструкција на постоечкото родови дискурси и разоткривање на односот на моќ кој постои зад нив.
- Последната група ја сочинува *пост колонијалната феминистичка теорија*, која се потпира на постмодернизмот, но и укажува на влијанието на империјалистичкиот дискурс на креирање на современите родни идентитети.

Најчесто се среќаваме со изреката дека "*Жените се по мирољубиви од мажите и се помалку пристрасни кон отпочнување на воени конфликтите*". Истражувањата потврдуваат дека жените помалку подржуваат војна од мажите, феминистите не застануваат тука туку и понатаму лобираат за поголема вклученост на жената како рамноправна страна во процесот на градење на мир а не само како жртва од конфликтот а не само да се гледа мирољубивата страна на жените.
Иако многумина мировните лидери се мажи, факт е дека жените составуваат најголем дел од мировните активисти, обично формираат посебни движења најчесто концептот на мајчинство го користат во корист на промоцијата на мир, и се претставуваат преку портретот на маките како на пример Мајките од Плаца де Мајо кои протестираа за исчезнувањето на нивните синови и сопрузи, 1997 година во Агентина (Wikipedia, н.д.).

Феминистите ја истакнуваат важноста за квалитетите како што се мајчинството и грижата да бидат искористени во разрешување на конфликти, квалитети кои се присутни и кај мажите и кај жените и кои се есенцијални за постигнување на индивидуалната безбедност (human security). (Tickner, 2019)

Џејн Адамс прочитано во (Tickner, 2019, стр. 8) истакнува дека мирот е тесно поврзан со социјалната правда и демократијата, одржливиот мир не може да се постигне без еднаков третман на жените.
Според податоците на Родовиот Индекс на нееднаквост, воените конфликти можат бидат поголема закана за жените отколку за мажите. Според досегашните индекси сите земји се

под мерната единица 1, особено земјите во развој покажуваат многу ниски резултати на родовата еднаквост. (Wallensteen, 2019, стр. 270)

Современите феминисти ја истакнуваат потребата за родовата еднаквост пред матернизмот. Лидер на овој пристап е Сара Рудик 1989 прочитано во (Tickner, 2019, стр. 11) која вели дека мирот основан на идејата за матернизам е митот дека мајките се мирољубиви, жртви без моќ, овој мит е развиен и подржан во текот на историјата. Според Рудик за градењето на мир потребно е да се има храброст, борбеност, отпор и одбивање да се прифати улогата на жртва, карактеристики кои ги обележуваат жените активисти во конфликтните зони. Понатаму авторот заклучува дека е потребно да се елиминираат сите форми на насилство врз жените.

Феминистите веруваат дека вистинската безбедност или така наречениот позитивен мир не може да се постигне без родовата правда и зајакнувањето на жените. Зајакнувањето подразбира зајакнување на сите индивидуи, и жени и мажи и сите нивни улоги како даватели односно обезбедувачи на безбедност. Тоа вклучува и надминување на генералниот мит дека мажите се заштитници а жените се жртви. Потребно е жените да бидат вклучени во сите фази на мировниот процес.

Елизабет Портер прочитано во (Aaron, 2004), го развива концептот на етика на грижа кое го користи како алатка за објаснување на пристапот на феминистите за градење на мир. Таа вели дека овој пристап е важен за градењето а мирот бидејќи феминистичката теорија секогаш се занимава со кршење на дихотомијата и дуализмот карактеристичен за меѓународните односи. Дуалниот начин на размислување гледа само како погрешно и точно, пријател или не пријател, спротивно од тоа феминистичкиот пристап кон градењето на мирот потребно е да биде отворен кон другите и спремен за дијалог. Етиката за грижа е базирана врз три столбови:

1. Жените живеат во различни манифестации, жени кои живеат во воени зони, миротворци жени, жени кои организираат кампањи против насилството, жени дел од невладините организации, жени дел во меѓународните организации
2. Етиката за грижа ги истражува потребните услови за креирање на одржлив мир кој ќе вклучи намалување на структурните нееднаквости помеѓу мажите и жените. Го поставува прашањето зошто жените постојано се исклучени од масите за преговарање и се третираат како втора класа на граѓани за прашања од безбедност и градење на мир.

3. Етиката за грижа повикува да се прекрши дуализмот, да се биде отворен да дијалог и да се сослушаат и другите како и да се остави простор за компромис.

**Вклучување на жените во мировните процеси**

Потребно е промена на парадигмата за мировните процеси да се смени традиционално гледиште на мировните процеси, односно преговарањата како процеси на ексклузивни на војската и на политичките лидери да се смени креирање на инклузивни општествени процеси и општествена одговорност. На масата за преговарања не само вооружените сили да се поканат туку и мировните активности и актери како што се жените и граѓанскиот сектор. (Anderlini, 2018).
Истражувањата истото го потврдуваат, мирот е по одржлив кога жените и граѓанскиот сектор е вклучени во сите процеси на градењето на мир.

Андрелини разликува 5 важни области за градење на меѓународен мир и безбедност и учество на жените (Andrelini, 2007):

1. Превенција на конфликти
2. Мировни преговарање
3. Разоружување, демобилизација и реинтеграција на поранешните жени борци
4. Владеење
5. Транзициска правда

Понатаму авторот нагласува дека жените за време на војна најчесто се таргет на сексулано и друг вид на насилство, некои се поддржувачи на насилството или нивните сопрузи го прават тоа, тие како столбови на заедницата по завршување на конфликтот се фокусираат на преживување, постојат и оние кои успешно се справуваат и покажуваат нивните лидерски способности во реконструирање на заедницата и граѓанското општество (Andrelini, 2007).

**Превенција на конфликти**

Високото ниво на дискриминација кон жените, заедно со сексуалното и домашното насилство може да бидат рани знаци за предвидување на појава на насилство. Најчесто жените се тие кои први излегуваат да протестираат против војната или организираат марш. Како на пример Жените во Црно кои во октомври 1991 протестираат против ескалацијата на војните во Балканот.

**Мировни преговарања**

Жените ретко се присутни во масите за мировни преговарања и покрај нивното активизам и вклучување со јавноста за подржување на мир и мировните преговори.

Кога се вклучуваат поголеми се шансите да се постигне договор, како примери се преговорите за Северна Ирска, односно постигнувањето на договорот така наречен Добриот Петок во 1996.

И покрај тоа што Резолуцијата на Советот на Безбедност 1325 повикува на поголема инклузивност на жените во преговарање, статистиките сепак се поразителни, според Советот за надворешни релации во историјата на преговарачите само две жени биле во улога на официјален преговарач (Council of Foreign Relations, 2020).

**Разоружување, демобилизација и реинтеграција на поранешните борци**

Програмите за разоружување ќе бидат по ефективни доколку ги таргетираат жените и девојчињата кои даваат поддршка на вооружените групи, преку информирање на одредбите од мировните договори, помагаше за реинтеграција во заедницата, нивно работно оспособување за полесна интеграција во заедницата.

**Владеење**

Андрелни ја истражува трансформативна природа на женското лидерство во пост конфликтниот период.

Жените најчесто може да работат заедно за пронаоѓање на решенија на заедничките проблеми. Но сепак за жените лидери да постигнат трансформативна промена им треба отворена и суштинска поддршка од страна на меѓународната заедница, односно донатори кои отворено ќе ги подржуваат и прошируваат нивното влијание во поширокото општество. Друг фокус потребно е раст и развој на женските здруженија и неформални групи и нивно постојано финансирање и развој на нивната одржливост.

**Транзициска правда**

Фокус на овој дел авторот става на социјалната правда. Жените не само што се жртви на злосторства за време на војната туку тие се и сведоци на злосторства кои се под истрага. Вклучувањето на жените во трибуналите и комисиите за вистина е од особена значајност за целиот процес. Понатаму учеството на жените како професионален стаф во истите, кои ќе придонесе кон подобрување на заштитата на сведоците и програмите за поддршка на жртвите.

**Агенда за жените, мирот и безбедноста**

Резолуцијата 1325 на Советот на Безбедност на ООН заедно со останати 7 резолуции ја формираат Агендата за жените, мирот и безбедноста.
Така наречената The Women, Peace, and Security agenda (WPS) цели кон соединување на знаењата и социјалните трансформации за превенција на конфликтите, заштита на човековите права и промоција на процесите на опорарување од конфликтите. Сепак постои голема разлика помеѓу грандиозните очекувањата на оваа Агенда и не адекватниот прогрес постигнат од страна на институциите за Резолуцијата 1325 (True, 2018).

По упорната работа на граѓанскиот сектор и поддршка на земјите членки на ООН, во 2000 година Советот за безбедност на ООН усвојува Резолуција 1325 за жените, мирот и безбедноста (UN Women, 2000). Резолуцијата го препознава влијанието на вооружените конфликти врз жените, како и придонесот на жените во процесите на градење на мир и безбедност. Резолуцијата потенцира дека жените и девојчињата се различно погодени од конфликтот и ја призна критичката улога што жените треба да ја имаат во градењето на мирот. Резолуцијата 1325 потврдува дека напорите за мир и безбедност се по одржливи кога жените се рамноправни партнери во спречувањето на насилниот конфликт, процесот на преговарање и оправување по конфликтот.
Резолуцијата 1325 има две главни точки, да ги намали последиците од насилните конфликти врз жените и децата како и второ да го зголеми учеството на жените во превенција на конфликт, решавање на конфликтот, во градењето на мирот како и чувањето на мирот. Оваа резолуција помогна да се гледа на жените како актери во градењето на мирот а не само како жртви.
Резолуцијата ги повикува националните актери да го зголемат учеството на жените како и вклучување на родовата перспектива во сите напори за мир и безбедност на ООН. Страните вклучени во конфликт треба да преземаат посебни мерки за заштита на жените и девојчињата од сите можни форми на родово базирано насилство, особено силување и други форми на сексуално насилство за време на воениот конфликт. Резолуцијата вклучува четири столба и тоа: учество, заштита, превенција, хуманитарна помош и оправување.
Резолуцијата бара зголемување на учестово на жените во сите нивоа на одлучување, вклучувајќи национално, регионално, меѓународни институции, механизми за превенција, менаџирање и решавање на конфликтот, во преговарања, во мировни операции како војници, полиција и цивили и како специјални претставници на ООН и дрг.

Имплементацијата на Агендата жените мирот и безбедноста се спроведува преку националните акциски планови на земјите кои имаат усвоено Резолуцијата 1325. Овие политики и планови може да служат како водич на медијаторите и нивните тимови како најдобро да ги вклучат темите како што се учеството на жените сексуалното и родовите насилство и раселените лица.

И покрај препораките на Резолуцијата, родовата перспектива не доволно е земена во предвид во мировните договори[2]. Според истражувањето на UN Women (Coomaraswamy, 2015),

пред усвојувањето на резолуцијата само 11% имаат спомнато жени, додека по усвојувањето процентот изнесува 27%. Во случаевите каде што ООН беа дел од попишувањето на одговорот изнесува дури 38%, од пред тоа беше само на 14%.

Труе истакнува агендата за жените, мирот и безбедноста потребно е да се земе прагатичното разбирање како работа која е во прогрес, препорачува активистите и истражувачите да продолжат да работат со државите за унапредување на принципите на еднаков и одржлив мир (True, 2018).

Пафенхолз и др автори во 2016[3] развиваат ***седум модели за вклучување на жените во процесот на градењето на мир*** кои ќе се елаборираат подетално. (Paffenholz, Nick , Steven , Schluchter, & True, 2016) (BPI, n.d.)

1. **Директно учество на преговарачката маса**

Присуството на жените во преговарачката маса во официјалните преговори или пак во националните дијалози може да придонесе кон по демократско донесување на одлуки и зголемување на легитимитетот и застапувањето во преговорите. Директното учество дава можност на жените директно влијаат врз преговорите и да го дадат својот придонес. Како пример се издвојуваа учеството на жените во преговорите за Северна Ирска. Сепак учеството не гарантира секогаш и дека ќе учествуваат во донесувањето на одлуки, често мал број на лидери мажи донесуваат одлуки ако се вклучени жените.

2. **Статус на набљудувач**

Доделувањето на жените статусот на набљудувач им овозможува тие да вршат влијание во преговорите преку неформалните механизми. Улогата на набљудувач е ефикасна доколку се

[2] Истражување спроведено од страна на UN Women во 2015 на тема *Евалуација на мировните договори од родова перспектива.* Истражувањето наведува дека во периодот од 1990 се до 2015, референца на мировните договори на жени се зголемува особено по усвојувањето на Резолуцијата 1325 за жените, мирот и безбедноста.

[3] Во публикацијата Making Women Count- Not Just Counting Women: Assessing Women's Inclusion and Influence on Peace Negotiations аргументираат дека жените не треба само да се гледаат како бројки кои се дел на мировните процеси туку потребно е да се созаде простор за нивно значајно делување.

вклучени групи кои имаат високо почитување од државата и граѓаните. Важна улога има медијаторот за успешноста на овој модел.

**3. Консултативен процес**

Се друг канал за жените да влијаат врз преговорите без директно учество во процесот на преговори и дава можност да се зголеми сопственоста на процесот од страна жените. Консултациите се најчеста форма на проширување на процесот на инклузија за мировните процеси. Се разликуваат различни форми на консултации.

a. Официјални консултации
b. Семи или непостоечки консултации
c. Јавни консултации

**4. Инклузивни комисии**

Најчесто комиссите се формираат за по освојувањето на мировните договори за негова имплементација. Тие се постоечки тела кои се одговорни да се справат со круцијалните резултати за мировните процеси. Инклузијата на комисиите е предуслов за нивното успешност, особено доколку е дел од мировниот договор. Родово сензитивни критериуми за избор на членовите на комисиите овозможува различен број на жени со различна експертиза да бидат дел од нив.

**5. Работилници за решавање на проблеми на високо ниво**

Овој вид на работилници ги донесуваат заедно претставниците на лидерите од конфликтните страни и им даваат простор за дискусија без да имаат притисок за постигнување на договор. Најчесто учеството на жените во ваков вид на работилници е ниско бидејќи не добиваат покани, но има примери и кога се организирани ваков вид на работилници само со жени.

**6. Јавно донесување на одлуки како на пример референдум**

Е важна алатка за вклучување на жените особено кога тие го составуваат поголемиот дел од електоратот.

**7. Масовна акција**

Масовните акции најчесто може да ја креираат генералната атмосфера за или против мировните договори. Жените се добро позиционирани за да вршат влијанија на мировните договори преку мобилизација, организирање на кампањи кои го подржуваат мировниот процес.

Жените придонесуваат кон сите основи на кои одржливиот мир со основа: безбедност, владеење, владеење на правото, социјален раст и развој, економски и општествен развој и помирување.

Сведоци сме на женските здруженија и движења кои се карактеризираат со голема храброст и подготвеност за промени, жените кои се соединуваат без разлика дали нивните мажи заедно војувале, примерот на жените во Либерија (Disney, 2008) кои преку нивното неформално движење и соработка овозможуваат да се седне на преговарачката маса и постигне мировен договор, друг пример ни се жените во Северна Ирска.

Пример за добра пракса за подржување на жените за вклучување во мировните процеси е иницијативата наречена The Better Peace Initiative (BPI, n.d.) која се релизира од страна на меѓународната мрежа International Civil Society Action Network (ICAN), истата започна во 2014 година и развива научно основана и практична ориентација и водичи за инклузијата на жените како миротворци во процесите на градење на мир, преговарања и одржување на мирот.

# 3. Дизајн на истражувањето

### Цели и задачи

**Научната** цел на истражувањето е да се разбере ефикасноста и нивото на вклученост на жените и женските организации во процесот на градење на мир во локалната средина односно во Куманово и Тетово во периодот од 2001 до 2008 во РСМ, да се потврди поврзаноста помеѓу вклучувањето на жените во градењето на мир и одржливоста на мирот.

**Практичната** цел на истражувањето е од добиените сознанија од истражувањето да се мапира улогата и ефикасноста на граѓанскиот сектор односно на женските организации врз процесот на градење на мир во локалната заедница во периодот од 2001 до 2008 како и да се мапираат женските лидери кои биле активни во тој период. Податоците може да се искористат во корист на локалната самоуправа, граѓанските здруженија, Секторот за соработка со граѓанскиот сектор при Владата на РСМ, донаторски и меѓународни заедници вклучени во процесите на за градење на доверба, дополнителни истражувања за граѓанското општество во РСМ.

Вака поставените цели се конкретизирани во следниве задачи на истражувањето:

- Да се согледа улогата и ефикасноста на граѓанскиот сектор односно женските организации во процесот на градење на мир во РСМ во периодот по 2001 до 2008, преку анализа на нивните функции и активности во општините: Куманово и Тетово
- Да се истражи нивото на разбирање за градењето на мир и мотивацијата на жените лидери за учество во процесите на градење на мир
- Да се направи мапирање на иницијативи и активности кои придонеле за вклученост на жените во градење на мирот преку анализа на случаи во Куманово и Тетово
- Да се согледа нивото на учество на жените во процесите на градењето на мир во локалната заедница во период од 2001 до 2008

Индиректно ќе се истражуваат пречките и факторите кои придонесуваат за не учество на жените во процесите на градење на мир во локалната средина.

### Хипотетичка рамка

Врз основа на теоретската рамка и целта што сакаме да ја постигнеме со истражувањето, формулирана е следнава:

**ГЕНЕРАЛНА ХИПОТЕЗА**:

**Нивото на вклученост на жените во процесите на градење на мирот ги зголемува можностите за одржлив мир во локалните средини.**

Тргнувајќи од оваа хипотеза и од претходно поставените цели е поставуваат следните посебни хипотези:

- Ефикасноста на женските организации во извршувањето на нивните функции како граѓански организации за градење на мир влијае врз одржливоста на мирот во локалната средина
- Поголема вклученост и влијанието на жените во градењето на мир влијае врз одржливоста на мирот во локалната средина
- Исклучувањето на жените во процесите на градењето на мир во локалната средина влијае врз зголемување на тензиите помеѓу етничките заедници

**Методологија**

За потребите на оваа истражување се употребени квалитативни методи, односно реализирани се анализа на содржина, фокус групи и полу структурирано интервјуа.
Избрани се квалитативни методи на истражување со цел подобро да се мапираат искуствата на жените кои биле вклучени во процесот на градењето а мир.

***Фокус група*** е организирана дискусија каде што учесниците споделуваат искуства и знаења за одредена тема. Фокус групата е дискусија модерирана од страна на модератор со однапред подготвени отворени прашања, и има за цел подобро да ги мапираат искуствата, ставовите, мотивацијата и чувствата на жените лидери во процесот на градењето на мир. Важен аспект во процесот на модерација на дискусијата е мапирањето на интеракцијата на учесниците во групата.
Учесници на фокус групите се претставници на граѓански организации, движења кои работеле во периодот по 2001 за градењето на мирот во Куманово и Тетово. Критериум за избор на учесниците е да биле активно вклучени неколку години во работата за градењето на мир, се членови на женска организација, обучувач, координатор на програми или проекти за жените и градењето на мирот во двете општини Куманово и Тетово во периодот од 2001 до 2008 година.

Пред започнување на секоја фокус група модераторот ја објасни целта на истражувањето, правилата за работа во фокус групата и охрабри учество на секој учесник од фокус групата. Прашањата за фокус групата се во прилог на овој труд заедно со согласност за снимање на разговорот на фокус групата.

Целта за спроведување на фокус групи е да се мапираат активностите кои женските организации и лидери ги имаат спроведено во период од 2001 до 2008 во локалната средина, да се истражат нивните ставови и чувствата за процесот на градењето на мир и имплементацијата на ОРД во локалната средина, нивните мотивации да бидат активни лидери во текот и по завршување на конфликтот.
Куманово и Тетово се избрани како општини каде што фокус групите се спроведени, од причина што најголем дел од активностите за градење на мир се спроведени во овие општини во периодот по 2001.
Организирани се две фокус групи од 5 до 7 учесника секоја, се спроведени со жени лидери, претседатели на женски здруженија, жени вклучени во образование и политика кои биле активни во периодот по 2001 до 2008 година во локалната средина и кои работеле во процесот на градење на мир.
*Индикатори за анализа на транскрипциите на фокус групите*

- Анализа на содржина
- Присуство или отсуство на наведените проблеми
- Времетраењето на одредена тема
- Интензитетот на емотивните реакции за време на фокус групата
- Причини наспроти реакции
- Индивидуално мислење наспроти група
- Идентификување на активностите спроведени од страна на женските организации и нивото толкување во 7 функции на граѓанските организации

Како втор метод за истражување во ово труд е применето и ***длабинското полуструктурирано интервју***, како метод за квалитативно истражување. Цел да се истражат ставовите и мислењата на различни актери во врска со процесот на градењето на мир во локалната средина. Вкупно реализирани се 12 интервјуа со различни актери локални и национални, локални актери (вработени во општината, градоначалник, претставници на Комисијата за односи помеѓу заедницата), национални актери, претставници од влада и

невладин сектор и академци во областа на градењето на мир кои биле активно вклучени во периодот од 2001 до 2008 година.

Притоа се користи листа на конкретни прашања како насоки за интервјуто, а на испитаниците им се остави доволно простор во одговарањето на прашањата. Прашањата се однесуваат на нивните ставови и мислењата за улогата на жените во градењето на процесот на мир во период по 2001 година со акцент на локалната средина и делување, имплементацијата на ОРД, истите се во прилог на овој труд.

Поканата е испратена до многубројни локални актери, мал број на интервјуа беа спроведени во Тетово. Поголемиот број на контактираните лица одбија да бидат дел од интервјуто како на пример моментални и поранешни градоначалници на општина Тетово, лидери на женските организации, претставници од општината, претседател на КОМЗ и др.

Дел од интервјуата се спроведени преку употреба на дигитални алатки како што е скјап, вибер заради ново настанатата состојба со вирусот COVID 19 и забраните за движење.

***Анализата на содржина*** се дефинира како методолошки „приод кон анализата на документи и текстови (печатени или визуелни), чија цел е да се квантифицира нивната содржина од аспект на претходно утврдени категории, на систематичен и повторлив начин (Wikipedia, 2020).

Според оваа дефиниција, таа е комбиниран приод што се фокусира и на квалитативни и на квантитативни аспекти на активностите спроведени од страна на организации за жените од локалната средина. Овој метод ќе го примениме и како квалитативна и како квантитативна анализа на содржина.

Притоа, за единици за анализа се земаат спроведените активности и проекти за жени од страна на локалните организации од Тетово и Куманово кои се споменуваат во месечните или годишните извештаи, публикации и книги издадени од страна на националните организации, фондации или други меѓународни организации.

Во разработката на магистерскиот труд се примени и анализа на податоците добиени од други истражувања или собрани на друг начин, односно **секундарна анализа на податоците**. Разгледани се различни документи како извори на секундарни податоци, како на пример истражувања спроведени за перцепциите на мировниот договор, улогата на граѓанското општество во РСМ и дрг.

***Ограничувања односно предизвици на теренското истражување***

- Опсипување на женските организации во локалната заедница, голем број на организации не се веќе активни или моментално веќе не работаат на темата мир (декември 2020)
- Женските лидери имаат сменето професија и веќе по долго време не се во областа на градењето на мирот, некои од лидерите веќе се починати
- Избледување на сеќавањата за периодот кој се истражува кај испитаниците, недостиг на електронски публикации и извештаи за проектите од тој период
- Ниска заинтересираност за присуство на фокус групата или спроведување на интервјуата, голем процент на жени откажуваа присуство заради работни или лични ангажмани што укажува дека темата жените и мирот не е повеќе тред помеѓу женските лидери и организации
- Слаба заинтересираност на лицата од Тетово за интервјуирање, голем дел од лицата со кои контактирав одбија да направат интервју сегашни и поранешни градоначалници, претставници на женски движења, претседателот на КОМЗ и др. Голем број од констатираните локални актери одговорија негативно на барањето за реализирање на интервју. Оваа е показател дека по 20 години од потпишување на мировниот договор, сеуште нема онершип врз процесот за градење на мир, темата веќе не е приоритет за локалните власти ниту пак за дел од контактираните женски лидери.
- Доставено е и барање за реализирање на интервју до две претставнички од политички партии кои неформално беа вклучени во текот ан преговорите за ОРД, добив негативен одговор.

**Категории за анализа**

Материјалите од фокус групите, интервјуата. Анализа на спроведени активности, иницијативи, проекти кои се реализирани за жени во териториите на општина Тетово и Куманово, од страна на локалните организации, национални организации и меѓународни невладини организации МЦМС, СОРОС; ОБСЕ Мисијата во Скопје и др.

**Временска рамка**

Теренското истражување, односно фокус групите се спроведени во декември 2019, полу структурираното интервјуа се спроведени во период од 2019 до април 2020. Временската рамка која се анализира е период од 2001 до 2008 година за женските организации.

### Анализа на податоците

Анализата на податоците е спроведена со употреба на следната рамка. Фокус за анализа е само пост конфликтниот период од 2001 до 2008 година. Фокус на истражувачкиот дел е анализа на успешно реализираните функции во секој град како и идентификување на причините за не реализација на останатите функции.

### Операционализација на поими

**Градење на мир**

Градењето на мир има за цел превенција и менаџирање на вооружените конфликти по завршувањето на насилството. Претставува мултидимензионален пристап во чија рамка спаѓаат сите активности кои се директно поврзани со целта и се во период од 5 до 10 години. Градењето на мир треба да креира услови за економска реконструкција, развој и демократизација како предуслови за воспоставување на демократски ред и мир, во исто време истиот концепт не треба да се изедначи со демократскиот дискурс.

**Одржлив мир**

Концептот за одржлив мир на ООН се дефинира како цел и процес кој вклучува низа на активности кои се насочени ко спречување на појава, ескалација и повторно повторување на насилниот конфликт, решавање на причините за настанување на конфликт, обезбедување на национално помирување, реконструкција и развој.

**Квалитетен мир**

Квалитетот на мир во пост конфликтните општества се базира врз тоа колку мировните договори се имплементирани, врз база на договорените механизми за ненасилно решавање на конфликтот, како и достапниот простор за граѓанските и политичките актери (Wallensteen & Joshi, 2015).

Авторот дефинира димензии и критериуми за оценување на квалитетен мир, и вели:

Градење на мирот преку договори не само што има за цел да го избегне враќањето на војната, туку исто така се обидува:

- Обезбедат сигурност и безбедност
- Развијат механизми за решавање на спорови
- Овозможат економска реконструкција и создавање на економски можности за маргинализираните групи во општеството
- Промовираат помирување и транзициска правда

- Генерираат на простор за делување на граѓанскиот сектор

**Учество на жените во процесот за градење на мир**

Вклучување на жените во сите фази од конфликтот, превенција, преговарање и пост конфликтното градење на мир. Вклучување на родовата перспектива при преговарање, родово сензитивни одредби во мировните договори, следење на мировните договори и вклучување на жените во имплементација на истите.

**Граѓанско општество**

Граѓанското општество се основа на волонтерска основа, се состои од колективни акции кои се од институционална природа и истите имаат заеднички интереси, цели и вредности и кои се различни од тие на државата, семејството и на пазарот.

Граѓанското општество најчесто е составен од не државни актери и здруженија кои се автономно организирани имаат граѓански вредности и се во интеракција со јавната сфера.

Предмет на анализа во овој труд се формални и неформални здруженија на жени регистрирани со законот за здруженија во 1998 година, здруженија и организации кои во својата работа ги имаат вклучено жените како таргет група, мрежи локални и национални за жени кои работеле и влијаеле во териториите на општина Тетово и Куманово.

За анализа на функциите на граѓанското општеството, ќе се користи аналитичката рамка за функции на граѓанското општество развиена од страна на Танија Пафенхолз и Спрук (Paffenholz, 2010).

Авторот разликува различни нивоа на релевантност и ефикасност за секоја функција во зависност на периодот кога таа се изведува.

Истражувањето на Танија Пафенхолз потврдува дека генерално за одржлив мир по ефикасни функции се мониторинг, лобирање и фацилитација за разлика од иницијативите за социјална кохезија и социјализацијата за постигнување на влијание.

## Аналитичка рамка за сумирање и анализа на улогата на граѓанското општество во градењето на мир

| ИДЕНТИФИКАЦИЈА НА УЛОГИТЕ НА ГРАЃАНСКОТО ОПШТЕСТВО ВО ГРАДЕЊЕ НА МИР | ПРОЦЕНКА НА РЕЛЕВАНТНОСТА НА ФУНКЦИЈАТА ВО ПОСТ КОНФЛИКТНА ФАЗА НА КОНФЛИКТОТ | ИДЕНТИФИКАЦИЈА НА АКТИВНОСТИ РЕАЛИЗИРАНИ ОД СТРАНА НА ГРАЃАНСКИТЕ ОРГАНИЗАЦИИ ВО ЛОКАЛНАТА ЗАЕДНИЦА ВО ПОСТ КОНФЛИКТНА ФАЗА ОФ КОНФЛИКТОТ | АНАЛИЗА НА ЕФЕКТИВНОСТА НА АКТИВНОСТИТЕ ВО ПОСТ КОНФЛИКТНАТА ФАЗА | НАЦИОНАЛЕН КОНТЕКСТ |
|---|---|---|---|---|
| **Заштита** | | | | |
| **Мониторинг** | | | | |
| **Застапување** | | | | |
| **Социјална кохезија** | | | | |
| **Социјализација** | | | | |
| **Фацилитација** | | | | |
| **Испорака на услуги** | | | | |

# 4. Студија на случај Република Северна Македонија

## 4.1 Националниот контекст и градењето на мир 2001 - 2008 година

Во овој дел ќе се направи еден краток осврт на националниот контекст по завршувањето на конфликтот и развојот на граѓанскиот сектор и женскиот активизам во Македонија во периодот од 2001 до 2008 година.

***Охридски Рамковен Договор***

По добивање на независноста во 1991 Република Северна Македонија поминува низ процесот на транзиција и градење на сопствените капацитети за основање на демократско општество. Големиот процент на невработеност, спорниот развој на државата економија и перцепираната социјална исклученост ги поттикнаа незадоволствата на граѓаните, особено од албанска етничка припадност и истите преминуваат во конфликт во 2001 година. За неколку месеци по ред државата се соочи со вооружен конфликт, беше до работ на граѓанската војна. Конфликтот опфати неколку општини особено со мешан етнички состав, најголем дел од насилството се во случување во руралните средини, на пример во Кумановскиот регион опфатени вкупно 14 села, и во Тетовскиот регион со вкупно 47 села (МЦМС, 2001). Голем број на лица кои беа принудени или самоволно да го напуштија своите домови беа сместени кај блиски роднини, колективни центри или во соседните држави, од нив поголемиот број беа и жени и деца. Вкупниот број на внатрешно раселени лица според УНХЦР (Norwegian Refugee Council , 2004) во Август 2001 изнесуваше 74 000 лица, се намалува во 2004 со 2678 лица, дел од раселените лица од село Матејче при општина Липково никогаш не се вратија во нивното село.

Крај на конфликтот стави потпишувањето на Охридскиот Рамковен Договор во август 2001 година со помош на меѓународната заедница раководени од страна на тогашниот Претседател на државата Борис Трајковски. На масата за преговарање не беше присутна ни една жена ниту пак во официјалните преговори. Неформално беа вклучени или консултирани само 5% (Paffenholz, Nick , Steven , Schluchter, & True, 2016) на жени кои биле вклучени како преведувач или претставник на политичката партија. Договорот не вклучува родова перспектива ниту пак во текот на преговарањето жените се консултирани.

Според студијата на Бергхоф Фондацијата (Stankovski, 2019) се вели дека не формално граѓанските здруженија биле консултирани преку организирањето на донаторски конференции претежно Фондацијата ФОСИМ во Скопје во 2001 година, нема спецификација дали биле вклучени женски активисти или лидери во овие консултации.

Договорот (OSCE, 2001) се состој од три анекси, првите два анекса се составени од одредбите на договорот се однесуваат на поддршка на развој на демократски институции и промена во конституцијата и законите, нивното реформирање и зголемување на инклузивноста преку зголемување на репрезентативноста на различните етнички заедници. Третиот анекс на Договорот се однесува на подобрување на социјалната кохезија во државата. ОРД претставува важен пример за мировен договор за имплементација на политика на мултикултурализам на ниво на конституцијата преку основање на комплексен механизам за поделба на моќта помеѓу заедниците.

ОРД отвори нова страница за развојот на демократијата во РСМ. Многу меѓународни организации го посочуваат како пример за превенција на ескалација на воен конфликт во државата, како и примена на иновативност во дел од приредбите на договорот. Успеа да го стопира военото насилство, државата да ги исполни барањата отколку промените во конституцијата и законските одредби.

За следење и имплементација на договорот, беше формиран Секретаријат за спроведување на Охридскиот Рамковен Договор, како дел од Владата кој тесно соработуваше со општините во однос на имплементацијата на одредбите на локално ниво. Во 2019 Секретаријатот се трансформираше во Министерство за политички системи и односи помеѓу заедниците. Според претставниците на Министерството[4], фокусот на денешната работа на оваа Министерство е спроведувањето и работата на третиот анекс и промоција и вклучување на помалите етички заедници особено преку организирање на настани и обележување на културните денови на помалите етнички заедници.

Понатаму, дел од одредбите на Договорот се однесуваат процесот на децентрализација, законот за локална самоуправа од 2002 година е предвидено формирање на Комисии за односи меѓу заедниците КОМЗ во 20 општини во земјата, со што им се обезбедува можноста на сите етнички заедници што живеат на територијата на соодветната општина да учествуваат во процесот на донесувањето одлуки и креирање политики.

[4] Заменик министер на Министерството за политички системи и односи помеѓу заедниците, декември 2019

Функционирањето на овие комисии значи транспарентност во работата на Советот на општината и можност за помалите заедници, кои не се претставени во Советот на општината, да даваат мислења и предлози за одредени прашања за кои Советот на општината треба да одлучува.

Овие комисии доколку ги споредиме со теоријата на Ледерак спаѓаат на средното ниво на актери кои имаат значајна улога градењето на мир, но сепак во случајот во С. Македонија комисиите не ја добија доволно моќ и признание за нивна ефикасност во процесот на градењето на мир.

Комисиите претставувата одлична можност да вклучување на родова сензитивност, поголема родова застапеност на малцинските групи и зајакнување на жените од малцинските групи. Напротив составот на членовите на овие комисии најчесто доминираат мажите, ретко има жени.

По повод 10 години од РОД, многу анализи, истражувања, дебати беа спроведени од страна на државата и многу бројни граѓански организации за успешноста или не успешноста во имплементацијата на долгорочните цели на договорот, спроведените реформи на национално и локално ниво и за општите промени настанати од страна на Договорот. Имплементацијата на договорот беше "киднапирана" од страна на политичките партии со цел да се достигнат политички цели[5].

Секретаријатот за Спроведување на Охридскиот Рамковен Договор (Влада на РСМ, 2015) периодично изготвуваше извештаи во кои се известува за постигнувањата од имплементацијата во следните области: Децентрализација; Правична застапеност; Употреба на јазиците; Образование; Недискриминација, последниот извештај беше изготвен во 2015 година. Целокупната анализа на извештајот е насочена кон градењето на капацитетите на институциите за спроведувањето на законските регулативи.

Многу од наведените постигнувања кои се наведуваат се од легислатива природа и градење на институциите, помалку за осврнува на долготрајните цели на градењето на мир во локалната заедница, креирањето на долготрајни програми и решенија за намалувањето на меѓуетничките тензии и конфликти. Многу малку се спомнува за имплементацијата на мерките за градење на мир во заедниците опфатени со конфликт или воопшто на државно ниво иако градењето на социјална кохезија беше наведено во третиот анекс на договорот.

[5] Бошко Станковски, студент по Докторски студии за мировни преговарања при Универзитетот во Кембриџ, Април 2020

Најголем дел од овие мерки се имплементираат од страна на меѓународните организации и граѓанскиот сектор.

Според Флориан Биебер (Friedrich Ebert Stiftung, 2008) најголемиот проблем што се поврзува со Охридскиот Рамковен Договор е тоа што, честопати, на Договорот се гледа како на едно сеопфатно решение за меѓуетничките проблеми во РС. Македонија. Всушност, преку Договорот се регулираат само основните правни и институционални прашања, без да се даваат механизми и алатки за градење на меѓуетничката доверба и поддршка на институциите, кои се создадени, или трансформирани заради Договорот. Понатаму Биебер наведува дека еден од предизвиците на имплементацијата на Договорот е политичките претставници го намалија значењето на институциите при адресирање на меѓу-етничките релации, како пример ја нагласува Комисијата за односи помеѓу заедницата, која не ја доби значајната улога која му припаѓа.

Перцепцијата за договор е многу различна за различни претставници од етничките заедници, за едни се гледа како победнички за други како губитнички, тоа се согледа особено кај жените активисти кои ги интервјуира кај албанската популација Договорот се гледа со позитивна перспектива додека кај Македонските лидери тие го перципираат како наметнат договор[6]. За академците уште се полемизира за тоа во која категорија на договори може да биде сместен мировен, политички или друго.

Меѓународната заедница заедно со ЕУ, УСАИД, ФОСИМ, ОБСЕ Мисијата во Скопје и др донаторски организации финансиски допринесоа со илјадници долари за имплементацијата на договорот, и процесот за градењето на довербата и мирот во земјата. Најголем фокус на меѓународната организација беше градење на капацитетите на институциите за спроведување на реформите, имплементацијата на Договорот, градење на довербата и меѓуетничкиот дијалог преку спроведување на проекти каде што граѓанскиот сектор беше инволвиран како партнер. Приоритетите на меѓународната заедница ги одредуваа и приоритетите на работата на граѓанските организации а не базирано на потребите на локалната или националната средина.

Многу бројност на донаторите и меѓународните организации доведе до зголемување на бројот на регистрираните здруженија кои работеа во различни области, испорака на

[6] Фокус група Куманово декември 2019

хуманитарни услуги на раселените лица, зајакнување на жените, работа со млади, животна средина и др.

Граѓанскиот сектор за вклучи во промоција, едукација на поширокото население за одредбите на Договорот, истиот беше отпечатен на неколку илјади копии и преведен на локалните јазици (Stankovski, 2019)

За време на имплементацијата на договорот дел од националните женските организации и активните женските лидери биле консултирани во јавни средби организирани со граѓанскиот сектор при имплементацијата но сепак не било доволно да се направи влијание и лобира за поголема вклученост на жените во процесот на имплементација, сепак формално нема усвоени механизми за поголема вклученост на жените во овој процес[7].

Најголем дел од граѓанските организации кои имплементираа проекти за градењето на мир се основаа врз концептот и приоритетите на меѓународните организации, што оневозможи да одговорат на потребите од терен и градењето на мирот на дојде од внатре од самата заедница. Концептот за мир се основаше врз добро соседските односи од времето на Југославија и концептот за братство и единство. Многу лидери од граѓанските организации беа обучени, водени на студиски посети во странство за градењето од страна на меѓународните организации со цел да применат или создадат модел за градењето на мир во локалната средина или националниот контекст.

***Граѓанскиот сектор и женски активизам во Република Северна Македонија во период 2001 до 2008 година***

Законот за здруженија на граѓани и фондации во 1998 година го издвојува граѓанскиот сектор од политичките партии, синдикатите, стопанските комори, црквите и верските заедници за кои има посебни закони, како битен елемент за дефинирањето на граѓанското општество во Република Северна Македонија. (Кацарска, 2008)

Важен момент во развојот на граѓанското општество е влезот на странски донатори и нивниот развоен пристап. Прва е фондацијата ФИООМ во 1992 година, а потоа и други, кои со себе донесоа и теми кои ги финансираа. Многу силно влијание врз граѓанското општество во Македонија одиграа и двете воени кризи, Косовската бегалска криза во 1999 година и

[7] Џане Крешова, Женски Форум Тетово, декември 2019

воениот  конфликт во 2001 година. И двете го стимулираа појавувањето и развојот на организации со хуманитарен карактер, како и мировни иницијативи и организации за помирување, поголемо разбирање и толеранција помеѓу различни општествени групи со различно етничко и верско потекло. Резултат на тие општествени превирања беше зголемувањето на бројот на граѓански организации на 5.769 во 2003 година (Јаковлеска, 2003).

Втор  важен момент што вреди да се спомне се насочените програми кон развој на капацитетите на граѓанските организации и женските организации, за овој труд ќе ги издвојам две:

- Фондацијата за отворено општество Македонија  во периодот по 2001 до 2005 година работи на посебна програма за развој на женските организации и нивните капацитети како и посебен фокус подобрување на меѓу етничките односи. Директно ги гради капацитетите на женските организации и лидери активно се вклучат во развојот на проекти и активности за жените, програма која промовира еднакво учество на жените со социјалниот, економски и политичкиот живот во Македонија. Програмата дополнително вклучува и поттикнување на регионална соработка и промоција на родовите студии (FOSIM, 2002). Во рамки на оваа програм се финансираат различни проекти кои се спроведуваат во локалните средини како на пример во Липково, Куманово и Тетово од страна на женските организации. Програмата  завршува во 2005, истата се трансформира со основање на женското здружение Акција здруженска со седиште во Скопје (FOSIM, 2017).

- Македонскиот Центар за меѓународна соработка (МЦМС, 2003) со програмата за развој на граѓанскиот сектор допринесува за обука и развој на женските лидери, нивните капацитети ефикасно да се вклучат во промоција на родова еднаквост. Понатаму финансирање на програми проекти  кои имаат за цел подобрување на положбата на жената во општеството, дополнителен столб на работата е подобрувањето на меѓу етничките односи.

Третиот  важен момент е формирањето на етнички мешани здруженија. Во текот на 2000тита година  граѓанскиот сектор во најголем дел беше етнички поделен, од вклучувајќи ги и женските организации кои функционираат и работат само со нивната етничка таргет група.

Во периодот од 2007 се основаат или се пре- регистрираат првите етнички мешани здруженија пример во Тетово, Женски Форум[8] и дрг.

Понатаму, важен момент е заминувањето на донаторските организации кои финансираат проекти за хуманитарни активности, градење на доверба и соживот. Оваа состојба придонесе да многу женски организации се намалат, изгубат своите простории за работа, бројот на вработени и станат организација на едно лице односно претседателот. Новите фондови не беа достапни за нив особено немање на доволно капацитети за развој на проекти апликации, извештаи и дрг. Оваа ситуација го отежна процесот на одржливост на организациите, многумина од нив престанаа со работа а женските активисти се пренасочија со нивните професионални активности и ангажмани.

Последен момент е формирањето на посебен одел на Владата за соработка со граѓанскиот сектор. Во 2007 година е донесена првата Стратегија за соработка на Владата со граѓанскиот сектор 2007 -2011 (Влада на РМ, 2007). Во Стратегијата се нагласува дека таа го негува заемното почитување, партнерството и транспарентноста во комуникацијата, воедно задржувајќи го принципот на независност на граѓанскиот сектор во однос на државата. Во согласност со Стратегијата, од институционален аспект, во рамките на Генералниот секретаријат на Владата функционира Одделение за соработка со ГО, кое, меѓу другото, е одговорно за координирање на соработката помеѓу институциите на централната власт и ГО.

*Женски активизам и здружување 2001 до 2008 година*

И покрај етничките тензии во 2000тита година, жените се врежуваат во локални и национални мрежи со цел да работат кон подобрување на положбата на жената, борба за родова рамноправност, како пример вреди да се спомне Женскиот Центар во Куманово 2001 година. Многу бројни се организациите на локално ниво, ограноци од националните мрежи кои работат со различни етнички заедници и жени во локалната средина со цел да се унапреди положбата на жената во заедницата. Вреди да се спомне Националната платформа за родова еднаквост СОЖМ која активно се вклучува во поддршка на жените во периодот по 2001, лобирање за мировно решавање на конфликтот, масовна мобилизација на жените за мир и директна реализација на активности со жените од Тетовскиот регион сместени во колективните центри во Скопје (СОЖМ, н.д.).

---

[8]Женски Форум е пример за трансформација на женско здружение од целосно албанско здружение регистрирано во 2001 во етнички мешано здружение пре- регистрирано во 2008 година. http://www.forumi.org.mk

Алијансата на жената Албанка е националната платформа кој што има придружници на многу градови низ Македонија и јави женски лидери кои во периодот пред 2001, за да на пример во 2003 основаат свои здруженија како на пример Беса 2003 во Куманово основана од страна на Фердезе Слулејмани[9], како друг пример може да се спомне Женската организација Антико во Скопје.

Македонското женско лоби е пример за постигнување на обединување на жените во Македонија околу приоритетите на иницијативата на Пактот за стабилност, независно од етничката, конфесионалната и политичката припадност. Ова обединување на жените од различните структури (невладините организации, политичките партии, Парламентот, Владата, локалната самоуправа и медиумите) би им овозможило целосно информирање за иницијативата, рамноправно вклучување во неа, како и ефикасно дејствување во насока на реализација на договорената стратегија на ниво на држава, прераснувајќи во мост кон мирот и стабилноста на земјата и регионот (Кацарска, 2008).

Жените се обединуваат за борба против семејното насилство, за еманципација и едукација на жената без разлика на етничката припадност за зајакнување и охрабрување на жената да се вклучи во политичкиот живот. Најголем дел од нивните директен ангажман за мир се случува во периодот од 2001 до кај 2003 година, во следниот период тие се фокусираат врз развојот на политиките и унапредување на политичкото учество на жените во локално и национално ниво.

Според извештајот на УСАИД 2019 за родова анализа (USAID North Macedonia, 2019), Македонија е на рангот 66 од 146 земји на ЊЕФ и на 45 ранг за политичко учество на жените. Во локалните избори во 2017, 6 градоначалнички се избрани од вкупно 80 општини, за разлика од општинските совети во водечки позиции има 15. На национално ниво од прогласувањето на независноста на РСМ до сега имало само 18 жени министерки, во парламент има 38% присутност.

Понатаму учеството на жените во локално ниво се намалува, каде што само 8,5% од жените во руралните средни се членови на политичка партија и граѓанска организација, а само 13,6% учествуваат во донесувањето на одлуки на локално ниво.

[9] Интервју со Фердезе Сулејмани, февруари 2020

Во однос на Резолуцијата 1325 во Република С. Македонија, државата има усвоено два национални планови за имаплементација на Резолуцијата.

Според спроведените анализи за Националниот Акционен план во 2012 (МТСП, 2012), изработен од страна на Министерство за труд и социјална политика на Р. С. Македонија се наведува дека дел од насоките и обврските кои произлегуваат од Рез.1325, се опфатени со досегашните активности на институциите (како што се намалување на разни форми на дискриминација, нелегална трговија со жени и деца, сексуална злоупотреба и експлоатација, семејно и други форми на насилство), во рамките на родовата политика. Сепак, делот од Резолуцијата 1325, кој се однесува на улогата на жените во мирот и безбедноста, останува недоволно развиен во рамките на стратегиските документи.

Анализата покажува дека е потребна дополнителна активност за сензибилизација на институциите, владиниот и граѓанскиот сектор и развивање на родово сензитивна политика и во областа на мирот и безбедноста.

Според истражувањето спроведено од страна на Организацијата на Жени од Свети Николе[10], (Arsenov, 2013) да се увиди нивото на познавање на одредбите на резолуцијата 1325 и учеството на жените во локалната средина за градење на мир, пронајдено е следно:

- Постоење на ниско ниво на информираност за Резолуцијата 1325, односно 67% од анкетираните жени не биле запознаени со резолуцијата
- Како можна препрека во имплементацијата на Резолуцијата 1325 на локално ниво се посочува ниското учество на жените во локалните процеси на одлучување и планирање на активности важни за безбедноста.
- 69% од испитаниците сметаат дека локалната самоуправа и релевантните комисии, само понекогаш или никогаш не ги вклучуваат жените при планирање на активности важни за безбедноста. Допонително, 63% од испитаниците се изјасниле дека жените не биле вклучени или пак не знаат дали жените биле воопшто вклучени во разрешување на локални конфликти кои имаат меѓуетничка компонента.
- Нема доволно познавање и информираност на жените за постоењето и работата на локалните комисии (комисија за еднакви можности на жените и мажите, комисија за односи со заедниците и др).

[10] Оваа информативна брошура е развиена со техничка и финансиска поддршка на проектната канцеларија на UN Women од Скопје во рамките на регионалниот проект „Зајакнување на имплементацијата на Резолуцијата на Советот за безбедност 1325 за жени, мир и безбедност во Западен Балкан (2011 – 2013) “.

Според горенаведените податоци можеме да видиме дека многу е мал процесот на познавање на резолуцијата во локалната средина како и ниско е учеството на жените во донесување на одлуки во локално ниво, оваа се потврдува исто така и во извештајот на УСАИД за родова рамноправност во 2019.

**Фактори кои влијаат врз развојот на женските организации во периодот од 2001 до 2008 година**

- Големото присуство на меѓународните организации и фондации кои ги таргетираат женските организации како партнери во процесот на градење на доверба и меѓуетничка соработка во локалната средина како на пример УНХЦР, Квина тил Квина, УНИЦЕФ и др.
- Постоењето на национални програми насочено кон градењето на капацитети на женските здруженија во период од 2001 до 2005 година.
- Голем број на таргетирани жени кои се обучени, жени лидери биле вклучени во едукативни работилници за родова рамноправност, политичко вклучување и зајакнување на положбата на жената во локалната средина
- Лобирање за развој на политики за учество на жените, женски активизам за зајакнување на политичкото присуство на жените во локална и национална средина
- Постоење на национални мрежи и здружување на женските организации за лобирање против семејно насилство
- Висок е бројот на регистрирани женски здруженија во периодот од 2001 до 2005 година.

**Пречки за учеството на жените**

- Традиционалните културни норми во локалните заедници особено во руралните средини
- Недостаток на политики за национално и локално вклучување на жените во процесите на одлучување, високо ниво на родова не еднаквост
- Немање на простор за делување, немање на соработка со локалната и националната власт за теми кои се однесуваат на вклучување на жената во локалната средина
- Немање на доволна финансиска одржливост на женските организации, тие се принудени да ги следат трендовите на странските здруженија
- Слаб граѓански сектор особено женски организации за лобирање за поголемо учество на жените во процесите за градење на мир

- Етничка поделеност на женските организации, секоја организација работи за својата етничка група
- Недостиг на национални меѓуетнички мрежи на женски организации за лобирање за лобирање за мир
- Не развиени капацитети за мониторирање и застапување на женските интереси и политики
- Мала поддршка или не релевантна поддршка од локалните власти за женските здруженија
- Ниска сензибилност кај државната администрација за политиките за поголемо вклучување на жените во јавната сфера

Во следниот текст ќе се направи сумирање на резултати од спроведените фокус групи и истражувања во општините Куманово и Тетово.

## 4.2 Студија на случај општина Куманово

*Мажите ја водеа војната, жените го донесоа мирот, вели Фердезе Сулејмани женски активистка која активно работеше заедно со други жени во промоција и градење на мирот во територијата на општина Куманово и Липково по 2001 година.*

Граѓанскиот сектор во општина Куманово во периодот од 2001 до 2008 е евидентиран како многу броен и разноличен. Според податоците на МЦМС во 2003 адресарот на граѓански организации, вкупниот број на граѓански организации во Куманово изнесувал 256 регистрирани организации, женски организации, хуманитарни, екологија, културно уметнички здруженија и др (Јаковлеска, 2003). Женски организации во Куманово според овој адресар се регистрирани вкупно 6, вклучувајќи и две чадор организации кои спроведуваат активности и во Куманово. Од друга страна не формалните бројки укажуваат дека бројот на активни организации на жени или организации кои работеле со жени е повисок околу 20 од тоа што е опфатено во адресарот, тоа го потврдуваат и женските лидери и организациите кои го членуваат во Кумановскиот женски центар.

Во општина Куманово, чадорот на женските организации така наречен Женски Центар[11] на 21ви век, според членките е формиран во 1999 години каде што членувале повеќе од дваесетина женски организации претставувајќи ги сите етнички заедници од Куманово. Центарот подржан од странски фондации нудел услуги и активности за жените од Куманово, како и служел како еден вид на хаб за сите женски организации од Куманово. Примарната цел на овој центар била информирање, поддршка на процесот на еманципација на жената, родовата еднаквост и застапеност на жената во јавната сфера. Истиот центар функционира само неколку години додека странските донатори го финансирале проектот, сепак бил без план за одржливост по завршувањето на проектите. Истиот престанува со работа по само неколку години.

*"Челнови на женските организации од Женски Центар Куманово активно се вклучија многу во планирање, реализација на активностите за време на 2001 во соработка со општина Куманов", вели градоначалникот Слободан Ковачевски исто времено и претседател на кризниот штаб во Куманово.*

[11] Фокус група во Куманово, декември 2019

Во периодот по 2001, организациите продолжија со својата работа на проекти и програми кои првенствено беа подржани од страна на меѓународните организации цел зајакнување на жените и нивното политичко делување, градење на мир и доверба во локалната заедница преку организирање на различни краткорочни проекти и иницијативи за жените и младите девојчиња. Како причина цел на сите проекти е помош и поддршка на жените кои беа опфатени со конфликт, преку нудење на психосоцијално советување, зајакнување на нивните вештини за работа, работење на надминување на стереотипите и предрасудите, преку организирање на средби, едукативни работилници, обуки и семинари на горенаведените теми. Во најголем дел од активностите беа спроведени од страна на жените за жените, безусловно споделувајќи ги своите експертизи, време и посветеност.

Понатаму дел од женските организации членуваат во националното координативно тело предводено од страна на МЦМС (MCMS, 2001) за распределување на хуманитарна помош во местата опфатени со конфликт по 2001 година, како и во национални женски платформи и коалиции за промоција на родовата еднаквост и спречување на семејното насилство.

Во периодот по 2003 година, фокусот на женските организации е на зајакнување на капацитетите на жените за учество во политиката, лобирање за женски права и рамноправност постепено по 2005 година активизмот за меѓуетничка соработка спласнува и фокусот е на родовата рамноправност и еманципација на жената.

Соработката со локалната власт нај интензивна е во текот на конфликтот, понатаму продолжува во различни форми, најчесто претставниците на женските организации се повикуваат на консултации, креирање на стратешки документи како на пример стратегија за развој 2005 година[12].

Дел од женските организации иако базирани во општина Куманово во своите активности опфаќаат жени, девојчиња и деца од селата од општина Липково.

**Анализа на функциите на женските здруженија во Куманово период 2001 до 2008.**

Во следниот текст ќе се направи еден осврт на активности и ефикасност на женските организации во рамки на секоја функција според Аналитичката рамка на функции на граѓанскиот сектор на Танија Паффенхолз.

**Заштита**

Оваа функција најмногу е присутна во текот на 2001, и се намалува во кон почетокот на 2002. Во рамки на оваа функција, најголем фокус на женските организации во Куманово во

[12] Фердезе Сулејмани, интервју февруари 2020

соработка со општините тие работеа на зачувување на мирот во самиот град преку директна работа со граѓаните, за намалување на лажните дезинформации за безбедноста, за тоа што ќе се случи во Куманово и зачувување на територијата на градот конфликтот да не се прелие во самиот град иако беше на 20 км од градот во сегашна општина Липково.

*"Во тој момент во Куманово значи беа голем број на НВО значи регистрирани во Куманово, но жените со задоволство беа вклучени. Прифаќаа ни посредно да работат со граѓаните и едноставно идеа од врата на врата да се разговара дека доколку има одредени лажни информации или некоја напната ситуација не треба да се поклекне на тие провокации се со цел да се зачува мирот во градот. Зошто ги потенцирам женските затоа што во тој временски период да имаше и спортски здруженија, имаше и здруженија и од други области но жените беа многу по флексибилни, имаа и голема мрежа на свои членки, работеа и дење и ноќе, немаше никакви забелешки ако ги повикаме во 10 во 12 часот ноќе едноставно претставничките се јавуваа на телефон ги прифаќаа сите сугестии и веднаш потоа преку своите мрежи контактираа со граѓаните", вели Елизабета Цветковска, поранешна вработена во општина Куманово*

Ефикасноста на улогата на жените во рамки на оваа функција се оценува како успешна од страна на општината од причина што тие брзо реагирале, секогаш биле подготвени за акција, имале доволен број на ресурси за брза мобилизација на населението, нивното информирање и разбивање на дезинформациите. Најчесто се среќавале со локалната популација преку неформални средби, посета по домови и др. Пристапот кој го користеле женските лидери бил имиџот на мајка, односно претставување на лидерите првенствено како мајки и кои првенствено сакаат да ги заштитат нивните деца, дом и пошироката заедница. Според претставниците на фокус група во Куманово, овој пристап овозможило населението да има поголема доверба кон нив и нивната работа.

Друг важен елемент е влијанието на актерите, женските актери кои биле вклучени во овој процес биле добро препознаени од страна на локалната заедница. Тие биле почитувани од страна на општинската администрација, формалните и неформалните лидери во заедницата. Како дел од членовите на Кризниот штаб членовите на кризниот штаб, обично се повикани на состаноци каде што меѓународната заедница ги консултира и учествуваат во дизајнирање на проекти кои ги таргетираат раселените лица од Кумановскиот регион.

*"Проектите кои ги реализиравме со женските организации ги доделуваме и финансиравме заради индивидуалните капацитети на женските лидери и претседатели на здруженијата, бидејќи организациските капацитети не име доволно развиено. Бев сигурна дека поставената цела ќе ја достигнат и ќе постигнат многу повеќе од поставената цел" Елена Родригез*

Понатаму и покрај индивидуалните разлики и гледишта за конфликтот и Охридскиот Рамковен Договор, осудувањето од страна на својата етничка заедница, безбедносните ризици и се друго. жените од различните етнички заедно работеле на заеднички проекти кои имаат за цел промоција на мир и соживот во локалната заедница. Тие ги покажуваат нивните лидерски вештини за промоција на мирот и градењето на култура на мир.

Меѓутоа овие активности не продолжуваат со ист интензитет по 2003 година, туку активностите на женските организации се фокусираат на зајакнување на жените за родова еднаквост и застапеност во јавната сфера. Со тоа и се намалува и работата и активностите во пошироката мобилизација на населението за меѓусебно почитување и промоција на мир.

Разликата се јавува што оваа активност не се продолжува и по завршувањето на конфликтот туку се имплементира само кратко време по 2001 година, што директно влијаело врз зголемување на тензиите, не довербата помеѓу граѓаните, креирање на паралелни светови и паралелни животи низ заедниците, поголема поделеност и зголемување на стереотипите и предрасудите и др. Како пример се наведува протестите на родителите Албанци кои изјавуваат дека нивните деца не се безбедни да учат во етничко мешано училиште, по пукањето на бомба пред Гимназијата во Куманово во 2002.

**Мониторинг**

За време и по завршувањето на конфликт мониторирање како функција најмногу е реализирана од страна на меѓународните организации како што се ОСБЕ Мисијата во Скопје коа има посебна канцеларија во Куманово, ЕУ делегација во Скопје, и на национално ниво Хелсиншкиот Комитет за Човекови права, додека пак локалните женски организации го имаат потпомогнато процесот со споделување на нивните гледишта на локалните состаноци, консултативните состаноци со меѓународната заедница.

Дополнително жените се вклучуваат во проекти и активности за набљудување на парламентарните избори и организирање на кампањи за зголемување на учеството на жената

да гласа. Недостасуваат податоци за  жените, како ти се афектирани од конфликтот, иницијативи за прибирање на податоци за реалностите, проблемите со кои сите жени се соочуваат не само тие што биле во можност да присуствуваат на активности, туку и руралните жени, жените и мајките на лицата што војувале, жените кои изгубиле претставници од семејството и др.

МЦМС изработува неделни извештаи за состојбата во земјата во текот на 2001 и 2002 кои вклучуваат податоци за иселениците, распределбата на хуманитарна помош, координација на активностите на меѓународните агенции кои членувале во координативното тело (МЦМС, 2001). Овие извештаи не се родово сензитивни, недостасуваат податоци за афектираните жени и деца за време на конфликтот и потоа.

Извршувањето на оваа функција од страна на локалните женски организации е многу на ниско ниво  или пак не постоечка бидејќи најголем дел оваа функција ја имаат преземено меѓународните организации и актери.

Недостасуваа мониторинг систем за следење на имплементацијата ма ОРД во локалната средина и самоуправа од страна на граѓанските здруженија вклучувајќи ги и женските.

Слабиот граѓански сектор и слабите капацитети на женските организации за мониторинг првенствено директно влијаат врз процесот на застапување и учество на жените во локалните процеси како што се градењето на мир, подигање на свеста на локалните власти за проблемите со кои се соочуваат жените од опфатените подрачја и др, лобирање за поголемо вклучување  во процесите за имплементација на мировниот договор.

Немањето на капацитети за мониторирање на работата исто влијае врз намалување на квалитетот и немање на објективна мерка за мерење на успехот или им пактот кој општината или женските организации го имале направено.

Третата причина за ниското ниво на оваа функција се приоритетите на меѓународните организации и донатори, најчесто мониторинг е на ниско ниво испораката на услуги, социјалната кохезија е по високо  на приоритетната листа.

**Застапување**

Функцијата на мониторинг е тесно поврзана со застапувањето, што ни укажува дека постои ниско ниво на застапување на женските потреби и интереси на преговарачката маса, за време на имплементацијата на Охридскиот Договор, за време на процесот на градењето на мир. За време на 2001, женските организации во Куманово се фокусираат само на испорака на услуги

а не и на застапување на женските интереси и проблеми, застапување за мир и мировно решавање на конфликтот.

Иако женските лидери се дел од кризниот штаб при општина Куманово, во имплементацијата на активностите на штабот нема посебни активности наменети за жените туку за вкупното население.

Како причини може да се надеваат следните:

- Ниско развиените капацитети на женските организации и лидери за застапување
- Фокус на меѓународните организации не е мониторинг и застапување, тоа го одредува и фокусот на проектите на женските лидери
- Немање на доволен простор за делување, консултирање, давање на мислење на локалната самоуправа за прашања кои се однесуваат на жените и децата
- Ниското ниво на учество на жената во локалната самоуправа, Советот, комисиите и др.
- Ниско ниво на застапување на национално ниво заради слабо развиен граѓански сектор на национално и локално ниво

Ниското ниво на застапување на жените се одразува директно но не отсликувањето на родова перспектива во имплементацијата на политиките на локално ниво, во дизајнирањето на локалните политики за развој на општината, во поддршката на женските организации и нивниот развој во локално ниво, поддршка и лобирање за жените од малцинските групи, помош на жените чии сопрузи биле дел од вооружените сили или жени кои биле дел од вооружените сили и др.

**Социјализација**

Женските организации се вклучуваат во промоција на ОРД и неговото позитивно толкување со поширокото население во локалната средина во рамки на фондовите и активностите на СОРОС. Пример е Алијанса на албанската жена активно ја подржаа и се вклучија во промоција на мировниот договор, неговото толкување и позитивна конотација со поширокото население, истиот е преведен на албански и македонски јазик[13].

Најмногу застапени активности на женските организации по 2001 година се од оваа функција, се разликуваат два вида на активности:

- Зајакнување на жените во рамки на својата етничка група,
- Активности за меѓукултурен дијалог

[13] Фердезе Сулјемани, интервју февруари 2020

**Зајакнување на жените во рамки на својата етничка група**

Женските организации со помош на странските донатори и националните граѓански здруженија, својата работа за мир ја продолжуваат преку дискурсот на родова еднаквост и застапеност со оглед на тоа дека во 2001 нивото на застапеност на жената бил многу по мал од денес на политичко ниво како и на ниво на вработување.

Истовремено во овој период тие ги градат сопствените капацитети за активно делување во локалната средина а во соработка со националните мрежи како што се СОЖМ; ЕСЕ учествуваат во национални проекти и активности за родова рамноправност, семејно насилство и др.

Активностите за зајакнување на жените најчесто се организирани во рамки на истата етничка заедница кои имале за цел првенствено зајакнување на работните способности на жените, нивните животни и професионални вештини во одредена област преку организирање на работилници за шиење, изработка на традиционални ракотворби, образование за здравје и едукација на децата и младинци. Во проектите биле вклучени и млади девојчиња кои се стекнале со знаења за животни вештини и професионална ориентација. Друг вид на активности кои вредат да се спомне е мобилизација на жените да излезат на гласање особено кај албанската популација кои според бројката на излезеност било на многу ниско ниво во раните години на 2000.

Голем број на активности се спроведени за зајакнување на жените и девојчињата од ромската припадност од страна на женската организација Даја од Куманово.

Првенствено типот на активностите и проектите се предводува од приоритети на донаторите а не според потребите на жените на терен, од една страна доведува да се запрашаме дали програмите и проектите за работни вештини на жените се базирани на реалните потреби кои во тогашно време жените.

Понатаму, недостасуваат податоци за импактот на овие активности и проекти врз бројот на вработени жени во локалната средина , жени кои отпочнале со бизнис и др.

Спроведување на ниско квалитетни програми, програми кои не соодветствуваат на потребите на таргет групата имаат директно влијание врз креирањето на перцепцијата дека проектите се само за профит на лидерите на здруженијата а не за креирање на долгорочна промена во заедницата, немање на онершип на процесот од страна на таргет групата што автоматски не промовира партиципативниот и охрабрување на жените сами да одлучуваат и др.

Влијанието на ваквиот тип на активности е за жал само на индивидуално ниво а не на општествено ниво бидејќи нема последователни податоци или активности кои докажуваат ефектот на ваквиот тип на активности, понатаму изборот на учесниците бил многу селективен наспроти вклучување на најранливите категории.

**Активности за меѓукултурен дијалог**

Краткорочни активности во име на градење на мир и доверба се организирани со жени со цел работење на заедничка цел односно учење на нови вештини, интеркултурно учење и запознавање на културите.

*Соработувавме со ЏИБИСИ каде што работевме со жени од сите националности најмногу со жените од Матејче и Липково, запознавање нивна традиција преку храна, преку обичаии, посета на верски објекти, имавме и водевме исто на бесплатни гинеколошки прегледи, после што имавме преку, плетење рачна изработка, работилници за опуштање, да да им купувавме вуници плетеаа некои везееа и др. вели преставник од фокус групата во Куманово.*

Може да се полемизираа концептот на разбирањето на меѓукултурните учење и дијалог, кој најчесто помеѓу присутните е сфатен како размена на култури, промоција на мултикултурализам наспроти градење на меѓукултурен дијалог.

Ефектот на ваквите активности е постигнат само на индивидуално ниво а не и на општествено ниво од неколку причини:

- Активностите се базираат само на проекти и се краткорочни како на пример краткорочен семинар или обука на тема мултикултурализам, без да има понатамошни активности или одговорност учесниците на кој начин да го применат наученото
- Разбирање на концепцијата на меѓу културно учење и дијалог се базира само на концептите на видливите елементи културата односно само на размена на традициите, празниците, храна, музика, традиционални обичаи и др. На пример се организираат различни јавни настани за ракотворби и традиционални носии изработени од жените, фестивали натпревари за храна и др. Најчесто разбирање на концептот е мултикултурализам претставен како Интер културен дијалог. Недостасуваат активности, иницијативи кои по длабоко ќе го разработат концептот на меѓу културен дијалог помеѓу жените, односно не само што ќе се запознаваат туку и да им овозможат да креираат и работат заедно на заеднички проекти, иницијативи,

активности и кои ќе имаат можност да демонстрираат промена на нивното однесување а не само на ставовите.

- За време на фокус групата дел од учесниците користеа термини како “ние “и “тие” за македонци и албанци. Оваа е друг индикатор кој не насочува дека и покрај долгорочната работа на оваа тема, постои ниско ниво на постои ниско ниво на сензитивност и толеранција спрема другиот етникум, сеуште има високо ниво на предрасуди.
- Недостасуваат податоци колку жени од руралните средини се вклучени, особено од сите засегнати етникуми наспроти вклучување на жените кои веќе сакале да градат дијалог
- Недостасуваат иницијативи од страна на училиштата, локалната самоуправа кои промовираат дијалог и градење на мир, системски пристап, напротив оваа е оставено на граѓанскиот сектор и спроведување на проекти.

Индивидуалниот ефект постигнува само промени во ставовите, ретко во однесувањето, најчесто пребродување со стереотипите и предрасудите но таму престанува.

Промоцијата на мултикултурализмот наспроти интеркултурализмот има директно влијание врз промената која е промовирана и правена како и креирањето на визијата за мир можеме да живееме едни до други а не едни со други. Дополнително има влијание врз долготрајноста на мирот, кој е воспоставен врз изградба на доверба, директно отворање и работење на сензитивни теми и нивното разрешување, долгорочна работа со таргет групите а не само сликање на семинари и работилници за потребите на проектот.

Работењето на промоција на мултикултурализам наспроти долгорочно градење на доверба кај граѓаните има директни последици врз квалитетот на воспоставениот мир, начинот на комуникација и социјализација во периодот по 2001 година.

Особено голем акцент на активности за меѓусебно учење и разбирање е ставено на младите во Куманово, на младите девојчиња кои учествуваат во различни младински клубови, младинки центри, центри за обука и едукација кои заедно работата на теми како што се разрешување на конфликтите, врсничка медијација и др. Познати се младинскиот центар Тријаголник во Куманово координиран од страна на НВО Тријаголник, ИПК центарот координиран од страна на Ист Вест Институтот и др.

**Социјална кохезија**

Женски центар Куманово е одличен пример за создавање на социјален капитал на жените во Куманово, со споделување на ист простор и ресурси со цел да се подобри положбата на

жената во Куманово, претставува пример за меѓуетничка соработка  за иста кауза подобрување на родовата рамноправност.

Друг важен елемент е развојот на женските организации, снабдувањето со канцеларија, работни материјали, можноста за заедничко аплицирање за грантови и програми им овозможи на женските организации да бидат по ефикасни во нивната работа и делување.

Меѓународните организации ги обучуваат и подржуваат женските организации како да градат мир и доверба помеѓу жените преку споделување на искуства од Северна Ирска и други држави.

Сепак во текот на кризата во 2001, секое здружение има работено посебно и исклучително за етникумот кој го претставува, за да по периодот 2001 повторно се воспоставува соработка помеѓу и индивидуални организации кои работат за промоција на меѓуетнички дијалог помеѓу жените и поширокото население.

Покрај проектите и програмите што женските организации ги спроведуваа со жени, голем број на иницијативи и проекти се подржани за наставници, млади и деца.

Експертизата на жените особено е дојдена до израз особено за иницијативите и проекти за психосоцијална помош на внатрешно раселените лица од општина Куманово, нудење на помош и поддршка за едукација и рехабилитација на мајките и нивните деца. Жените од различни профили како што се психолози, педагози, наставници, социјални работници се соединуваат за една цел а тоа е да се изгради мир во локалната средина.

*Можам да кажам дека сите активно се вклучивме во тој  период користевме сопствени ресурси, значи оние кои што беа социјални работници, психолози и членови на нашата организации тие беа фактички волонтери кои што сакаа да помогнат со нивните знаења и вештини да има помогнат на жените кои беа погодени од овој конфликт, вели претставник од фокус групата во Куманово*

И  покрај многуте проекти и иницијативи не само од локалните организации туку и од националните и меѓународните организации, сепак многу е мал е бројот на граѓанските организации кои се во мешан етнички состав во текот на раните 2000тите години.  Некои од нив се издвојуваат Мултиетничко здружение „Флоренс Најтингел“ организација на жени, од периодот по 2005 започнува трендот на основање на граѓански здруженија кои се со мешан етнички состав како на пример Здружение Центар за меѓукултурен дијалог Куманово,

Младински Клуб Триаголник, ИПК Проект за меѓуетничка соработка подржан од East West Institute и др.
Активности за социјална кохезија во Куманово се реализирани и од страна на национални организации кои ви вклучуваат жените, младите и децата на различни програми и активности за градење на мир, како на пример Search for Common Ground (Search for Common Ground, 2015) со отворање на мозаик градинките и работа во билингвална група на деца во неколку градови низ Македонија вклучувајќи го и Куманово. Земајќи го во предвид фактот дека најголем дел од вработени во градинките се жени, тие обучени и вклучени во процесот на градење на мир преку својата работа. Обучени се со компетенции што е меѓу културен дијалог, како да се работи во меѓу културна група, како да се работи во родово балансиран пристап, разрешување конфликти и др. Проектот вклучува и работа и обука на родителите, истражувањата покажуваат дека има направено позитивно влијание врз нив и промената на нивните ставови за работа на децата во меѓуетничка група. Овој проект покажа одржливост, од 2012 се институционализира го презема Министерство за труд и социјална работа. (Search for Common Ground, 2015)

За концептот за градење на мир женските организации се базирале главно од дискурсот од југословенскиот концепт на братство и единство, нешто што го потенцираат дека го немаат младите генерации со кои многу треба да се работи[14].
Овој период е ренесансата на граѓанскиот активизам во Куманово, каде што граѓанските организирани заедно соработуваат и реализираат активности и проекти и има рекорден голем број на регистрирани и активни здруженија за разлика од денес.
Покрај фактот што голем рој на жени волонтерски се вклучуваат во нивната работа на проектите и иницијативите, исто времено граѓанските организациите овозможуваат и обезбедување на вработување за жените кои се вклучуваат во работата.

Во процесот на градењето на социјална кохезија недостасуваат модели за меѓуетнуичка соработка во областа на образованието, здруженијата, културно уметничките друштва, формалните и не формалните групи и др. Сите функционираат соло за сопствената заедница, повремено соработува со другата. Оваа директно влијае врз креирањето на паралелизам и паралелниот свет наместо креирање на заедничко општество.
Пример за не функционално тело кој има задача да биде претставничко тело на сите етнички заедници е Комисијата за односи помеѓу заедниците Не успешноста на извршувањето на

[14] Фокус група Куманово, декември 2019

нивната улога се сведува на многу причини:. Немање на доволно изградени капацитети, препознаеност и влијание во локалната средина, партизирано и политичко влијание врз изборот на членовите се дел од предизвиците со кои оваа комисија се соочува.

**Фацилитација**

Во рамки на оваа функција активностите во 2001 на женските организации се насочуваат кон воспоставување на комуникација и соработка со внатрешно раселените лица и претставување на нивните проблеми и предизвици со кои се соочуваат пред општинските власи и меѓународната заедница.

Иницирани се проекти за краткорочни и долгорочни обуки и работилници за наставници и млади лица, вклучувајќи и млади девојчиња за медијација и разрешување на конфликти.

Оваа функција е изведена од страна на меѓународните организации како на пример ОСБЕ Мисијата во Скопје при преговорите со претставниците на ОНА за давање на пристап до водоводот лоциран во Липково[15]

**Испорака на услуги**

Најмногу е присутна во периодот од започнување на конфликтот во областа на Куманово, мај 2001 па се до крајот на годината и почетокот на следната година. Активностите кои женските организации ги реализирале се:

- Обезбедување на вода на поширокиот дел на населението во период кога водоснабдувањето е прекинато за повеќе од два месеци во текот на летото на 2001, женските организации се мобилизираат со волонтери и делеле чиста вода за пиење во координација со општината и кризниот штаб, тие делат вода низ различни населби во градот, ги информираат граѓаните за состојбата со водоснабдувањето и др.
- Делење на хуманитарна помош за раселените лица од општина Липково, најголем дел од македонците биле сместени во колективниот центар во тогашен хотел Кристал, каде што жените беа помогнати со различни видови на хуманитарна помош како и психосоцијална помош за надминување на траумите и стресот со кои се соочувале во тој период. За разлика албанското население најголем дел се сместени кај роднини или приватно, што овозможило пристапот до кај жените да биде потежок за психосоцијална помош. Центри за помош отворени се во две основни училишта каде што се нуделе услуги за жени и деца. Хуманитарната помош е потпомогната од страна

[15] Слободан Ковачевски, поранешен градоначалник на општина Куманово, април 2020

на други граѓански организации од градот, на пример Ромките организации Даја и Дром, Хуманитарниот огранок на ЕлХилал и др.

- Информирање и насока на внатрешно раселените лица за нивните права, институционална помош е исто така услуга која што жените во тоа време ја нуделе.

Улогата на жените во рамки на оваа функција се проценува се проценува како високо ефикасната од страна на претставниците од општината и самите женски организации.

Овие активности се и најчесто спомнати од страна на женските организации за процесот на градењето на мир, бидејќи резултатите се видливи и поттикнати од нивната мотивација за помош и помагање.

Учество на националната работна група за испораки на хуманитарни е нај споменуваната активност од страна на женските организации во текот на фокус групата. Исто така во текот на разговорот се гледаше задоволството и горделивоста на женските активисти за испорака и брза реакција на услугите до жените и пошироката население.

Според претставниците на општината[16] оваа соработка е модул кој што е локално развиен и каде што женските организации во текот на работата на кризниот штаб имале и одлучувачка улога за прашања за обезбедување на услуги на граѓаните и внатрешно раселените лица. Оваа исто така и единствениот модул тој општината Куманово го има користено, во формирањето на другите кризни штабови процентот на застапеноста на женските организации отпаѓа низ годините до денес.

Оваа функција е од висока релевантност за конфликтот и женските организации имаат позитивно влијание за извршувањето на оваа функција.

**Мотивација за работа кај женските организации**

Испитаниците од фокус групата и интервјуата во Куманово на прашањето што ги мотивирало да се вклучат во работата најчест одговор е алтруизмот, односно помагањето на нивните блиски семејства кои се погодени со конфликтот. Втора група на одговори се подобрувањето на положбата на жената во општеството и залагање за поголема застапеност и еднаквост на жената во заедницата.

Поголемиот дел од женските лидери во последните 10 години веќе не работат директно во промоцијата на мирот и жените, ниту се активно вклучени во граѓанските организации. Како причина ги наведуваат не одржливоста на проектите, немање на канцеларија, донатори и фондови за реализација на проектни активности.

[16] Елизабета Цветковска, поранешна вработена во општина Куманово, лице одговорно за соработка со НВО

**Женските перспективи за имплементацијата на Охридски Рамковен Договор**

Македонските женски организации не го подржуваат мировниот одговор, перцепцијата е дека е увезен од странство, наспроти претставниците на албанските здруженија кои го гледаат договорот како позитивен мировен договор.

Сеуште се полемизира влијанието и имплементацијата на Договорот, области кои се жените имаат придобивки: зголемување на вработување, политичка репрезентативност, зајакнување на женските организации, програми и проекти за женските организации, зголемено образование на младите девојчиња албанки, образование на жените албанки. Останува да се запрашаме дали оваа навистина е влијание на Договорот или пак истовремено и процесот на националното лобирање на женските организации за донесување на политики а родова рамноправност, како што е законот за политичко претставување, програмите на МЦМС, СОРОС за зголемување на капацитетите на женските организации во период од 2001 до 2005 година.

**Оценување на квалитетот на мир во локалната средина**

Женските лидери на прашањето како би го оцениле квалитетот на дешениот мир во Куманово одговорија со среда оценка со 3, во скалата од 1 до 5. Причини кои ги наведова се намалената или не постоењето на комуникација помеѓу младите, паралелниот социјален свет на пример области каде што само македонците одат, албанците и др. Нискиот број на активности и програми реализирани со жени и млади во моментот, активностите не се долгорочни туку се само краткорочни и базирани на проекти. Недостасува млад обучен карар за работа во граѓанските организации и нови фигури на женските лидери.

**Заклучок за Куманово**

Лидерите на женските здруженија извршија големо влијание врз развојот на граѓанското општество во Куманово, периодот по 2001 ја претставува ренесансата за развојот на граѓанскиот активизам и здруженија. Жените заедно се здружија за време на конфликтот во 2001, заедно работеа кон подобрување на животот на жените кои беа опфатени од конфликтот, локалните жени внатрешно раселените жени и деца. Етничките тензии беа пречка за нив туку напротив предизвик, тие заедно да седнат на една маса разговараат и предлагаат решенија како да им се помогне на раселените лица, жените и децата по завршување на конфликтот.

Жените обединето пристапија кон кампањи и иницијативи за разоружување и промоција на мир низ селата во Липковско и Кумановскиот регион.

Нивната ефикасна работа беше препознаена од страна на општината администрација која нив ги гледаше како партнер во процесот н градење на мир во 2001 и неколку години подоцна. Преку вклучување на жените дел од Кризниот штаб за справување со кризата во 2001 составен од општина Куманово, реализираа иницијативи, состаноци, претставувајќи ги проблемите со кои жените се соочуваа тоа време и поширокото население.

Во периодот по 2001, тие продолжија да функционираат во рамки на нивните организации со фокус на родовата еднаквост и зајакнување на жената за учество во политиката а помалку на тема градење на доверба и мир во локалната средина.

Ретки се активностите на жените кои директно работат за градење на мир, доверба и меѓу културно учење. Краткорочни активности се реализирани на тема меѓукултурен дијалог и мир, постигнат е ефект само на индивидуално ниво но не и на општествено од следните причини: активностите се краткорочни, фокус е едукација и промена на ставовите а не на однесувањето, не ги опфаќа сите нивоа на општеството вклучувајќи ги и руралните жени, не вработените жени туку само тие кои изразиле желба да бидат дел од активностите кои веќе биле спремни за промена. Женските организации функционирале во соло функција, односно нуделе активностите во рамки на нивната етничка заедница понекогаш се соединуваат како партнери на проект. Недостасува заеднички модел и визија за градење на доверба основана на промоција на меѓукултурен дијалог туку најчесто е промовиран мултикултурализмот како модел. Градењето на мир во Куманово е присутен во текот на 2001 години и само неколку години потоа, многу брзо фокусот на женските организации се ориентира на економско и политичко зајакнување на жената особено таргетирајќи жените од градот и помалку од руралните средини. Работата со раселените жени од Липково престанува со самото повлекување на фондовите од страна на донаторите, односно отколку 2002 година.

За време на 2001 година жените се докажуваат како многу успешни лидери во испораката на хуманитарна помош на раселените лица, понатаму во тие успешно работат на промоцијата на визијата за мир преку директен контат со сите граѓани, врата до врата за сузбивање на ставовите, дезинформациите и спречување на појава на насилството во градот Куманово. Останува да се запрашаме колку успеале да вршат влијание за заштита на жените во текот на конфликтот и по конфликтот.

Функциите за кои покажуваат по ниско ниво на ефикасност и се јавува простор за подобрување се социјализација, социјална кохезија, фацилитација, мониторинг и застапување од следните причини:

- Немање на капацитети на организациите за мониторирање и лобирање за жените од локалната средина за процесот на градењето на мир и застапување на нивните потреби и интереси пред локалната самоуправа и донаторските организации.
- Следењето на тредновите и приоритетите на странските организации наспроти потребите на локалната средина
- Необновување на нивните кадри, зајакнување на вештините за пишување на грантови, организациски развој, одржливост на организација идр. Целосната работа се сведува на индивидуален ангажман наспроти делување како организација, феноментот еден човек една организација.
- Промоција и залагање на концепцијата за градењето на мир преку мултикултурализам наспроти интеркулкутуризам, кој доведува кон краткочни ефекти врз индивидуите но не и на ниво на општеството. Работата со жените и мирот трае само неколку години 2 до 3 години по завршување на конфликтот, наместо тоа тие се фокусираат на зајакнување на жената за економско и политичко делување. Меѓусебната перцепција на компетиција за грантови наспроти соработка на активности и проекти.
- Недостасуваат компетенции и иницијативи за застапување на женските интереси и проблеми по конфликтот и постојаниот фокус на градењето на мир наспроти тоа процесот се сфаќа како проектен циклус и донаторска цел.
- Занемарување на руралните средини, односно ниско ниво на вклученост на жените од руралните средини како Липково, околните села од Куманово и др.

Направените пропусти во извршувањето на функцијата на социјална кохезија и социјализација имаат директен ефект врз квалитетот на мирот кој е развиен и поставен од страна на женските организации во локалната средина. Квалитетот на мир во денешно време испитаниците го оценуваат со среда оценка, со објаснување дека потребно е по систематски пристап за процесот на градење на мир од страна на институциите и локалната самоуправа а не само граѓанскиот сектор.

Ефектите од ваквиот пристап кон градењето на мирот имаат придонесено кон следно:

- Продолжување на работата во соло ефект, односно секоја организација придонесува кон својата етничка заедница

- Мапирањето на добрите практики и искуства од жените лидери останува со нив и избледува со време, нивното на борци за демократија и женски права останува како приказна за раскажување наместо да се употреби во полза на понатамошното градење на мирот во локалната заедница.
- Креиран е мит дека за меѓу етничката соработка потребно е проект и финансии, и дека е работа на меѓународните организации
- Креиран е паралелен свет во кој граѓаните вклучувајќи и жените и младите девојчиња живеат и функционираат, особено кај младите не постои комуникација ни системска ниту не формална. Се помалку се изучува македонскиот јазик кај младите девојчиња од Липково, дополнително отежнува процесите за меѓу етничка соработка и креирање на јазови помеѓу младите.

## 4.2 Студија на случај општина Тетово

Тетовскиот регион беше опфатен во текот на конфликтот во 2001 година особено руралните средини покрај граничниот премин со Косово, општина Теарце кај што се многу бројни етнички мешаните села. Центарот на градот сто така беше опфатен со низа на инциденти и насилства за време на конфликтот.

Од денешна перспектива граѓанскиот сектор во општина Тетово се опишува  како многу броен и многу разновиден, бројни се организациите со мешан етнички состав кои активно работат на работат активно на промоција на заедничкото живеење и меѓу културното учење и дијалог, женски права, инклузија на Роми, активизам за животната средина и развој на заедниците.

Во текот на 2000та година, во Тетово се сместуваат илјадници иселеници од Косовската војна, деца и жени со кои локалните здруженија се вклучуваат и им даваат поддршка, како и низа на меѓународни здруженија и фондации. За разлика од Куманово, женскиот активизам на број е помал во Тетово во периодот по 2001, многу бројни се здруженијата кои работат со млади.

Според адресарот на МЦМС 2003 во Тетово се регистрирани вкупно 2 граѓански здруженија од кои само две се регистрирани како здруженија на жени (Јаковлеска, 2003).

Карактеристично за женските организации од општина Тетово во периодот по 2001 до 2008, е дека не постојат етнички мешани организации, жените неформално или на проекти соработуваат меѓу себе. Постоела мала толеранција за меѓуетничка соработка, промените се случуваат во 2008 каде што се организацијата на жени Форум на албанската жена се пререгистрира како здружение на жени  Форум на жените со мулти етнички состав.

Таргет групата со која најмногу работеле во периодот по 2001 се раселените жени од околината на Тетово,  нудејќи психосоцијална помош, советување, градење на доверба, справување со стресот низ кои поминувале, едукација, справување со родовата насилство  и др.  Во периодот до 2008 женските организации продолжуваат со својата работа и мисија кон зајакнување на положбата на жената во општеството, лобирање на наследени права, нудење на правана помош за семејното насилство, образование и обука за претприемаштво и др, помалку се присутни проектите и активностите кои се насочени само кон градење на мир со жените.

Фактори кои имаат придонесено за развој на здруженијата на жени се следни:

- Искуството од работата со раселените косовски жени, директно го пренесоа на жените опфатени со конфликтот во Тетово, нудејќи има хуманитарна помош, психосоцијална помош и поддршка за справување со новонастанатиот стрес, информирање и нудење на консултации за можностите за реконструкција и реновирање на нивните домови веднаш по завршувањето на конфликтот.
- Постоењето на националните програми на СОРОС , МЦСМС за развој на женските организации и нивните капацитети
- Постоењето на странските донатори и нивните програми за работа за време на 2000та година и неколку години потоа, постоењето на фондови и финансирање на проекти кои се реализирале од страна на женските организации
- Добро развиени капацитети на жените лидери за регрутирање и работење со жените од руралните средини, вклучувајќи ги и мажите во нивната работа
- Влијателни фигури на женските лидери во локалната средина
- Националната платформа за жени СОЖМ се вклучува во директна работа со жените од руралните средини од Тетово

Фактори кои ја отежнуваат работата на организациите за жени се:

- Преливање на конфликтот и насилството во делови на градот односно одредени населби
- Високото ниво на етнички тензии кои на моменти дури биле и лично заканувачки за женските лидери од различни етнички
- Ниското ниво на соработка и отвореност за соработка од страна на општината со граѓанските здруженија, слика која ја отсликува и денешната состојба за не соработката на општина Тетово со граѓанскиот сектор
- Родови стигматизација на жената од руралната средина, немање на слободна сама да одлучува, патува, грижи за сопственото здравје и др.
- Немање на доволно одржливи фондови, работата е базирана врз расположливоста на странските донатори

Покрај женските организации голем придонес имаат дадено и здруженијата на за млади, Роми, за развој на општеството кои се вклучуваат и реализираат низа на програми и проекти кои имаат за цел промоција на мир во Тетово.

**Анализа на функциите на граѓанското општество во Тетово**

Женските здруженија во Тетово најмногу се истакнуваат со активностите за социјализација и социјална кохезија испорака на услуги, слаби страни и м се мониторинг и застапување, а делумно и фацилитацијата.

**Заштита**

Женските лидери од Тетово не се вклучуваат во иницијативи за заштита или прогласување на мировни зони. Причина за тоа е слабо развиениот граѓански сектор, немањето на доволно простор за делување, дел од претставниците и активистките го напуштаат градот бидејќи во текот на летото 2001 ситуацијата се вложува до тој степен што не се чувствуваат безбедни. Влијанието на женските организации за заштита на населението е многу ниско за време на конфликтот.

**Мониторинг и застапување**

Во однос на мониторинг и застапување, женските организации во почетоците на 2001 биде во самите почетоци и на развојот на граѓанските здруженија, со наведува до фактот дека немало доволно капацитети за организациски развој, за реализација на проектни активности и за следење и застапување на жените за мир или во имплементацијата на мировниот договор. Не постои вмрежување или здружување на сите женски организации, туку поединечно делување со помош на странските донаторски проекти. Најголем дел од мониторирање на процесот на градењето на доверба и безбедност се реализира од страна на ОСБЕ Мисијата во Скопје, односно преку нејзината канцеларија во Тетово, Хелсиншкиот Комитет за човекови права. Здруженијата периодично се поканети на средби за консултација за имплементацијата на ОРД сепак според испитаниците тоа не е доволно да не направи значајно влијание, тие тесно соработуваат со ОСБЕ претставниците во Тетово и меѓународните организации кои се во улога на мониторинг Понатаму како втора причина е не препознавањето на локалната самоуправа и ниската соработка со нив.

Во однос на застапувањето, жените имаат ниско ниво на застапување на политики за градењето на мирот во локалната средина, во периодот по 2005 тие активно се вклучуваат во однос на креирање и застапување на политики за поголема вклученост на жените за гласање, за политичко претставување, за креирање на политики за заштита од семејно насилство и др. Овие области за застапување за подржани и од страна на националните платформи на жени како што се СОЖМ, ЕСЕ и др.

**Социјализација**

Женските лидери и организации ефикасно се вклучуваат во планирање и реализација на проектни активности со жените од градот Тетово како и од околните средини. Активностите

најголем дел се изведуваат за етничката припадност за кое здружението ја претставува, ретки се активностите во мешани групи до 2008 година од кога започнуваат иницијативи за етнички мешани организации и претставнички тела. Следните активности се реализираат со жени:

- Обука и зајакнување на жените за грижа на сопственото здравје, пријава на семејно насилство, вклучување на жените не само како учесници на овие активности туку и како поддржувачи за регрутирање на нови жени за обука низ околните села и многу изолираните погранични средини
- Реализација на рекреативни, советувалиште, едукативни работилници со жени и со нивните деца во рамки на Семејниот центар лоциран во центарот на градот, вклучување на меѓу генерациски дијалог и охрабрување на сите жени и млади девојчиња да го посетат центарот
- Работа со внатрешно иселените жени, нивното советување, психо социјална помош, и поддршка за враќање во нивните родни места, креирање на услови и нивна подготовка за враќање. Нивното зајанување и подготовка за враќање во родните краишта. *Во руралните средини две години по ред се реализира проект за надминување на стресот на локалните жени предизвикан од страна на војната или пак од процесот на враќање вели Цане Крешова, претседател на здружението Женски Форум Тетово*
- Во 2003 Женски Форум отвара бесплатен центар за правна помош за жените кои се соочуваат со семејно насилство, нудејќи помош за жртвите од семејно насилство без разлика на етничка или верска припадност

**Социјална кохезија**

За разлика од Куманово, жените во Тетово концепцијата за градење на мир ја реализираат преку директната работа на терен, кај што жените се присутни во нивните домови, трибини и средби кои се насочени за градењето на довербата помеѓу жените од различните етнички заедници.

*Реализиравме проекти во руралните средини прво за враќање на довербата потоа работевме за градење на довербата. И после та значи имавме работилници за комуникација за мешани групи, така да посетепено работевме за воспоставување на меѓукултурен дијалог, мислим дека многу интензивно и многу сме работеле заедно вели претставник од фокус групата во Тетово, декември 2020*

Во колективните домови во Скопје каде што биле сместени раселените лица од околните села од Тетово како што се Лешок, женските активисти на СОЖМ активно работеле со жените за мировно разрешување на конфликти, нивната подготовка за прифаќање и разбирање на другиот.
Активностите за градење на доверба за многу присутни не само со жените туку и со младите, особено младите девојчиња од руралните средини.
Активностите за градење на мир траат додека меѓународните организации финансираат проекти и активности, фокусот на женските организации набргу се менува кон зајакнување и подобрување на позицијата на жените. Слично како и во Куманово овие активности се краткорочни и недостасува долгорочна визија за градење на мир и доверба.

**Фацилитација**

Нема податоци за извршувањето на оваа функција за време и по завршување на конфликтот.

**Испорака на услуги**

Хуманитарните акции и активности се најчестите видови на иницијативи кои женските организации ги реализираат. За време на фокус групата тие срамежливо ги спомнаа хуманитарната помош, какао што тие рекоа тоа беше многу мала активност, важно да се напомене дека за време на конфликтот во селата кои беа опфатени со конфликт тие делеле хуманитарна помош.

*Кога размислувам сега се восхитувам и чудам на мојата храброст што сум ја имала тоа време, слушав пукотници по град и на вести, ипак имав храброст да излезам од станот и одев во општината да помагам за делење на хуманитарна помош по селата, вели Џане Крешва претседателка на Женски Форум Тетово*

Женските здруженија самоволно се вклучуваат во работата со раселените лица, нивната помош и подрдшка на жените раселени од Тетовскиот регион сместени во прифатните центри во Скопје. Илјада и една приказна е еден од проектите што го реализираа со жените, кои ги споделуваа нивните доживувања и реални случувања за време на конфликтот.

*Нашите илјадници разговори за мир во колективните домови подршката од институциите на државата што ја добиваа ја сватија суштината дека разбирањето донесува до мир. Разговорите носат, донесуваат до мир, мирно разрешување на било каков конфликт и тоа беше начинот на кој што ние ги потикнавме да самите се вклучат во активностите и беа заеднички во сите тие, вели Сафка Тодоровска од СОЖМ*

**Мотивација за работа кај женските организации**

*Значи ние прво од лични интереси, блиските и на своите и на сите граѓани сакавме да придонесеме да се смири работата значи да ја вратиме довербата, да ја градиме за да живееме заедно. Затоа тоа беше мојата лична мотивација со деца и со сите, да ги гледаме заедничките интереси. Да не дадее на никој Господ да го напушти домот и со едно торбиче да излези вели претставник од фокус групата*

Најголем дел од интервјуираните жени нагласуваат дека првичната мотивација да се вклучена во работата со здружението е лична, потаму да се подобри животот не жените во заедницата и да се подобрат меѓу етничките односи во Тетово.

**Женските перспективи за имплементацијата на Охридски Рамковен Договор**

Во однос на перцепциите за Охридскиот Рамковен Договори неговата имплементација и придонес за жените, Воглавно женските лидери гледаат како позитивен придонес но не доволен, позитивниот придонес го објаснуваат преку:

- Зголемување на образованието на жените и девојчињата Албанки, особено на тие ко доаѓаат од руралните средини
- Зголемување на нивото на вработеност на жените
- Промени кај руралната жена, сега може да патува сама до град
- Вклучување на жените во различни образовани и едукативни активности
- Развој на женските организации заради постоењето на многу бројни фондови и донаторски организации

Сепак жените лидери истакнуваат незадоволство за онаа што е постигнато, потребно е уште да се работи особено во охрабрување на младите девојчиња за започнат со нивниот активизам за женски права и поголема вклученост.

**Оценување на квалитетот на мир во локалната средина**

Средна оценка е тројка како причина ги наведуваат ниското ниво на интеракција помеѓу младите во локалната средина, постои големо незадоволство од жените на политичките функции кои не доволно ги претставуваат женските интереси и потреби. Друг фактор кој влијае е ниското ниво на женски активизам во Тетово, моментално активно работат само две организации од кои Женски Форум е една од најактивните женски организации од 2001 година до денес.

**Заклучок за Тетово**

Развојот на женските здруженија во најголем дел се под влијание на меѓународната заедница и достапноста на фондовите. Жените успешно работат во реализација и спроведување на програми со внатрешно раселените лица од руралните средини во Тетовскиот регион. Успешни се во испораката на услугите, зајакнување на жените, нивната обука и зајакнување на жените. Јаката страна на женските здруженија во Тетово е работата во руралните средини и таргетирањето на сите жени не само тие што се образовани туку и тие што не се во можност да дојдат во градот и учествуваат на тркалезна маса.

Другата позитивна страна на женските здруженија во Тетово е трансофмративната природа, поголем фокус се става на женските права, обука и зајакнување за учество на избори и гласање наместо само на испорака на услуги како што е случај во Куманово. Третиот тренд во Тетово е примерот на трансформирање на здружението Форум на Албанската Жена во меѓуетничко здружение Женски форум што претставува голем исчекор во процесот на градење на модел и доверба кај граѓаните.

Обука на жените од руралните средини кои понатаму дејствуваат како локални фацилитатори и обучувачи за другите жени во локалната средина е одличен пример за како да се постигне поголема мобилизација и таргет група.

Факторите кои оневозможуваат женските организации да вршат влијание во локалната средина се:

- Немање на постојна соработка со локалната самоуправа, недостаток на консултации и вклучување на жените во ниедна активност на општината, ниското ниво на соработка на општина Тетово со граѓанскиот сектор е присутен и до ден денес, според истражувањето на НВО Инфо Центарот (НВО Инфор Центар, 2018).
- Мал број на граѓански здруженија кои работат со жени, товарот на целата работа се распределува помеѓу неколку женски лидери
- Граѓанските здруженија немаат финансиска одржливост, голем број на нивото делување е определено според проектите и приоритетите на меѓународната заедница
- Постоење на високо ниво на етнички тензии кои оневозможуваат простор на заедничко делување на граѓанските организации наспроти тие се фокусираат на работ само со еден етникум, ситуацијата започнува да се одобрува по 2008 година[17].

[17] Фокус група Тетово, декември 2019

## 5. Дискусија

Процесот на градењето на мир во локалните средини во Република Северна Македонија се карактеризира со топ даун пристап, односно најголем дел од мерките за спроведување на мировниот договор Охридскиот рамковен Договор се однесуваат на промени и градењето на институциите и политиките за инклузивност на помалите етнички заедници. Многу помалку се застапени грасрут иницијативите за градењето на мир, го потврдуваат и податоците од оваа истражување. Односно иницијативите од локалната средина без институционална поддршка не може да го постигнуваат посакуваното влијание во локалната средина. Не постои интегративен пристап и родова перспектива во процесите за градење на мир. Не постои формален процес на вклучување на жените во преговарање или консултации за имплементација на Договорот, градењето на мирот.

Воглавно градењето на мирот е за народот а помалку е застапено вклученоста на поширокото население во градењето на мирот, тоа се отсликува и во самата перцепција и на самите граѓански здруженија дека Охридскиот Рамковен Договор е наметнат и дека меѓународните организации се најголем дел лобираат за неговата имплементација и ги обучуваат граѓанските организации како тоа да го направат.
И покрај националните кампањи ДОСТА и други кампањи и активности за мобилизација на населението сеуште постои поделена перцепција за Договорот, вклучувајќи и во денешно време скоро 20 години поминати од потпишувањето на Договорот.
Во однос на градењето на мирот во локалната средина женските организации се вклучија во неформалните процеси за градењето на мир, директната работа со жените, поранешните борци, младите девојчиња и поширокото население.

Спроведеното истражување потврдува дека женските организации на локално ниво најефективно ја извршуваат функцијата за испораката на услугите за време и веднаш по завршувањето на конфликтот хуманитарна помош, потоа социјализацијата и делумно успешни во извршувањето на функцијата за социјална кохезија.
Ограничено влијание имаат врз извршувањето на функциите: заштита, мониторинг и застапување како и фацилитација.
Според Пафенхолз фунцкиите кои се нај ефикасни за градење на одржлив мир во пост конфликтен кои треба граѓанскиот сектор да ги изврши се: мониторинг и застапување, социјална кохезија, и социјализација (Paffenholz, 2010). Според овие податоци женските

организации делумно се успешни за процесите за градење на мир. Подолу ќе се објаснат деталите за причините и последиците на овие состојби.

**Социјализација**

Извршувањето на оваа функција кај женските организации е прилично ефикасно двослоен ефект, од едната страна работат на зајакнување на позицијата на жената во јавната и политичката сфера, а другата страна е зајакнување на жената во рамки на својата етничка заедница. Оваа функција во најголем дел се работи низ призмата за зајакнување на жената.

Со оглед на тоа дека учеството на жените на политичко ниво во периодот од 2001 до 2008 е на многу ниско ниво, работата на зајакнување на жените и нивните лидерски способности е од особена значајност. Голем фокус на женските организации се еманципација на жените, градење на нивните капацитети за политичко претставување, да се зголеми излезеноста на гласање, вештини за вработување и др.

Учеството на жените во локалниот совет на општината, во државните институции, во процесите на одлучување е на поразително ниво.

Најголем дел од активностите на жените се насочуваат кон зајакнување на позицијата на жената во рамките на самата етничка заедница, како на пример ромската, албанската заедница подобрување на нивната позиција во рамки на етичката заедница.

Може да се наведат и неколку активности кои се реализираат во мешани групи но сепак фокусот на таквите активности не е градењето на мирот туку зајакнувањето на жената и не се континуирани туку се базираат врз основа на проекти и иницијативи.

Жените се ефикасни во испораката на оваа функција во локално ниво.

**Социјална кохезија**

Голем предизвик за жените во периодот од 2001 до 2008 е формирањето на социјалниот капитал односно формирањето и работењето во етнички мешани здруженија, неформални групи, заради постоењето на високите меѓуетнички тензии, перцепцијата на предавник на етничката група која припаѓа, висок број на предрасуди и стереотипи, влијанието на медиумите врз зголемување на тензиите и др. Тие во најголем дел од својата работа функционираат како соло, работат со нивната таргет група етничка заедница, во некои случаеви заради барањата на меѓународната заедница проектите да се реализираат во мешани групи, тие соработуваат на поединечни проекти, кои се краткорочни и не опфаќаат

голем дел на жените од општеството. Не постои синхронизиран пристап, пристап кој ќе се основа на човековите права, пристап кој е со долгорочна визија за креирање на социјална кохезија туку сите иницијативи се еднократни за потребите на проектот што доведува кон креирање погрешна перцепција за граѓанските организации нивните активности.

На локално ниво во областа на образованието се случува обратното на социјална кохезија, односно иницијативи за разделба на училиштата пример на средните училишта во Куманово кои физички и правно се поделени. Овој процес за неколку години креира еден паралелизам во градот со невидлива поделба на социјалниот живот, сигурни зони на движење и др.
Поделбата на здруженијата продолжува преку основање на посебни здруженија на родители, вработени, спортски и рекреативни здруженија кои функционираат само за една етника припадност и кои креираат паралелен свет на делување.
Жените не покажаа иницијативи за масовно мобилизирање, протести или не искажаа став за поделбите кои се случуваа во тој период во 2001 година во Куманово.

Оваа истражување не ги покрива други области жените се соединуваат за работа во бизнисот, државните институции и др.

**Испорака на услуги**

Женските организации се успешни во брзата реакција и испораката на услугите на жените и децата за време и по завршувањето на конфликтот. Тие многу брзо да се мобилизираат и одговорат на потребите на жените, раселените лица, едукација и нудење на психо социјална помош на жените и децата. Во Куманово, оваа функција е најмногу спомената и жените најмногу се горди. Потенцијални објаснувања за доминацијата на оваа функција се следни: Во Куманово жените биле дел од кризниот штаб, тие биле рамноправни партнери заедно со општината во процесот на нудење на помош на жителите на гардот особено жените, за разлика од Тетово каде што не доминира овој дискурс, женските организации односно лидери самоволно се вклучуваат во веќе постоечките иницијативи за делење на хуманитарна помош. Втората причина е поврзана со иницијалната мотивација на многуте жените и во двата града а тоа е да им се помогне на жените, нивните роднини и блиски луѓе, првенствено предводени од алтруизмот. Понатамошна причина се и меѓународните донаторски организации и фондации кои им пристапуваат на женските организации и ги вклучуваат во реализацијата на заеднички активности, најчесто прв фокус на меѓународните организации е

нудењето на услуги како што се хуманитарна помош, демобилизација и реконструкција на местата опфатени со конфликт.

Ефикасната реализација на оваа функција обезбедува услови за реализација на другите функции, но сепак претставува и неколку ограничувања:

- Заробување на активностите на женските организации на ниво само на нудење на услуги, креирањето на лажна перцепција дека здруженијата нудат вработување и се за индивидуален профит на лидерот или вработените кои се таму
- Работата на организацијата е базирана само на финансирани проекти а не на постојани програмски активност
- Проектите се базираат врз основа на приоритетите на меѓународната организација а не на локалната средина
- Намалување на можностите на граѓанските организации да се развиваат во други области како на пример мониторирање и застапување

Функциите во кои женските организации се помалку ефикасни се заштита, мониторинг, застапување и фацилитација. Причини за оваа кои може да се наведат се следните:

- Слабо развиен граѓански сектор особено во периодот за време на 2001, процесот на нивниот развој е прелиминарно под влијание на националните и меѓународните организации
- Ниско ниво на национално обединување на платформите и лобирање за вклучување на жената во процесите на градењето на мир
- Националните платформи на жени се фокусираат на еманципација на жената, едукација и лобирање за семејно насилство, кои не значително се вклучуваат теми за градењето на мир
- Ниското ниво на вклученост на таргет групата на жени од руралните средини, најголем дел на жените кои учествуваат во активностите на женските организации се жените кои веќе сакаат да бидат дел од активности но не значително
- Недостаток на знаења, вештини за мониторирање на имплементацијата на мировниот договор

**Мониторинг**

Недостатокот на мониторинг функцијата има значајно влијание врз процесот на креирање на мир.

- Ниско развиени компетенции и капацитети на женските организации за мониторинг, особено за мониторинг на мировниот процесот и имплементацијата на мировниот одговор.
- Политичка поларизација, етничката поделба на здруженијата дополнително го отежнуваат просторот за делување на здруженијата.
- Немањето на простор за делување, локалната и националната власт немаат доволно сензибилитет за граѓанските здруженија, креирање на услови и простор за нивното делување

**Застапување**

Работата на женските организации за застапување се насочува кон лобирање за поголема застапеност на жените во јавниот живот, сепак не доволно успешни се покажуваат за застапување на жената во процесите за градењето на мирот.

За неуспешноста на извршувањето на оваа функција ги наведувам следните причини:

- Недостиг на женска перспектива и мејнстреминг во активностите реализирани на локално ниво од страна на локалната самоуправа во периодот по 2001 година
- Недостасување на обучен кадар и капацитет на локалните организации за мониторинг и застанување на женските интереси и потреби во пост конфликтната ситуација за жените од руралните средини
- Еден од недостатоците на Кумановниот модел на соработка помеѓу женските организации и општината е дека самите организации стануваат имплементатори на активностите и немаат простор и време да влезат во улога на критичари или коректор на локалната власт
- Недостиг на иницијативи за лобирање за време на преговорите, вмрежување на жените за мир, лобирање на мировни преговори, сето оваа наведува на ниско ниво на организираност на жените на национално ниво
- Немаат воспоставено систем на систем за мониторирање на имплементацијата на Охридскиот Рамковен Договор
- Недостиг на активности со руралните жени опфатени со конфликтот, нивното испитување и интервјуирање, собирање на податоци од терен заедно со индивидуални стории. Немање на информации но и систем како да пријават прекршување на нивните права, семејно насилство и др.

**Фацилитација**

Најмногу е присутна во Куманово, за Тетово нема податоци дека граѓанскиот сектор или меѓународниот сектор е вклучено во реализација на истата.

**Теренското истражување позитивно ги потврдува сите три хипотези:**

**Хипотеза 1. Ефикасноста на женските организации во извршувањето на нивните функции за градење на мир влијае врз одржливоста на мирот во локалната средина**

Организациите на жени половично ги извршуваат нивните функции, заради не комплетноста на извршувањето на функциите квалитетот за градењето на мирот е намален, обично опишан и проследен со етнички тензии и креирање на паралелизам наместо соработка.

**Хипотеза бр. 2 Поголема вклученост и влијанието на жените во градењето на мир влијае врз одржливоста на мирот во локалната средина**

Вклученоста на жените е не значајна во локалната средина или националната средина за процесот на градење на мир, не е инклузивни и нема доволно простор креирано за жените да бидат консултирани и вклучени како активни партнери во процесот на градење на мир. И покрај тоа што Националниот акциски план за реализација на Резолуцијата 1325 повикува на на поголемо вклучување, недостасуваат податоци како и кога жените се вклучуваат.

**Хипотеза број 3. Исклучувањето на жените во процесите на градењето на мир во локалната средина влијае врз зголемување на тензиите помеѓу етничките заедници**

И во Куманово и во Тетово жените не учествуваат како рамноправни партнери во процесите за градењето на мирот. Бидејќи најголем дел од процесите се одвиваат на национално ниво и се централизирани жените не се вклучени во консултации ниту пак во имплементацијата на мировниот договор. Улогата на женските организации е во соло функција и најчесто е подржана од меѓународните организации.

## 6. Заклучок и препораки

Жените за време на 2001 година и неколку подоцна се покажуваат како вистински херои кои се обединуваат се со цел да се помогне на сите жените кои се опфатени со конфликтот. Тие првенствено пристапија како мајки, локални и национални неформални лидери кои активно се вклучија во промовира на вредностите на мир преку вршење на влијанија во нивните средини и заедници.

Тие не себично се вклучуваат во акции, проекти, иницијативи кои имаат за цел промоција на мир, тие се здружуваат со цел да добијат на моќ без разлика на индивидуалните ставови и несогласувања, мисијата и визијата за мир беше пред се доминираше.

Борбата за женски права, родова еднаквост и политичкото зајакнување на жената се неколкуте области кои ние направија разлика во текот на овие години 2001-2008.

Од спроведеното истражување може да се заклучи следното:

**Процесот на градење на мир во РСМ** во период од 2001 до 2008 година не е инклузивен, на централно и делумно на локално ниво. Не вклучува родовата перспектива и не ги адресира родовите прашања и проблеми настанати од конфликтот. За исклученост ана жените може да се наведат следните причини:

- Традиционалниот пристап на градење на мир доминира за време на овој период, преговорите за мир претежно беа предводени од страна на мажите.
- Ниско ниво на лобирање и мобилизација на женските лидери и женските организации за вклучување во процесите на преговарања, имплементација на мировниот договори и др, Оваа е директна последица од не доволно развиениот граѓански сектор, недостаток на политики за вклучување на жените во мировните процеси на пример Резолуцијата 1325 е усвоена во 2000 но сепак резултатите покажуваат дека во РСМ првиот акциски план за имплементација на Резолуцијата 2315 започнува дури во 2012, понатаму недостасуваат политики за генерално вклучување на жените во областите ан политиката, вработувањето, и др.

И покрај исклученоста на жените во формалните процеси за градење на мир тие своеволно се вклучуваат во локалните неформални процеси кои ги иницираат или пак директно вршат влијание.

**Женските организации се успешни** кога се работи на нудење на брза и ефикасна хуманитарна помош, психо социјална помош, едукација и зајакнување на жените. Овие активности се многу важни особено за периодот по завршување на конфликтот, но сепак за долготрајноста на мирот потребно е да се работи континуирано во градењето на капацитетите на жените за поттикнување на женскиот активизам и градење на мирот во самата заедница. Тие успешно ја извршуваат фунцкијата на испорака на услуги и во Куманово и во Тетово, како и социјализацијата.

Сепак, женските организации имаат делумна ефикасност во процесот на градење на долготраен мир, промовираат култура на мир и градење на доверба преку краткорочни иницијативи и активности но сепак нивното влијание е само на индивидуално ниво а не и на

општествено ниво. И покрај лимитираните ресурси, безбедносни ризици, високи етнички тензии жените не се откажуваат од нивната посветеност за промоција на мир особено за време на конфликтот и неколку години подоцна.

На локално ниво особено во Куманово, локалните медиуми се партнери на граѓанските организации за промоција на култура на мир и дел од нив се вклучуваат директно во реализација на проекти за мир.

**Најмалку успешни** се во извршување на функциите за фацилитација, мониторинг и застапување и заштита. Состојби и причини кои имаат влијаело во тој период за не целосно извршување на овие функции може да се наведат следните:

*Граѓански сектор*

- Слаб развиен граѓански сектор, најголем фактор за развој на граѓанското општество и женските организации е меѓународната заедница и фондовите, што има директни последици на креирање на здруженија кои се основани на приоритетите на меѓународната заедница а не да одговорат на потребите на локалната средина.
- Граѓанските организации стануваат зависни од меѓународните организации од друга страна соработката со бизнис заедницата и локалната самоуправа не е на задоволително ниво за лобирање за мир и градење на мир
- Не развиени капацитети за лобирање и застапување на жените, процесите и пристапите за застапување за вклучување на жените во мировните процеси не само за време на преговорите но во периодот и потоа и можноста имплементацијата да биде родова сензитивна на пример. Областа на вработување со воспоставување на родови квоти особено кај помалите етнички заедници
- Ниско ниво на свесност за демократско учество на жените, младите и здруженијата на локално и национално ниво од страна на државните институции како и самите здруженија, пример е општина Тетово која што нема воопшто воспоставено соработка со ниедна граѓанска организација а особено и женските здруженија
- Не препознавање на нивната улога како партнери во процесите за градење на мир како и земање на родовата перспектива заради не постоење на јавни политики кои тоа го охрабруваат како свесност кај јавната администрација и политичките лидери

- Не препознавање и мапирање на искуствата, практиките и знаењата кои жените лидери ги имаат од нивното директно искуство во работата со локалното население во однос на процесите за градење на мир и доверба
- Не постои одржливост на женските организации тие се оставени сами на себе да опстанат без ресурси, простории за работа и препознаеност на нивната работа локално или национално
- Искуствата и знаењата на женските организации се базираат врз основа на женските лидери а не на самата организација, нема процес на пренесување на знаења и вештини на младите кадри и обновување на човековите ресурси
- Кривата на женските организации највисока е во текот на 2001 до 2005 година по тој период почнува надолу заради намалувањето на донаторските организации, програмите кои охрабруваат развој на граѓански организации, новиот закон за пререгистрација на здруженијата
- Недостасува бунтовен женски активизам за мир, жените кои ќе лобираат и застапуваат женските прашања во локалната средина и националната средина, кои ќе лобираат да им се слушне нивниот глас и да добијат место во процесите на одлучување.

*Имплементацијата на Охридскиот Рамковен Договор*

- Сите одредби за имплементацијата на Договорот се централизирани
- Ниска соработка на централната власт со локалната во однос на мерење на успешноста за имплементација на одредбите и нивните ефектни во локалната средина
- Немање на систем за мониторирање на постигнувањата од имплементацијата на договорот особено од страна на граѓанските здруженија
- Не вклучување на граѓанскиот сектор во процесите на градење на мир од страна на државата, ниско ниво на соработка локалната власт како и на националната власт со граѓанскиот сектор. Делумна соработка се воспоставува кон 2007 година, која сеуште е во раст и развој

*Не постоење на интегриран пристап за градење на мир*

- За процесот на градењето на мир во РСМ од периодот 2001 до 2008 година недостасува долгорочна визија составена од сите лидери нивоа на општеството која ќе придонесе кон градење на долгорочен и одржлив мир

- Процесите за социјална кохезија и градење на доверба претежно беа предводени од страна на меѓународните организации и граѓанските здруженија без многу јавна или пак  институционална или политика поддршка, што оневозможува градење на база за долгорочен мир.
- Не постоење на процес за помирување  и транзициска правда за сите воени злосторства направени во 2001 година
- Поделените моно етнички здруженија дополнително го отежнуваат процесот на создавање на социјален капитал и рол модел за младите девојчиња и жени. Дополнително влијае врз воспостапување на параплелни светови на функционирање на локалната заедница наспроти интерцултурално општество

*Слаба институционална поддршка на граѓанскиот сектор*

- Во 2001 до 2007 постои многу лимитирана поддршка и соработка помеѓу Владата на РЦМ и граѓанскиот сектор.  Граѓанскиот сектор ретко е консултиран за одлуки и промена на политики од јавен интерес, секогаш е направено преку фацилитација на меѓународната заедница.
- Недостаток на финансиска  и институционална поддршка за граѓанските организации на локално ниво

## Генерални препораки  од истражувањето

И покрај тоа што конфликтот е завршен и мировниот Договор во најголем дел е имплементиран, 20 години поминаа од потпишувањето на Договорот. Податоците на оваа истражување покажуваат дека сеуште постојат тензии и нетолерантност помеѓу етничките заедници во локалната заедница,  тоа особено беше изразено како голема загриженост за "иднината"до страна на женските лидери, особено што денешните млади немаат меѓусебни контакти. Помалите етнички заедници имаат чувство на обесправеност и заборавеност.
Овие податоци не водат кон тоа дека процесот на градење на мир не е завршен во РС. Македонија, што значи и понатаму потребно е да се продолжи во директна работа на оваа тема иако во последно време има уште неколку организации/ меѓународни организации  кои работат на оваа проблематика особено во образованието, младите и др.

Базирано врз податоците на оваа истражување ги предлагам следните препораки:

- Основање и финансирање  на програми за раст и развој на женските организации особено на основање и развој на мулти етнички здруженија кои ќе работат на зголемување на родова застапениот и вклучување на помалите етнички заедници на пример Роми.
- Продолжување на работата во процесите за градење на мир особено вклучување на руралните жени и поддршка за основање на рурални женски здруженија. Голем дел од женските здруженија известуваа дека моментално работат на борба кон насилниот екстремизам, потребно не само религискиот аспект да се вклучи и етничкиот аспект и развојот на национализмот кај сите етнички заедници.
- Работа а меѓу религиски дијалог особено со жените претставници од различните религиски групи на долгорочно ниво
- Раст и развој на лидерските способности кај жените, особено на жените кои се дел од политичките структури за процесите за градење на мир и доверба, за лобирање за женските интереси и потреби без разлика на нивната етничка, религиска, партиска припадност
- Развој на акциски планови за имплементација на Резолуцијата 1325 кои ќе вклучуваат повеќе детали и планови како жените ќе се вклучат во процесите за градење на мир во земјата
- Развој на капацитетите на женските организации за поголемо мониторинг на мировните договори, за застапување и лобирање за жените на локално и на национално ниво

**Ограничувања на истражувањето**

- Не вклучува анализа на сите локални актери кои имаат придонесено за градењето на мирот, хуманитарните организации не формалните лидери кои директно имаат придонесено ви процесите на градење на мир.
- Анализа на меѓународните организации и националните фондации кои директно имаат придонесено врз развојот на граѓанскиот сектор
- Немање на ресурси за потенцијално да се организира работилница за собирање на добрите практики и приказни од жените лидери и споделување на истите во публикација бидејќи за неколку години ќе ги снема

**Препораки за идни истражувања**

- Сеопфатна анализа на улогата на граѓанскиот сектор во периодот од 20 години градење на мир во Македонија, фактори кои поттикнале развој и оневозможиле развојот на граѓанскиот сектор во Македонија
- Понатамошна анализа за квалитетот на мирот во Македонија, особено што од многуте испитаници беше наведено дека денешната ситуација не е задоволителна, анализа на причините и нудење на пристапи кои може да се користат за промена на ситуацијата
- Анализа и истражување со младите и можностите тие да се вклучат како активни партнери во градењето на мирот со оглед на тоа дека тие се иднината на една држава
- Мапирање на добрите практики од индивидуалните женски лидери за градењето на мирот, бидејќи моментално е само индивидуално искуство кое е со нив
- Анализа на државните институции, нивото на компетенции на државните администрација за меѓукултурните сензитивност и учење

## Лични искуства и перспективи од авторот

Градењето на мирот основан од страна на женските организации има влијание не само на жените и младите девојчиња туку и кај мене лично како граѓанин на општина Куманово.
Како средношколец, жена, албанка бев сведок на процесот на развој на мирот во мојот град Куманово кој се одвиваше многу години. За време на моето детство и рана адолесценција живеев во меѓуетничка средина, каде што јазикот и етничката припадност не беа пречка да бидеме едно големо семејство во зградата кај што живеевме албанци, срби, хрвати и роми.
За време на 2001 година лично ги почувствував ефектите од конфликтот во самиот град, исплашеноста на моите родители, немањето вода за неколку месеци, уништувањето на нашата куќа во село Ваксинце, сеуште се ежам на звукот на хеликоптерите кои како дете ги гледав ни прозор и знаев дека се упатени во моето село, селото каде што е моето детство, се беше уништено за само неколку денови. Пакувањето на целото семејство во една торба и животот како раселено лице за еден месец во Косово. Овие се неколку моменти кои засекогаш ќе останат со мене.

По 2001 година, за мене се беше различно од тоа што беше пред тоа за многу причини. Бев сведок на процесот на поделбата на училиштата каде што првата година од моето средно училиште го поминавме во Гимназијата во Куманово, единствена гимназија на сите млади средношколци без разлика на етничката припадност. За неколку месеци моето училиште стана нај не безбедното место во градот заради партиски пресметки и политички цели на мажите. Три години од моето средно образование продолжија во трета смена во рамки на просториите на едно основно училиште, со скратени часови и намален број на часови. Голем дел од соучениците се соочуваа со последиците од конфликтот, немање на постојан превоз до улиштето, безбедна куќа за живеење, доживување на пост трауматски стресови, поминување на чек појнтс секогаш кога го напуштат селото и др.

Како ученик на првата генерација на билингвална меѓуетничка паралелка на Француски Јазик, настрада и оваа програма , не успеавме целно да се заврши од причина што нашите со ученици од македонската паралелка многу ретко ги среќававме, односно се беше по различно за нас по 2001 година на нашиот прв час по француски јазик кој се случи година подоцна. Визијата за заедништво наеднаш ја снема, негувањето на соживотот и почитта кон другите се замени со многу страв кон другиот, чувството на загрозеност на мојата лична безбедност, слушањето на говорот на омраза дополнително го отежнуваше овој процес. Сепак мојата визија за добар

соживот научена од моето семејство не престана, туку се обнови во 2003 година како средношколец се приклучив на работилници за врсничка медијација каде што запознав голем број на пријатели и соученици од различна етничка припадност.  Програмите кои ги следев со месеци беа фацилитирани од страна на жени кои станаа мој идол за лидер и меѓуетничка соработка и кои дефинитивно влијаеа врз мојот избор на кариера.  Во организацијата каде што волонтирав ми се даде можност да учам и развивам многу вештини, фацилитација, лидерство,  ненасилна комуникација и медијација,  работа во меѓуетнички тимови, пишување на грантови и реализација на меѓуетнички активности. Најважното влијание е развојот на пријателствата со кои до денес  ми се нај блиските пријатели за кои не постојат етничките граници.

Животот ми се смени во различна насока од моите средношколски соништа,  ми стана многу по забавен, интересен и различен за разлика од моите со ученици кои не беа дел од ваквите иницијативи.

А заслуга за оваа имаат жените лидери во Куманово, кои беа мој идол, мој ме обучуваа со вештини што училиштето не ми ги понуди, кои покажаа дека меѓуетничка соработка е можна и потребно е да се стремиме кон заедничкото работење. Сакам да истакнам дека без развојот на  неформалното образование, проектни активност финансирани од страна на меѓународните донатори оваа не можеше да се случи.

Пријателството, посветеноста на меѓуетничките односи и ентузијазмот на една млада жена дека направи промена во околината кај што живее беше мојата нова визија, да бидам јас нов рол модел на новите млади девојчиња и инспирација за меѓуетничка соработка.  Во периодот од 2010 до 2012  бев во  раководна функција на меѓуетничка младинска организација, за време на која основавме на младински центар Multi Култи кој веќе 10 години стана бренд за младите и меѓуетничката соработка во Куманово.

Поттик за сето оваа беа жените лидери кои како средношколка ме инспирираа, од кои учев што е стереотип и предрасуда и кои го убедуваа татко ми дека е во ред да ме пушти да одам на семинар во Охрид сама, за неколку години подоцна јас бев таа што ги убедував родителите на младите Албанки да ги пуштат на мултиетнички работилници и семинари.

Од мојата лична приказна можам да извлечам неколку заклучоци, а тоа пред се конфликтот или војната ги уништува соништата на многу млади девојчиња и жени, од особена значајност се жените лидери и нивната работа  со младите девојчиња, да им бидат нивни рол модели, да ги охрабруваат и зајакнуваат нивните капацитети да им помогнат за изградат нова визија.

Потребно е да се има долготрајна визија и за истата да се работи, да се работи на долготрајни активности кои имаат за цел развој на капацитетите и менторство а не само како учесници. Училиштето има огрома улога во моделирањето на процесот на градењето на мир, граѓанскиот сектор дополнува со нивната работа. Во текот на тезата аргуметирам дека потребно е граѓанскиот сектор да има влијание врз општеството а не само на индивидуата, токму оваа е мојата приказна за влијанието на жените и граѓанските организации на промените на мојот живот, мојата визија, и животениот тек.

15 јули, 2020

Линдита Реџепи

## Користена Литература


Aaron, J. J. (2004). *JSTOR.* Преземено јули 2020 од Reviewed Works: Feminist Perspectives on Ethics by Elizabeth Porter; Three Challenges to Ethics by James Sterba; Discourse and Knowledge by Janna Thompson: https://www.jstor.org/stable/3811155?read-now=1&seq=1#page_scan_tab_contents

Anderlini, S. N. (2018). *The Better Peace Tool .* International Civil Society Action Network.

Andrelini, S. N. (2007). *Women Building Peace, What they Do, Why it Matters.* Lynne Rynner Publishers.

Arsenov, L. (2013). *UN Women Proekt: Zajaknuvanje na implementacija na Rezolucijata na Sovetot na Bezbednost 1325 za zenite, mirot i bezbednosta.* Sveti Nikole: Organizacija na zenite na Sveti Nikole.

Влада на РМ. (2007, јануари). *НВО Соработка.* Преземено септември 2020 од Стратегија за соработка на Владата со граѓанскиот сектор: https://www.nvosorabotka.gov.mk/sites/default/files/Strategija_za_sorabotka_na_Vladata.pdf

Влада на РСМ. (2015). *Секретаријат за Спроведување на РОД.* Преземено април 2020 од ПРЕГЛЕД НА ОХРИДСКИОТ РАМКОВЕН ДОГОВОР ЗА СОЦИЈАЛНАТА КОХЕЗИЈА.

Bell, C. (2015). *Text and Context Evaluating peace agreements for their gender perspectives .* UN Women .

Berghof Foundation . (2019). *Berghof Glossary on Conflict Transformation and Peacebuilding 20 essays on theory and practice .* Berghof Foundation .

BPI. (н.д.). *The better Peace Initiative*. Повратено од https://icanpeacework.org/our-work/better-peace-initiative/

СОЖМ. (н.д.). *СОЖМ*. Преземено април 2020 од http://www.sozm.org.mk/index.php?option=com_content&view=article&id=1&Itemid=5&lang=mk

Стојановски, С. (2018). *Граѓанско Општество.* Штип: Универзитет Гоце Делчев Штип.

Coning, C. d. (2016). From peacebuilding to sustaining peace: Implications of complexity for resilience and sustainability. *Journal Reselience Vol 4, Issue 3 .*

Coomaraswamy, R. (2015). *Transforming Justice, Securing the Peace. A Global Study on the Implementation of United Nations Security Council Resolution 1325 (2000).* Преземено април 2020 од UN Women: http://wps.unwomen.org/pdf/en/ GlobalStudy_EN_Web.pdf

Council of Foreign Relations. (2020, March 5). *Women's Participation in Peace Processes.* Повратено од https://www.cfr.org/womens-participation-in-peace-processes/

Disney, A. (Режисер). (2008). *Pray the Devil Back to Hell* [Филм].

Fischer, M. (2006, October). *Civil Society in Conflict Transformation: Ambivalence, Potentials and Challenges.* Преземено септември 2020 од https://www.berghof-foundation.org/fileadmin/redaktion/Publications/Handbook/Articles/fischer_cso_handbook.pdf

FOSIM. (2002). *Annual report 2002.* Skopje: Foundation Open Society Institute Macedonia .

FOSIM. (2017). *25 years of FOSIM in Macedonia, video on development of civil society in Macedonia.* Преземено септември 2020 од FOSIM: https://fosm.mk/en/about-us/25-years-fosm/

Friedrich Ebert Stiftung. (2008). *Power Sharing and the Implementation of the Ohrid Framework Agreement.* Skopje: Friedrich Ebert Stiftung- Office Macedonia.

Grewal, B. S. (2003). *Johan Galtung Positive and Negative Peace.* Преземено March 2020 од Active for Peace: http://www.activeforpeace.org/no/fred/Positive_Negative_Peace.pdf

НВО Инфор Центар. (2018, Мај). Преземено септември 2020 од https://nvoinfocentar.mk/en/istrazuvanje-opstinski-inspekciski-nadzor-problemi-i-predizvici/

Hancock, L. (February 2011). There is No Alternative: Prospect Theory, the Yes Campaign and Selling the Good Friday Agreement. *Irish Political Studies* , 26(1), 95–116.

Јаковлеска, Г. (2003). *Адресар на граѓанските организации во Македонија.* Скопје: МЦМС.
Кацарска, С. (2008). *Граѓанските организации во Република Македонија – врска помеѓу државата и јавноста или изолиран ентитет? Анализа на состојбата во периодот 1990–2007.* Скопје: Македонски Центар за меѓународна соработка МЦМС.
Lederach, J. P. (1998). *Building Peace: Sustainable Reconciliation in Divided Societies.* United Nations Univeristy.
МЦМС. (2001). *Македонски Центар за Меѓународна Соработка МЦМС.* Преземено мај 2020 од AID: https://mcms.mk/aid/finalmk/humaninf/vilreg0710.htm
МЦМС. (2003). *Годишен извештај 2003 година.* Преземено април 2020 од https://mcms.mk/images/stories/publikacii/MCMS%20Godisen%20izvestaj%202003.pdf
МТСП. (2012). *Жените, мирот и безбедноста Предлог национален акциски план на Република Македонија за имплементација на Резолуција на ОН 1325.* Скопје: Министерство за труд и социјална политика.
MCMS. (2001). *AID Macedonia*. Преземено април 2020 од MCMS: https://mcms.mk/aid/finalmk/humaninf/huminfo.htm
Newman, E., Ronald, & Oliver Richmond . (2009). *New perspectives on liberal peacebuilding.* United Nations Univeristy Press.
Norwegian Refugee Council . (2004). *Profile of internal displacement: Macedonia Compilation of the information available in the Global IDP.* Norwegian Refugee Council .
OSCE. (2001, August 13). *OSCE Mission in Skopje.* Преземено април 2020 од Ohrid Framework Agreement: https://www.osce.org/skopje/100622
OSCE. (2016). *Building Sustainable Peace and Democracy, OSCE Experiences in South Eastern Europe* . Vienna : Organisation for Security and Co-opertion in Europe .
Paffenholz, T. (2010). *Civil Society and Peacebuilding - a critical assessment.* Lynn Reinner Publishers.
Paffenholz, T. (2016). *Civil Society and Peacebuilding* . Geneva : The Center on Conflict, Develoment and Peacebuilding .
Paffenholz, T., Nick , R., Steven , D., Schluchter, A., & True, J. (2016). *Making Women Count- Not Just Counting Women: Assessing Women's Inclusion and Influence on Peace Negotiations.* UN Women and Inclusive Peace and Transformation Initiative .
Paris, R. (2004). *At war's end.* Cambridge Univeristy Press.
Sara Batmanglich. (2018). *OCED Directorate* . Преземено март 2020 од What are different methods to measure aid flows for preventing fragility, conflict and violence and for sustaining peace?: https://www.oecd-ilibrary.org/sites/9789264302075-9-en/index.html?itemId=/content/component/9789264302075-9-en
Search for Common Ground. (2015, June 1). Преземено април 2020 од https://www.sfcg.org/mozaik-education-macedonia/
Stankovski, B. (2019). *Peacemaking and Constitutional Change: Negotiating Power-sharing Arrangements and Identity Issues The Republic of (North) Macedonia and The Ohrid Framework Agreement.* Berlin : Berghof Foundation Operations .
The 2030 Agenda. (2015). *UN Sustainable Development Goals*. Преземено Март 2020 од Wikipedia: https://en.wikipedia.org/wiki/Sustainable_Development_Goals
Tickner, J. A. (2019). Peace and Security from Feminist Perspective . Во S. E. Davis, & T. Jacqui, *The Oxfort Handbook on Women, Peace and Security* (стр. 1-13). Oxford: University of Oxford .
True, S. E. (2018). Women, Peace, and Security: A Transformative Agenda? Во *The Oxford Handbook of Women, Peace, and Security.* Oxford, UK: Oxford University Press.
UN Secretary General. (1992). *An agenda for peace : preventive diplomacy, peacemaking and peace-keeping : report of the Secretary-General* . Преземено March 2020 од UN Digitallibrary: https://digitallibrary.un.org/record/144858?ln=en
UN Sustainable Development Group. (2017, January ). *What does " sustaining peace" mean?*

UN Women. (2000). *UN Security Council resolution 1325 on women and peace and security (2000).* Преземено јули 2020 од https://www.unwomen.org/en/docs/2000/10/un-security-council-resolution-1325
UN Women. (2018). *Women's meaningful participation in negotiating peace and implementation of peace agreements reports of the expert group.* New York: UN Women.
Uppsala Conflict Data Program. (н.д.). *Definitions, sources and methods for Uppsala Data Program battle deaths estimates.* Преземено March 2020 од https://ucdp.uu.se/downloads/
USAID North Macedonia. (2019). *Gender Analysis Report .* Skopje: USAID North Macedonia.
Wallensteen, P. (2019). *Understanding Conflict Resolution .* SAGE Publication .
Wallensteen, P., & Joshi, M. (2015). *Understanding Quality Peace after Civil War .* Reoutlege Tayor and Francis Group.
Wikipedia. (2020, September 4). *Content Analysis*. Преземено септември 2020 од https://en.wikipedia.org/wiki/Content_analysis
Wikipedia. (н.д.). *Mothers of the Plaza de Mayo*. Преземено март 2020 од https://en.wikipedia.org/wiki/Mothers_of_the_Plaza_de_Mayo
Wikipedia. (н.д.). *Peace Research Institute Oslo* . Преземено March 2020 од https://en.wikipedia.org/wiki/Peace_Research_Institute_Oslo
Williams, P. (2008). *Security Studies: An Introduction .* Routledge Taylor and Francis Group .
World Bank & UN. (2018). *Pathways for Peace: Inclusive Approaches to Preventing Violet Conflict.* New York: World Bank and United Nations.
World Economic Forum. (2013, January). *The Future Role of Civil Society.* Преземено септември 2020 од http://www3.weforum.org/docs/WEF_FutureRoleCivilSociety_Report_2013.pdf

# Прилози

Прилог број 1. Прашања за интервју

1. Како би ја оцениле улогата на жените во С. Македонија за градење на мирот по 2001?
2. Што застапувавте тоа време за поддршка на жените во С.Македонија?
3. За кои прашања бевте консултирани за меѓуетнички односи?
4. Според вашето мислење што придонесе Охридски рамковен договор за жените во земјата?
5. Од денешна перспектива, кое е вашето мислење за Охридски Рамковен Договор и неговата имплементација? Кои беа успешните и не успешните придонеси за жените во земјата?
6. Кој беше (не)придонесот на гранскиот сектор во имплементација на договорот во локалните средини?
7. По скоро 20 години поминати од конфликтот, моментално како би го оцениле (1-5) квалитетот на мир во локалните средини кои беа опфатени со конфликт?

Прилог број 2. Прашања за фокус групи

1. Која беше позицијата на жената во градењето на мир по 2001?
2. Што придонесе периодот по 2001 за жените во вашата заедница?
3. Колку жените беа консултирани или учествуваа во имплементацијата на Рамковниот договор?
4. Набројте неколку активности кои сте ги реализирале за градење на мир во 2001 помеѓу жените во вашата заедница. Кои области работевте?
5. Со кого соработувавте на локално ниво? Со кои предизвици жените се соочуваа во тоа време?
6. Од денешна перспектива, кое е вашето мислење за Охридски Рамковен Договор и неговата имплементација?
7. Според вашето мислење што придонесе Охридски рамковен договор за жените во вашата заедница?
8. Како би го оцениле квантитетот на мир во денешно време во земјата со оценка од 1 до 5, и образложете зошто?

Прилог број 3. Формулар за согласност за фокус група

**СОГЛАСНОСТ**

Фокус група, 24 декември 2019

Куманово

Во рамки на изработка на магистерски труд изработен од Линдита Реџепи, ментор проф. д-р. Лидија Георгиева на тема: Улогата на жените во постконфликтно градење на мирот: примерот на Република Северна Македонија. Трудот е официјално одобрен од Филозофски Факултет при Универзитетот Свети Кирил и Методиј - Скопје.

Сопственикот Линдита Реџепи гарантира дека личните податоци, записникот и аудио визуелниот запис од оваа фокус група ќе бидат заштитени и користени за само за магистерскиот труд.

Јас се согласувам, моите одговори на фокус групата да се користат за научна цел само за магистерскиот труд.

| Име презиме | Организација | Контакти | Потпис |
|---|---|---|---|
| | | | |
| | | | |
| | | | |
| | | | |
| | | | |
| | | | |
| | | | |
| | | | |
| | | | |
| | | | |
| | | | |
| | | | |
| | | | |

Прилог број 4. Формулар за согласност за интервју

## СОГЛАСНОСТ ЗА ИНТЕРВЈУ

Во рамки на изработка на магистерски труд изработен од Линдита Реџепи, ментор проф. д-р. Лидија Георгиева на тема: Улогата на жените во постконфликтно градење на мирот: примерот на Република Северна Македонија. Трудот е официјално одобрен од Филозофски Факултет при Универзитетот Свети Кирил и Методиј- Скопје.

Сопственикот Линдита Реџепи гарантира дека личните податоци, записникот и аудио визуелниот запис од оваа интервју ќе бидат заштитени и користени за само за магистерскиот труд.

Јас ______________________________________број на телефон __________________и емајл адреса _____________________се согласувам, моите одговори на интервју да се користат за научна цел само за магистерскиот труд.